# ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА IV ГОДИНА

**за средни стручни училишта**

***Автор:***
Гордана Трајкова Костовска

***Рецензенти:***
д-р Емиљ Сулејмани
Весна Стефановска
Гордана Арсовска

***Лектор:***
Виолета Јовановска

***Технички уредник:***
Гордана Трајкова Костовска

***Компјутерска обработка:***
Маја Цветкова

***Издавач:***
Министрство за образование и наука на Република Македонија

***Печати***:
Графички центар дооел, Скопје

***Тираж***:
9.200

Со решение на Министерот за образование и наука на Република Македонија бр. 22-4250/1 од 28.07.2010 година се одобрува употребата на овој учебник

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св.Климент Охридски” , Скопје
316(075.3)
ТРАЈКОВА Костовска, Гордана
Граѓанско образование за средни стручни училишта / Гордана Трајкова Костовска. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Македонија, 2010. - 119, [7] стр. : илустр. ; 30 см
Терминолошки речник: стр. [120-123]. - Библиографија: стр. [126]
ISBN 978-608-226-092-1
COBISS.MK-ID 84256778

# Вовед

Учебникот по Граѓанско образование е наменет за учениците од средните стручни училишта. Во него се обработени содржини од шест тематски целини кои се однесуваат на взаемната поврзаност помеѓу општеството и поединецот.

Содржината е распоредена како основен текст и е во функција на стекнување на основни знаења, но и како дополнителен текст кој е во функција на дообјаснување, проширување на знаењата кај учениците.

Основната содржина е збогатена со слики, карикатури, графикони кои го дообјаснуваат основниот текст. Тие му даваат на учебникот поголема прегледност.

Сите делови на содржината се означени со посебни знаци. Еве кои се тие.



## ЧОВЕК, ОПШТЕСТВО, КУЛТУРА



Човекот како природно и општествено суштество...1
Личноста и општеството ...8
Како ги истражуваме личноста и општеството ....10
Култура...12
Културен идентитет, културен релативизам, етноцентризам ...16
Вредности, норми, обичаи ...20
Религија...21
Социјализација ...24
Општествени отстапувања (девијации)...27

## ОПШТЕСТВЕНО ГРУПИРАЊЕ



Јас меѓу другите ...30
Општествени улоги ...33
Групите во општеството ...35
Семејство ...38
Положбени групи (слоевитост и мобилност) ... 40
Етнички групи ...42
Полови и родови разлики ...44

## ЈАС ГРАЃАНИНОТ



Што сме како граѓани и државјани ...48
Што е власт и зошто служи ...50
Основни права и слободи на човекот ...53
Граѓански и политички права и слободи... 55
Економски, социјални и културни права... 58
Демократија и нејзините основни карактеристики... 62
Демократска држава и други форми на државно уредување ..64
Граѓански здруженија ...67
Политичко претставување – избори..70
Политички систем на Р. Македонија ...73

## ЈАС, СОПСТВЕНИК, ПРОИЗВОДИТЕЛ, ПОТРОШУВАЧ




Потребите, трудот, производството
 и потрошувачката ...78
Општествена поделба на трудот
и економска специјализација ...80
Сопственост и капитал ...83
Пазарот и парите ...88
Државата и пазарот ... 94
Видови претпријатија ...101


## СОЦИЈАЛЕН ЖИВОТ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА




Население, структура,
движење...104
Демографска политика
(планирање на семејство)...106
Социјална заштита и социјална
политика ...108
Социјално осигурување...110
Екологија –заштита на животна
средина... 112
Хуманитарно дејствување ...113


## НИЕ ВО ЕВРОПА И СВЕТОТ





Современиот свет и негова
глобализација...114
Европа и нејзина
интеграција ...116
Македонија во Европа
и светот ...119




# Човекот како природно и општествено суштество

На прашањето што е човекот, можат да се добијат повеќе одговори. Ако ги прашате биолозите тие веднаш ќе ви одговорат дека човекот (човековото суштество) му припаѓа на видот Хомо Сапиенс и дека негови најблиски сродници се шимпанзата, горилата и орангутаните.

Ваквите тврдења се засноваат на Дарвиновата теорија за еволуција наречена според името на познатиот англиски природонаучник Чарлс Дарвин. Тој открил дека човекот, како и денешните човеколики мајмуни имаат заеднички предци - прамајмуните. Тие во текот на долготрајната еволуција се развивале во две насоки. Едните прераснале во човеколики мајмуни, а од другите се развил човекот.




За биолозите човекот е природно суштество. Тој како и сите други живи суштества се раѓа, ги задоволува своите биолошки потреби, се развива, старее и умира и затоа велиме дека и за него важат законите на природата.

Но, сепак човекот поседува неколку главни обележја кои не се среќаваат дури ни кај најразвиените животински видови. Тие го прават човекот природно суштество од посебен вид.

**Човекот оди исправено.** Исправениот од му овозможува да биде физички активен и поинаку да го осознае светот околу себе.

**Способноста за мислење.** Додека животните во борбата за опстанок се потпираат на своите инстинкти, човекот тоа го постигнува со помош на способноста да мисли и да осознава. Интелигенцијата му овозможува тој да учи, да стекнува знаења, да го истражува и разбира светот на поинаков начин.

**Артикулираниот говор** и употребата на различни знаци, симболи, средства за комуникација му овозможуваат на човекот да соработува со другите луѓе, да ги пренесува знаењата од генерација на генерација.

**Човекот живее во заедници и работи**. Ова не е карактеристично само за човекот. И животните живеат во заедници и работат, но животот на човекот е многу посложен. Се одвива во заедница наречена општеството. Затоа човекот е и општествено суштество. На пример, во едно пчелино семејство постои ред и организација. Работата е поделена и секоја пчела, во зависност од нејзината старост извршува определена задача. Едни ги хранат ларвите, други носат нектар, а останатите го разладуваат сандакот. Но, сето тоа пчелите го прават несвесно.

**Човекот е посебен затоа што тој работи свесно, плански и со однапред поставена цел.**

Во секое општество, без разлика колку е развиено, постојат правила. **Чо-**



*Животот на луѓето е определен од културата.*

**векот ги почитува правилата**. Тие му покажуваат што е добро и корисно за заедницата, а што не и според нив тој го насочува своето однесување.

Само во општество постојат вредности. **Човекот се стреми и настојува да ги оствари вредностите.** Такви се животот, успехот во професијата, правдата, богатството, храброста, вистината и многу други.

**Посебноста на човекот се состои и во поседувањето на морална свест или совест**. За луѓето не е својствено да убиваат, да крадат, да се служат со измама. Тие постапуваат на одреден начин не само затоа што од нив така се бара или затоа што се плашат од казни, туку затоа што се човечни.

Човекот има голем број потреби и за нивно задоволување му се потребни други луѓе. Затоа **тој мора да соработува со другите.** Во училиште, на работно место, во продавница, на гости кај пријатели, на спортски натпревари, културни манифестации човекот е заедно со други луѓе.

**Животот на човекот се одвива во институции.** Тој се раѓа во институцијата наречена породилиште, стапува во институција брак, создава семејство, работи во државна или приватна институција, стекнува знаење во образовна институција, правдата ја бара на суд, а за сторен криминал оди во затвор. Бракот, семејството, фирмите, училиштата, судовите, полицијата, затворите со едно име се нарекуваат општествени институции. Без нив животот во заедницата би бил хаотичен. Тие ги уредуваат односите меѓу луѓето.

### Запомни

Човекот е природно суштество. Живее во природата, ги користи благодетите што му ги дава таа, но создава свој свет кој одговара на неговите потреби, желби и творечки способности. Тој свет може да се нарече општество, култура. И бидејќи само човекот има вакви способности да создава свет по своја мерка, за него велиме дека е посебен, поразличен од сите други живи суштества. Човекот е општествено суштество.

### Провери го и употреби го своето знаење

1. Дали може човекот да живее надвор од општеството?
2. Откриј ја главната идеја во реченицата „Човекот работи, ја менува природата и создава свет по своја мерка”.
3. Денес дарвиновата теорија за еволуцијата на човекот е спорна. Објасни зошто?

# ЛИЧНОСТА И ОПШТЕСТВОТО



*Мојот идентитет е она што ме прави да не сум ист ниту со една друга личност*

Луѓето живеат во општества. Општествата се разликуваат според големината на територијата која ја зафаќаат како и според бројот на луѓе кои живеат на таа територија. Затоа за едни општества велиме дека се поголеми и побројни од други и обратно. За да опстанат во општеството, луѓето треба да соработуваат. Тие сакале или не се упатени едни на други и кога произведуваат храна, и кога градат живеалишта, и кога ги одгледуваат своите потомци. Тие соработуваат во сите области од заедничкото живеење затоа што само така можат да опстанат. Но, се поставува прашањето: како можат луѓето да живеат заедно и да соработуваат кога секој човек е посебна личност, а личностите се разликуваат според темпераментот, образованието, воспитанието, начинот на размислување, животниот стил и сл. За да се одговори на ова прашање треба да се знае дека животот во група е поинаков од личниот живот. Иако луѓето се разликуваат по своите лични особини, сепак, кога треба да постигнат некоја заедничка цел, тие почнуваат поинаку да размислуваат и поинаку да се однесуваат. Заедничката цел ги зближува и тие стануваат многу слични. За нив личните интереси стануваат помалку важни. Поединците ги употребуваат своите лични особини да ѝ помогнат на групата таа да ја оствари заедничката цел.

За да ја постигнат целта, луѓето воспоставуваат заеднички правила на однесување. Не постои област од заедничкото живеење во која не постојат правила. Како ли би изгледал еден фудбалски натпревар ако не постојат правила на играта. Како ли би се движеле возилата и пешаците без сообраќајните правила. Правилата го регулираат животот во општеството и затоа секоја личност треба да научи како да се однесува согласно тие правила.

Честопати поединците не се согласуваат со правилата што ги создава нивното општество зашто сметаат дека тие им го загрозуваат личниот идентитет. Во таков случај тие го изразуваат своето незадоволство на различни начини.

Животот на луѓето во општеството во голема мера зависи од тоа колку се тие подготвени да живеат заедно. Непознавањето на себе и другите е причина за нетрпеливост меѓу луѓето која

може да заврши со непријателство, насилство, па дури и војна.

А како луѓето дознаваат едни за други?

**Преку познавањето на идентитетите луѓето добиваат информации едни за други, формираат точни претстави за себе, се дружат, соработуваат.** На тој начин го зајакнуваат чувството на припадност во заедницата.



Секој човек има идентитет. И ти имаш идентитет и за да го определиш ќе треба да си ги поставиш следните неколку прашања: Кој сум јас? Каде припаѓам? Како се однесувам?

**Твојот идентитет всушност е сè она што те прави да не си ист со ниту една друга личност**. Идентитетот е начин да се препознаеш себе си, какви погледи на светот имаш, какви вредности и норми почитуваш, какво е твоето однесување кон другите луѓе, но и да осознаеш што мислат другите за тебе.

Секој има личен и социјален идентитет.

**Личниот идентитет** е оценката што ја дава поединецот сам за себе (како изгледа, каква личност е, какви желби и амбиции има).

**Социјалниот идентитет** пак го покажува местото и улогата на поединецот како член на некоја група во заедницата. Колку ќе успее да се вклопи во групата, во заедницата, најмногу зависи од неговиот социјален идентитет.

Еве еден пример. Да се обидеме да го утврдиме идентитетот на еден поединец кој живее во Америка, редовно оди на миса во католичка црква, член е на републиканската партија, не работи, оженет, има три деца, а етничкото потекло му е италијанско.

Од примерот може да се заклучи дека поединецот има:

**полов идентитет** - преку кој можеме да утврдиме дали поединецот е маж или жена; **старосен/ возрасен**- преку кој утврдуваме дека поединецот не е дете, туку возрасен, **национален** - од кој дознаваме дека тој е Американец, **етнички** – има италијанско потекло; **верски идентитет** - кој ни открива дека поединецот е католик.

Од податокот дека поединецот е член на републиканската партија дознаваме каков е и неговиот **политички идентитет. Професионалнио идентитет** на поединецот во нашиот пример не можеме да го утврдиме бидејќи тој е невработен, но затоа тој има **семеен идентитет**, бидејќи е оженет и има деца.

Поединецот има и **културен идентитет** бидејќи во американското општество во кое живее постојат одредени вредности, норми, обичаи. Овој вид идентитет е особено значаен. Тој им овозможува на поединците да се чувствуваат како припадници на една култура, да имаат исти или слични склоности, идеи и стремежи, заеднички јазик, обичаи, традиција, вредности, начини на однесување.

**Истражувачка активност**

Откриј го сопствениот идентитет. Опиши што најмногу ти се допаѓа кај себе. Обиди се да ги запознаеш идентитетите на сите оние со кои живееш, се дружиш, соработуваш. Провери колку ги познаваш другите околу себе. Потоа напиши есеј во кој ќе објасниш што е тоа што би го променил во сопствениот идентитет. Утврди дали е потребно да го промениш своето однесување кон некого.

# КАКО ГИ ИСТРАЖУВАМЕ ЛИЧНОСТА И ОПШТЕСТВОТО (МЕТОДОЛОГИЈА)

Проблемите и појавите поврзани со личноста и општеството отсекогаш биле и ќе бидат широко поле за истражување на голем број научници: историчари, социолози, антрополози, економисти, политиколози, психолози. Сите тие имаат различни пристапи во истражувањата во зависност од тоа што сакаат да дознаат за истражуваната појава. Така на пример за еден социолог кој сака да го истражува проблемот на невработеноста во Р. Македонија ќе биде важно да открие дали степенот и видот на образованието на луѓето влијае врз процентот на невработеноста и како невработеноста влијае врз иднината на младите луѓе. Историчарот невработеноста би ја истражувал поинаку. Тој сигурно би сакал да открие кои мерки ги преземала власта за спречување на невработеноста во Р. Македонија од 1991 година па сé до денес. Еден економист веројатно би истражувал каква ќе биде економијата по 20 години ако постојано се зголемува бројот на невработените, а антропологот би сакал да открие дали меѓу невработените во Р. Македонија има повеќе мажи или жени, на која возраст се и од какво етничко потекло се. Сите овие пристапи во истражувањата откриваат по некој аспект, некоја карактеристика за невработеноста во Р. Македонија но од различни перспективи: социолошка, историска, антрополошка итн.

Денес истражувањата на општествените појави и процеси најчесто имаат мултидисциплинарен пристап. Заради сложеноста на појавите кои се истражуваат неопходно е вклучување на истражувачи од различни научни области.

Ова е доказ дека истражувањето на проблемите и состојбите поврзани со човекот и општеството е многу сложена работа. Токму заради тоа во научните истражувања постојат голем број методи и техники преку кои се доаѓа до објективните вистини за појавите во општеството.

За секое истражување најпрво треба да се подготви истражувачки проект во кој треба јасно да биде определена темата за проучување, истражувачкото прашање, методите (постапките) и техниките кои ќе се користат при истражувањето.

При истражувањето на општествените појави најчесто се употребуваат: социометрискиот, експерименталниот, статистичкиот метод и методот на анализа на содржина. Од техниките најчесто се употребуваат интервјуто, анкетата и тестот.

**Метод на набљудување.** Набљудувањето е метод кој овозможува да ги следиме и регистрираме појавите кои сакаме да ги истражиме. Преку овој метод, истражувачот има можност непосредно (директно) да набљудува некоја појава, личност, но по претходно утврден план. Така на пример, може да се набљудува некоја личност или група на луѓе, нивното однесување, темпераментот, говорот и сл.

**Социометриски метод.** Овој метод најчесто се употребува за истражување на мали групи во општеството (паралелката, класот, семејството). Преку него многу лесно и соодветно се испитуваат односите на членовите во групата, положбата на секој поединец во групата, на кој начин се врши избор на водач во групата и сл. Добиените резултати од социометриската метода се анализираат, а графички се претставуваат со социограм.

**Метод на експеримент.** Експериментот е постапка со која намерно се пре-

дизвикува појавата која треба да се истражува. После нејзиното појавување, истражувачот истата ја следи, опишува, анализира, за да дојде до одредени сознанија.

Експериментот како постапка најчесто се изведува во лабораториски услови и од нив во голема мера зависи какви резултати ќе се добијат (просторот, температурата, осветлувањето, бојата на ѕидовите и сл.) Експериментот по правило се реализира во две групи :

- експериментална (кај која вештачки се предизвикува појавата);
- контролната (кај која не се предизвикува појавата).

Добиените резултати од двете групи се споредуваат и се извлекуваат соодветни заклучоци.

**Методот на анализа на содржина** се употребува за проучување на пишани документи (закони, новинарски текстови, историски записи). Со овој метод се утврдува содржината, пораката на документите, значењето на некои поими и термини во документите (на пример од делата на античките мислители дознаваме за првите облици на демократијата и сл.).

**Статистичките методи** (собирање, класификација, толкување и анализа на податоци) му помагаат на истражувачот да го предвиди идниот разој на настаните и општеството во целина.

**Интервјуто** е однапред подготвен разговор за одреден проблем. Се користи за прибирање податоци кои се потребни за целта на самото истражување. Лицето што го води и насочува разговорот е испитувач (интервјуист), додека тој што одговара на поставените прашања е испитаник (интервјуиран). Интервју по правило треба да се изведува поединечно, особено кога прашањата кои му се поставуваат на испитаникот при интервјуто се од интимна природа.

**Анкетата** е најмногу распространет инструмент за прибирање на податоци при истражувањето.




Се јавува во облик на прашалник (анкетен лист) во кој испитаниците ги изразуваат своите мислења или ставови во врска со некој проблем. Вообичаено содржи прашања на кои испитаниците или треба да допишат некаков одговор или да заокружат еден од неколку понудени одговори.

**Тестот** е мерен инструмент кој се состои од задачи избрани според одредени критериуми. Се користи за проверување и утврдување на стекнати знаења (какви знаења и способности поседува некоја личност) или какви се нејзините особини. Тестот треба да биде стандардизиран, затоа што резултатите од тестот се мерат и вреднуваат, а потоа се споредуваат. Најдобар пример за тоа се тестовите преку кои се утврдуваат знаењата и постигањата на учениците на крајот од четиригодишното средно образование во Р. Македонија (државна матура, завршен испит).



*Матуранти полагаат тест на знаење*

# КУЛТУРА

Луѓето и животните се разликуваат. Освен по изгледот, интелигенцијата, одот, исхраната, постојат и разлики во начинот на живот. Вистина е дека некои животни и птици градат живеалишта, вредно работат како луѓето, но сето тоа го прават за да преживеат со помош на своите инстинкти.

За разлика од животните, луѓето сѐ прават плански. Нив не им е доволно само да преживеат.

Тие сакаат да си го олеснат и разубават животот. Затоа градат модерни живеалишта и патишта, конструираат мостови и авиони,





отвораат училишта и факултети и се образуваат. При работа користат современи машини, компјутери, разговараат на далечина преку мобилни телефони, пронаоѓаат нови лекови и вакцини, сликаат и пишуваат романи. Користејќи ја природата човекот создава свој свет кој многу се разликува од животинскиот, но и од припадниците на другите општества. Тој свет се нарекува *култура.*

Во секојдневниот живот многу често го употребуваме зборот култура. Така на пример, за некој кој постапува и се однесува спротивно на нашите очекување велиме дека е некултурен. За оној што многу чита, оди во театар и гледа многу филмови велиме дека културно издигнат. Додека пак ако отидеме на вечера со своите пријатели во некој луксузен ресторан и сме презадоволни од услугата, храната и атмосферата во него, тогаш умееме да кажеме дека во ресторанот има организациска култура.

Терминот култура потекнува од латинскиот збор „**cultus**“ - што првобитно значел одгледување, обработка на полињата. И денес овој термин го има истото значење. Така на пример, кога сакаме да истакнеме дека земјоделието во една држава е поразвиено во однос на други, тогаш велиме дека во неа се негува агрикултурата.



Во последно време овој термин сé повеќе се употребува во значење на духовна култура (негување и култивирање на човековата душа). Затоа овој термин се употребува во значење на образован и облагороден дух кај човекот.

Човекот ја создава културата. Англискиот теоретичар Едвард Тејлор ја воочил поврзаноста на човекот (како член на општеството) и културата и затоа тврдел дека *надвор од општеството нема култура.*

Културата ја создаваат луѓето за да си го олеснат животот, но и да задоволат





некои потреби. Луѓето освен да работат, имаат потреба и да сликаат, да читаат, да истражуваат, да спортуваат, да патуваат и да се забавуваат. На тој начин тие се усовршуваат како личности.

Што сé опфаќа култура?

Научниците ја дефинираат културата на различни начини. Една од најшироко прифатените дефиниции е Тејлоровата според која *„културата е комплексна целина, која ги вклучува: знаењето, верувањата, уметноста, моралот, законите, обичаите и кои било способности и навики кои се бараат од човекот како член на општеството”.*

Секоја култура опфаќа:

- **систем на вредности** кои овозможуваат насочување на човековото однесување, градење ставови, односи, умеења и вештини;
- **Организираност, имплементација и резултатите** на севкупноста на човековите способности во сите сфери на живеењето и работењето;



- **Систем на симболи**, со чија помош се остварува комуникацијата, се препознаваат значењата на појавите и процесите во општеството или помеѓу различни општества. Во тој систем на симболи спаѓаат: јазикот, гестовите, обрасците на однесување, мотивите, идеите, светите предмети и сл.;
- **Колективна меморија:** пренесување на генерациското искуство (знаења, умеења, вештини). Секоја генерација не создава одново култура, туку таа се пренесува и се надградува, се менува од поколение на поколение;
- **Норми** со кои се реализираат вредностите и се штитат интересите на општеството. Тие покажуваат како треба да се однесуваат луѓето.

Задача 

Напиши есеј на тема: Културата на младите во Македонија.Водич за есејот нека ти бидат следните прашања:
1. Каков е системот на вредности кај младите до 18 години? Кои вредности највеќе ги ценат?
2. Кои норми на однесување се преземени од повозрасните, а кои се новосоздадени? Наведи примери за најчести меѓугенерациски конфликти.
3. По каква колективна меморија ќе биде запаметена твојата генерација? Кои се нејзини културни белези?

Според ова можеме да заклучиме дека културата ја сочинуваат и мостовите и авионите, компјутерите, црквите, знаењата, образованието, уметноста, верувањата, обичаите, јазикот, однесувањето, умеењата и вештините во секојдневниот живот и работата, сеќавањата, предвидувањата, законите и законитостите и многу други нешта без кои не може да се замисли животот на човекот.

# Културни сличности, културни разлики, културни универзалии

Секоја култура гради различни вредности според кои станува единствена и неповторлива. Но, културите се и подложни на промени како резултат на процесите на меѓусебните контакти. Во тие контакти често се доаѓа до сознание за разликите и сличностите на елементите на тие култури поставени во одредено време и простор.

*Елементите кои се среќаваат скоро во сите општества се нарекуваат културни сличности*.



*Храната секаде ја има, само се подготвува на различен начин*

Така на пример, во секоја култура луѓето зборуваат некој јазик, усвојуваат некакви вредности, веруваат во некој бог, се однесуваат според некои модели на однесување и сл. Во сите култури постои институцијата брак и регулирање на семејните односи. Сите култури ги користат врвните научни сознанија. Во секоја од нив се среќава поимот за убавото, а припадниците на секоја култура практикуваат одредени религиозни обреди.

Иако културите претставуваат посебно обликувани целини, секоја од нив ги содржи следниве елементи:

- **поглед на свет** во кој се содржани одговорите на прашањата кои ги поставува човекот за светот, животот и положбата на човекот во него;
- **вредносни системи**;
- **институции** во кои се одвиваат културните процеси (училишта, универзитети, музеи, театри, верски организации;
- **јазик** како форма на меѓучовечкото комуницирање;
- **применети науки, технологијата, средствата за работа, производството на материјалните добра**.

**Елементи** *кои се заеднички за сите култури се нарекуваат културни универзалии.* Тие се сметаат за погодна основа за разбирањето меѓу културите и за создавање на една **универзална, општочовечка култура.** Идејата за таквата култура е особено важна во современиот свет во кој се одвиваат процесите на глобализација, економско и политичко поврзување на светот. Според некои социолози, оваа култура е основен предуслов за надминувањето на културните разлики.



*Сличности во делови од македонски и турски носии како резултат на мешање на културите*



*Дали нивните разлики се поголеми од сличностите?*

Кога ќе се најдат во трајни меѓусебни допири две различни култури, тие активно влијаат една на друга. Таков е случајот со петстогодишната поврзаност помеѓу турската и македонската култура за време на Отоманската Империја. Ова допирање на културите се нарекува *транскултурација*. Доказ за тоа е постоењето на сличности во народните носии, обичаите, јадењата и сл. Постоењето на заедничките елементи во културите не значи дека културите се исти. Меѓу нив постојат разлики кои произлегуваат од степенот на нивниот развој и усвоените вредности.

Така на пример, од културите зависи што ќе се користи за храна, која жена ќе се смета за убава, дали раѓањето на близнаци ќе се смета за вредност или срам, колку време ќе се жали покојникот и сл.

## Научи повеќе

Додека кај европските народи свинското месо е пожелно на секоја трпеза, муслиманите воопшто не го консумираат. Во Индија верниците не го употребуваат говедското месо. Кај едно австралиско племе мајката го убива едното од близнаците, затоа што според нивните сфаќања само животните раѓаат повеќе младенчиња. Кај друго племе, пак, во долината на реката Конго на мајката на близнаците ѝ се укажува голема почит. Кај многу народи за убава жена се смета онаа која има повеќе килограми. Кај едно племе на Филипините е забележано дека мајката за детето и жената за мажот жалат само еден ден. Кај некои племиња (во Сибир и островите Фиџи), се верувало дека секој го продолжува задгробниот живот во онаа состојба во која умрел. Затоа должност на добриот син била да го убие таткото пред да доживее подлабока старост со цел да не му биде животот по смртта потежок и мачен.

# Културен идентитет, културен релативизам и етноцентризам



Луѓето не ја одбираат културата. Тие припаѓаат на некоја култура со самото раѓање. Од тој момент нивниот живот е определен од културата на која припаѓаат. Таа им овозможува да го изградат својот културен идентитет. Преку него поединците се препознаваат себеси, стануваат посебни и со неповторливи особини. Од тие причини поединците, понатака, во текот на животот, подготвени се да го бранат својот културен идентитет. Не ретко покажуваат и подготвеност да се жртвуваат за него.

**Задача**

Прочитај го текстот, а потоа обиди се да го определиш културниот идентитет на Навахо Индијанците.

Во еден крај од големата американска пустина се наѕираат темни камени кули кои се исконско живеалиште на племето Навахо наречено Долина на спомениците. Животот во неа се одвива исто како и пред стотина и повеќе години. Областа изобилува со кањони, вулкански врвови и планински венци каде преовладува темнозелената боја. Оваа убава земја предизвикува восхит кај посетителите и затоа Навахо Индијанците се уште повеќе приврзани кон неа. Но, сосема друга работа е како овие луѓе обезбедуваат средства за живот во таа природна убавина. Првите стотина години се хранеле со диви плодови и ловеле дивеч. Подоцна се занимавале со земјоделство и сточарство кои ги научиле од Индијанците Пуебло. За жал, земјиштето на кое живее племето Навахо овозможува одгледување само на некои земјоделски култури. Стапката на смртност кај ова племе е висока. Бидејќи им се чинело дека со нивните животи управува стихијата Индијанците Навахо создале религија и таков начин на живот кој им влева чувство на сигурност. Многу од добрите и лошите богови овие Индијанци ги отелотвориле во камењата околу нивните живеалишта. Според нивното верување на земјата управува божицата наречена Мајка на промените. Тие живеат во примитивни визби наречени хоган, без прозорци, а влезот секогаш е свртен кон исток за да можат да го поздрават Духот на сонцето кој се раѓа. Главата на семејството е обично најстарата жена. Сродството се определува според мајката. Семејството е основна општествена клетка. Ја сочинуваат жени, нивните сопрузи и нивните неомажени и неоженети деца. Мажот е шеф и се зависи од неговата личност, но улогата

на жената е неспоредливо надмоќна. Љубовта на децата кон мајката е јака бидејќи таткото е често отсутен. Мажите се занимаваат со изработка на кожа, златни предмети, учествуваат во обредни церемонии, патуваат до трговските центри. Најпријатна нивна должност е изработката на лулка за новороденото дете. Оваа задача има ритуално значење. За нејзина изработка се употребуваат два вида смреки во зависност од тоа дали детето е машко или женско. Материјалот за лулката не смее да биде од стебло во кое удрило гром, ниту на него да има траги од мечкини канџи. Стеблото мора да расте на осамено место, да е високо, со одредена старост, право и здраво. Пред да се почне со изработката таткото го посипува дрвото со поленов прав и изговара молитва. Кога лулката е готова, родителите го ставаат новороденчето внатре и пеат песна. Но, тоа не е сé. Лулката игра голема улога при вклучувањето на детето во семејниот живот и затоа таа се исправа. Кога детето ќе се најде лице в лице со останатите членови на семејството тогаш чувствува дека ним им припаѓа.

Заради заштита на сопствениот идентитет, заради неможноста да се разбере туѓата култура, честопати поединците ја величат сопствената култура, а ја омаловажуваат културата на другите. Дури одат дотаму што на нив гледаат со потсмев. Оваа појава социолозите ја нарекуваат *етноцентризам*.

Како реакција на етноцентризмот се создава *културниот релативизам.* Според ова мислење сите култури се еднакво вредни за почитување. За нив не можат да се донесуваат вредносни судови. Културите можат да се разберат само однатре, кога ќе се откријат начините како се осмислува љубовта, среќата, вредностите, раѓањето, смртта, односите меѓу луѓето итн.

## Јазик

Јазикот е составен дел на секоја култура. Затоа тој претставува културна универзалија. Со помош на јазикот се бележат елементите на културата, нејзините знаења, верувања, вредности. Без јазикот ниедна културата не би можела да се развива и да се пренесува од генерација на генерација.

Човекот својот живот го минува во група со други луѓе. Еден од важните фактори кој му го овозможува заедништво е јазикот. Јазикот претставува средство за комуникација меѓу луѓето и за насочување на нивните активности. Тој е еден од најзначајните симболички системи без кои човекот не е во состојба да мисли. Членовите на општеството го користат јазикот за размена на своите вештини, искуства, ставови и чувства не само со оние луѓе кои се наоѓаат во нивна непосредна близина, туку и со припадниците на култури што се далечни и во време и во простор. Затоа јазикот зазема исклучително место во животот и работата на луѓето.



Јазикот е систем на артикулирана и со граматички правила и стандардни симболи посредувана комуникација преку која се означуваат, соопштуваат и разменуваат фактите, идеите и чувствата на припадниците на една заедница.

Секој јазик се состои од говор и од писмо.




Говорот е општа способност на човекот да се изрази на артикулиран начин, додека јазикот е само конкретна манифестација на тие можности.

Писмото е особено значајно за генерациското и просторното комуницирање. Голем дел од нашите знаења и искуства, биле овозможени со појавата на писмото.

Во светот се зборуваат повеќе илјади јазици поради што во современиот свет се прават напори за конструирање „јазик" што би бил заеднички за сите, а кој се состои од елементи на јазиците што го говорат најголем број луѓе во светот (на пример "есперанто"). Јазикот е најпогоден начин за ширење на културни влијанија, а со тоа често и на економски и политички влијанија поради што некои култури се обидуваат својот јазик да го наметнат на останатите општествени заедници.

Задача

Обиди се да откриеш зошто во светот највеќе се зборува англискиот јазик.

## Поткултура и против култура

Модерните општества најчесто се големи и вклучуваат голем број групи кои практикуваат различен начин на живот. Во нив луѓето имаат различни интереси, погледи, вредности и однесувања, стилови на живот и сл.

*Под поимот поткултура (супкултура) се изразува културната посебност на еден општествен слој, група, припадници на градска или селска средина, генерациска различност во културното однесување итн.* Така, на пример, општиот културен модел на Македонците се одликува со: почитување на традиционалните вредности, користење на националниот јазик, почитување на врвните уметнички дела, одредени правила на однесување, систем на вредности, православната религија и сл. Но, во рамките на овој општ модел, поткултури би биле: поткултурата на младите, селската и градска поткултура, албанската, турската и поткултурите на другите етнички заедници во Македонија, адвокатската, елитна поткултура.

Еден вид поткултура со своите специфичности влијае врз доминантната култура. Таа нема да изврши значителни промени врз неа, но, сепак, ќе внесе новини: во музиката, исхраната, забавата, облеката и сл. Во таа смисла, делувањето на супкултурите е позитивно и придонесува за понатамошен развој на доминантната култура, нејзиното збогатување, промени во вкусовите, напредок во јазикот итн.

Меѓутоа, освен позитивно, поткултурите можат да имаат и негативно влијание врз доминантната култура.



*Младите се разликуваат според интересот и начинот на живот*

Такви се контра културите (противкултурите). Припадниците на овие поткултури делуваат во две насоки: или радикално да го променат постоечкиот општествен и културен живот во правец на похуман живот или се деструктивни со цел разорување на многу важни духовни вредности без кои општествената и културната заедница не може да се одржи. Такви се: наркоманијата, криминалот, насилството, проституцијата и др.

Пример за контракултура е онаа на хипиците од крајот на 60-тите години на минатиот век, на група млади луѓе чиј начин на облекување и негување се спротивни на оние на општествата во кои живеат. Во 1955 г на запад, создадена е една нова младинска култура. Се верува дека нејзиното создавање следело веднаш по прикажувањето на филмовите: „Бунтовник без причина” и „Дивиот” каде особено се зборува за бунтот на младата генерација против светот на возрасните, со цел барање на нови вредности.

Своевидна контракултура е и тенденцијата на младите кога ги посетуваат концертите на новите музички ѕвезди одушевувањето да го спојат со насилство. Ритамот и заедничкото одушевување предизвикуваат кај нив нагони за рушење (кршат столчиња, чаши, инвентар итн.).

Современото општество во голема мера е обележано со така наречената *масовна култура*. Таа е обид за смирување на културните вредности во рамките на едно општество и меѓу културите во светот.



*Една од карактеристичните икони на масовната култура*

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Определи ги поимите супкултура и контракултура.

2.Посочи и опиши примери за супкултура и контра култура во твојата средина. Кои се нивни носители?

## Вредности, норми и обичаи

Културата на секое општество вклучува голем број елементи. Меѓу нив од посебно значење се оние преку кои таа го обезбедува сопствениот опстанок, односно преку кои општеството го насочува, води и контролира поведението на своите членови. Такви елементи се: вредностите, нормите и обичаите.

### *Вредности*

Секое општество, општествена група и поединец, поседуваат различни цели и идеали кон кои тежнеат да се приближат, кои го насочуваат нивното дејствување и го осмислуваат нивниот живот и нивното однесување. *Вредностите претставуваат општи идеи на луѓето за тоа што е добро, а што лошо, што е вистинито, посакувано и убаво, а што лажно, грдо и сл.* Вредностите се основа на целокупниот начин на живот на луѓето. Такви се: слободата, патриотизмот, љубовта, пријателството, честа, лојалноста итн.

Секое општество  има голем број вредности, но сите тие не се еднакво значајни. Во некои општества највисока вредност е материјалниот успех, но, во други општества повеќе се цени традицијата (луѓето се насочуваат кон минатото и им служи како основна животна ориентација).

Вредностите израснуваат спонтано, во текот на социјализацијата  и заедничкиот живот на луѓето. Еднаш оформените вредности се одржуваат низ долг временски период. Тие се најтрајниот дел на културата и едновремено најотпорен на промените.

### *Норми и обичаи*

Нормите постојат  за да се остварат целите што произлегуваат од вредностите во една култура. Нормите се дел од човековата култура воопшто, дел од секојдневното живеење. Преку нив секој поединец го усогласува своето однесување со однесувањето на другите. Тие се истовремено и правила (примери на однесување) во општеството. *Покажуваат што е во општествената заедница оправдано, прифатливо  и посакуваното однесување на поединците во определени ситуации.*

Постојат повеќе видови на норми кои се од големо значење за општеството. Такви се: моралните норми, правните норми и обичаите.

*Обичаите го дефинираат она што*





*Некои традиционални норми и обичаи се практикуваат и денес*

*е општествено исправно. Тоа се правила кои упатуваат во човековите секојдневни активности.* На пример, начин на облекување, навики при јадење, гостопримство, обичаи при средба со други луѓе итн. На оние што не ги почитуваат, другите им се потсмеваат, ги озборуваат и сл.

## *Морални норми*

*Моралните норми претставуваат построги правила од обичаите. Тие укажуваат на тоа како треба да се постапува. Тие се правила кои го дефинираат доброто и лошото, прифатливото и очекуваното.*

Моралните норми се разликуваат од едно до друго општество, но постојат и универзални норми кои се среќаваат во сите општества. Некои од нив претставуваат строги забрани на однесување кои се нарекуваат табуа, на пример, инцестот (забрана на полови односи меѓу блиски роднини), канибализмот и др.

## *Правни норми*

*Правните норми претставуваат пропишани и строго санкционирани правила на однесување на поединците во општеството.* Обично ги пропишува државата (парламентот, владата, министерствата). Но, правни норми донесуваат и претпријатијата, здруженијата, црквата и др.

Паралелно со градењето на нормите, општеството гради и соодветни методи (награди и казни) како да се обезбеди нивното почитување (санкции) За прекршување на некои норми санкциите се мали, а за некои остри и вклучуваат парични казни, затворски казни итн. Човекот им се покорува на нормите и заради добивање на определени општествени признанија (пофалби, награди и др.).

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Кои вредности во Р. Македонија највеќе се вреднуваат (ценат).Објасни зошто?

2. Што е за тебе највисока вредност?

3. Опиши еден обичај кој се практикува кај припадниците на другите етнички заедници во Р. Македонија.

# РЕЛИГИЈА

## Што е религијата?

Религијата е еден од најраспространетите културни и духовни феномени. Таа е присутна во секоја човечка заедница во текот на целиот историски развој. Се јавува во најразлични форми на верувања и ритуали. Таа тешко може да се дефинира. Честопати се определува како вера во еден Бог, како објаснување за тоа како настанал светот, се изедначува со натприродното, со моралните норми кои го контролираат однесувањето на верниците и сл.

Религијата е цврсто поврзан систем на верување и практики кои се однесуваат на светите нешта и кои ги поврзуваат приврзаниците на овој систем во единствена морална заедница.



*Објасни го религиското значење на пирамидите.*

Постојат голем број на религии. Во основа, тие имаат заеднички елементи, верувања и ритуали.

*Верувањата се идеи што луѓето ги имаат во врска со природата на светите нешта и со начините на кои треба да се комуницира со нив.*

*Ритуалите се активности кои се преземаат со намера да се оствари саканиот однос со светот на светото.* Тоа значи дека луѓето треба да веруваат прво во некое натприродно би-



Синагога

тие, а потоа да изведуваат активности со кои воспоставуваат однос со него.

Религија има за цел да задоволи некои реални потреби на човекот. Таа му помага: да го надмине стравот од непознатото и неизвесното во иднината; да ја осмислува својата егзистенција преку насочување кон  морални вредности и да ги надмине кризните моменти од животот.

Но, религијата извршува одредена функција и во општеството.

Таа преку традиционални вредности го одржува општествениот поредок;



Буда

помага во контрола на општествената девијација; ја афирмира идејата за еднаквоста меѓу луѓето. Таа помага кај поединците да се развие чувство на припадност во заедницата, чувство за взаемна помош и поддршка.

## Големите светски религии

Верската слика на современиот свет е мошне разнолика, меѓутоа, во светот постојат пет големи религии кои поради нивната распространетост во светот го добиле епитетот светски религии. Такви се: јудаизмот, христијанството, исламот, будизмот и конфучијанството.

Јудаизмот, христијанството и исламот се монотеистички религии (моно значи едно) затоа што почиваат на учења во кои е изложена идејата за постоење на еден Бог.

**Јудаизмот** е религија основана околу 1300-та година пред нашата ера и е најстара монотеистичка религија. Денес таа има најмал број привrзаници затоа што ја исповедаат само припадници на еврејскиот народ.  Нејзин пророк бил Мојсеј кој ги објавил основните правила на верскиот живот, познати како Десетте Божји заповеди.

Десетте Божји заповеди:

Јас сум Господ Бог твој, да немаш други богови освен Мене.

Не прави идол или слика на она што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата, под земјата, не им се поклонувај и не им служи.

Не го изговарај напразно името на Господа твојот Бог.

Спомнувај си за денот на одморот за да го празнуваш, шест дена работи и сврши ги сите работи, а седмиот ден посвети го на Господа, Твојот Бог.

Почитувај го твојот татко и твојата мајка за да ти биде добро и да поживееш долго на земјата.

Не убивај.

Не прави прељуба.

Не кради.

Не сведочи лажно против својот ближен.

Не пожелувај ништо што е туѓо.

**Христијанството** е религија што се издвоила од јудаизмот и е најраспространета во светот. Нејзин основач бил Исус Христос, кој според христијанското учење е син Божји. Негова основна претпоставка е дека општеството треба да се трансформира во Божјо царство засновано врз љубов и разбирање меѓу луѓето. Како државна религија христијанството било признато дури во 313-тата година и оттогаш брзо се ширело во рамките на Римската Империја и надвор од неа. Во XI век христијанството се поделило на православно и католичко, а подоцна со Реформацијата започнале да се издвојуваат и многу други христијански фракции.

**Исламот** е основан во 622 година од



*Исламски верници*

нашата ера во Медина на Арабискиот Полуостров. Како негов основач се смета Мухамед наречен Пророк кој живеел во седмиот век. Учењето на Мухамед се проширило меѓу сточарските народи на Блискиот Исток, а подоцна и пошироко. По бројот на верниците исламот е втора религија во светот.

Петте основни должности на припадникот на Исламот:

Учењето: Нема друг Бог освен Алах, а Мухамед е неговиот пророк.

Молитвата: клањање пет пати дневно, со лицето свртено кон Мека, Саудиска Арабија, на кое му претходи церемонијално миење.

Придржување на Рамадан, едномесечен пост за време на кој не се јаде и не се пие од изгревањето до заоѓањето на сонцето.

Дарување (давање помош во пари за сиромашните).

Аџилакот: очекување дека секој верник барем еднаш во животот ќе отиде на поклонение во Мека.

**Будизмот и конфучијанството** се доминантни религии на Далечниот Исток. Познати се уште и како етички религии затоа што според нивно-

то учење до личен спас може да дојде само доколку човекот на овој свет живее во согласност со моралните правила.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Кои елементи треба да ги поседува секоја религија?
2. Зошто му е потребна религијата на човекот?
3. Објасни ја улогата на религијата во општеството.
4. Зошто улогата на религијата е поголема во кризните моменти во животот на луѓето?
5. Кои се разликите и сличностите помеѓу големите светски религии?

# СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

## Што е социјализацијата?

За да опстане една култура, таа мора да обезбеди механизми со кои елементите на културата ќе се пренесат од постарите на помладите. *Овој процес на планско пренесување на знаења и верувања на младите и истовремено нивно творечко и критичко усвојување се нарекува социјализација на личноста.*

Социјализацијата трае во текот на целиот живот. Но, најважна за поединците е примарната социјализација



од која најмногу зависи развојот на личноста на поединецот. Се одвива во текот на раното детство и во семејството. Во овој период личноста е целосно зависна од своите родители. Учи да зборува, реагира на одобрувањето или неодобрувањето на своите родители и се обидува да го следи нивниот пример. Поточно, младата личност во семејството се подготвува да се вклучи во општествениот живот. Општеството за своите членови пропишува одредени начини на однесување со кои го оневозможува хаосот. Ова го постигнува преку процесот на социјализацијата.

Оттаму и **семејството** е првиот и најзначајниот фактор на социјализацијата. Семејството во кое детето расте има суштествена улога за тоа како тоа ќе ја развие својата личност. Доколку во него владеат хармонични односи, и постои правилна грижа за детето, тогаш се остварени и условите за правилен развој на неговата личност.



Но, социјализацијата продолжува и понатаму, низ целиот тек на човечкиот живот. Преку неа луѓето се оспособуваат за соочување со проблемите поврзани со секоја стапка од животниот циклус, како и со новините што





ги носи општествениот живот.

Оттаму во процесот на социјализацијата се вклучуваат уште редица други фактори. Во детството покрај семејството голема е улогата на групата на другари, подоцна тоа станува училиштето, средствата за масовна комуникација (радио, телевизија, печат и сл.), црквата, работната организација и редица други групи во кои единката членува.

Во современото општество социјализаторската улога му се препишува и на образовниот систем, на групите на врсниците, на групите според занимањата итн.

**Групата на врсници** врши силно влијание врз детето, особено во периодот на адолесценција. Воспоставувајќи најразлични односи со останатите и играјќи детски игри, детето учи дека треба да ги почитува правилата во заедницата во која живее. Не се ретки случаите кога ученик постигнува послаб успех само затоа да не помислат другите (врсниците) дека тој е „бубалица”. Ваквото влијание на врсниците врз детето може да остави трајни последици во неговиот живот, особено на професионален план.

Една германска поговорка вели: „Ако сакаш да знаеш кој си, види кои ти се пријателите”.

**Мас-медиумите** имаат големо влијание врз детето, особено во периодот на формирањето на неговата личност. Тие се моќно средство кое истовремено ги поврзува групите луѓе, но и придонесува да се создадат големи разлики меѓу нив. На пример, мас-медиумите овозможуваат масовните реклами за одделни продукти да стигнат до сите луѓе, а целта им е да ги изедначат нивните вкусови и сфаќања за тоа што е добро и пожелно.

Социјализацијата не се одвива само во детството. Таа е процес кој трае целиот живот. Секогаш кога поединецот станува член на некоја нова група или прифаќа нова улога во животот, велиме дека му треба време за прилагодување. И тогаш станува збор за социјализација. На студентот - бруцош му треба време да се прилагоди на новите услови и да се запознае со правилата на однесување на факултетот. Ист е случајот и со работникот на новото работно место, со младите во бракот итн.

Прочитај и заклучи!



Се зборува дека царот Акбар, кој владеел во Индија од 1542 до 1602, наредил да се соберат сите деца на едно место и да се воспитуваат без употреба на јазикот. За нив се грижеле глувонеми луѓе, сé со цел да утврди дали децата ќе го научат Хинду јазикот и покрај ваквата изолација. Децата воопшто не знаеле да зборуваат. Комуницирале меѓусебно исклучиво со гестови.



*Јас навистина сум загрижена за вашата социјализација!*

Постои литература за деца од која дознаваме како децата можат да бидат одгледувани од животните. Еден документиран случај под наслов „Волчешки деца од Миднапор", зборува за две девојчиња од 2 и 8 години, пронајдени во волчешка дупка во Бенгал 1920 година. Девојчињата оделе на четири нозе, се хранеле со живо месо, завивале како волци и не употребувале никаков говор. Не се знае дали овие деца биле оставени во шумата да се снаоѓаат сами или нив ги одгледале волците. На кој заклучок упатуваат овие примери?

**Провери го и употреби го своето знаење**

1.Објасни зошто социјализацијата е важна во животот на секој поединец.

2.Кој ја спроведува социјализацијата на секој поединец? Кои се нејзините чинители?

3. Зошто велиме дека социјализацијата не е еднострана процес?

4. Какво е влијанието на масмедиумите во формирањето на личноста на поединецот?

# ОПШТЕСТВЕНИ ОТСТАПУВАЊА (ДЕВИЈАЦИИ)

Човекот е свесно суштество, но со променливи барања, потреби, желби и интереси. Тој може да ги избира начините како нив да ги задоволи. Според тоа, се разликува од другите живи суштества кои тоа го прават инстинктивно и несвесно. Можноста за избор крие опасност тој да избере и начини на делување и однесување спротивни на оние кои се општоприфатени од заедницата во која живее. Тогаш велиме дека човекот се однесува антисоцијално, девијантно.

**„Девијантноста може да се дефинира како не прилагодување кон дадена норма или збир од норми, што се прифатени од значаен број на луѓе во една заедница или едно општество”.**

**Гиденс**

Девијантното однесување на луѓето е штетно за општеството. Тоа може да се поистовети со тешка болест која го нагризува општественото ткиво. Во групата на девијантно однесување спаѓаат сите облици на криминал и други казниви дејствија, алкохолизмот и облиците на токсикоманија, проституцијата и другите видови сексуални отстапувања, просјачењето, скитништвото, дури и самоубиството.

Однесувањето на човекот е девијантно кога со него се прекршува некој вид норма општоприфатена од заедницата. Во зависност од тоа која норма е прекршена, постојат различни облици на девијантно однесување: 1.девијација од нарушен обичај, морал, вредности, верски пропис, мода, стандард или 2.девијација со прекршени правни норми.



Во првиот случај се работи за начини на однесување врзани за секојдневниот живот на човекот (невоспитано однесување, хомосексуализам, бездомништво). Санкциите за ваквото однесување се релативно благи: потсмевања, укори, забелешки, но можат да доведе и до отфрлање на поединците кои девијантно се однесуваат.





**За криминални** се сметаат оние начини на однесување со кои се прекршуваат норми што ги пропишува и санкционира општеството. Вообичаено овие норми се во облик на пишани закони со кои се заштитуваат добра и вредности што се од животен интерес за поединците и за општество. Такви се: кражбите, убиствата, насилното однесување со тешки последици по психичкото и физичкото здравје, воените злосторства и слично. Тука влегуваат и поблаги нарушувања на пропишаните закони за кои следуваат и поблаги казни, како што се **прекршоците** (непочитување на јавниот ред и мир, сообраќајни прекршоци и сл.).

Санкциите што се спроведуваат за кршењето на законите се подрастични од оние за непочитувањето на неформалните норми. Можат да бидат парични казни, казни со затвор, смртни казни и др.

Современото општество има сериозни проблеми со девијантното однесување на луѓето од причина што нивниот број е зголемен. Се поставува прашањето: Кои се причините за ваквата состојба? Ако биолозите и психолозите тврдат дека причините се од психолошка природа, социолозите причините за порастот на девијантното однесување кај луѓето ги бараат во семејството. Тие тврдат дека во современото општество функциите на семејството се намалуваат. Со тоа се намалува и неговата моќ правилно да ги насочува, социјализира и контролира своите членови.

Густината на населението, миграциите, урбанизацијата, индустријализацијата и модернизацијата се причини за усложнување на животот на луѓето. Во вакви услови се јавува расчекор помеѓу очекувањата и реалните можности за задоволување на човековите потреби. Затоа, модернизацијата на општествениот живот е основна причина за порастот на девијантното однесување кај луѓето.

Преминот од еден општествен систем во друг и судирот на старите и нови вредности кои тогаш се случуваат, може да бидат причина за појава на

девијантно однесување. Во вакви услови слабее општествената контрола, луѓето ја губат социјалната сигурност и се склони кон девијации.

Процесите на глобализација, пораст на информатичката технологија уште повеќе влијаат на чувството на несигурност. Се губат критериумите за определување на основните човечки вредности и тоа е причина за појава на разни видови на девијантно однесување: организираниот криминал, корупцијата, сиромаштија, недозволена трговија со опојни средства, проституција и друго.

Кај младите луѓе во Македонија, кои се наоѓаат во процесот на изградба на нивниот идентитет, поради што се особено ранливи, ваквите околности придонеле, исто така, за ширење на девијантното однесување: уживањето на опојни дроги, алкохолизмот, пушењето, скитништвото, агресивното однесување и отсуството на толеранција, нарушувањето на јавниот ред и мир, проституцијата и сл.

Мас-медиумите во последно време се јавуваат како моќно средство за контрола и насочување на однесувањето





на поединците. Преку телевизијата (гледањето филмови со насилничко однесување на актерите) кај поединците можат да се предизвикаат два ефекта. Едни ќе го имитираат однесувањето на актерите во филмот со цел да се ослободат од фрустрациите што ги носат во себе. Други поединци ќе се обидуваат да го оправдаат своето девијантно однесување, со она што го виделе на телевизијата.

Училиштето е институција за социјална контрола на поединците. Тоа преку образованието, а особено воспитанието ги насочува поединците кон добро однесување.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Кои се причините за појавата на девијантно однесување на поединците?

2. Обиди се да дојдеш до информации за тоа кои облици на девијантно однесување се најзастапени меѓу младите во Р. Македонија. На која возраст се нивните носители и кои се причините за таквото однесување?

# ОПШТЕСТВЕНО ГРУПИРАЊЕ

## ЈАС МЕЃУ ДРУГИТЕ

### Значењето на интеракцијата

Човекот со самото раѓање станува дел на некоја општествена заедница. Во неа животот е веќе уреден. Тоа значи дека во неа важат одредени правила и норми на однесување кои поединецот мора да ги почитува. Во неа човекот има соодноси и со другите луѓе во заедницата, што упатува на заклучокот дека тој не може да живее сам во општеството. Тој е зависен од другите луѓе и нужно стапува во најразлични односи со нив.

Така, на пример, поединецот заедно со останатите членови на семејството секојдневно извршува одредени семејни обврски. Подготвувањето на оброците, грижата околу децата се само неколку од многубројните активности кои поединецот ги извршува заедно со другите членови.

Поимот со кој се објаснуваат односите меѓу поединците и групите во општеството се нарекува *општествена интеракција*.

**Интеракција**

Однесување на човечка единка кое е насочено кон друга човечка единка. Тоа е меѓусебна општествена акција. Таа секогаш ја вклучува намерата на актерот да предизвика кај другиот реакција и возвратна акција од негова страна.

Општествената интеракција е сложен процес во кој поединците се заемно поврзани. Поврзаноста е јака и таа предизвикува промени во однесувањето кај луѓето. Таа се остварува со помош на комуникацијата меѓу луѓето, а настанува од потребата на луѓето да дојдат до некоја заедничка цел.

### Структура на интеракцијата

Во секоја интеракција треба да постојат неколку елементи: актери, акција и однос. Тие ја сочинуваат структурата на интеракцијата. Без нив интеракцијата е невозможна.

**Актери** се лица или групи вклучени во интеракцијата.

**Акција** е активност што ја извршуваат актерите. Општествената акција секогаш е одговор наменет за друг актер или настојување да се обезбеди таков одговор. Она што го прави едниот актер треба да биде разбирливо за другиот.

**Односот** (интеракцијата) се остварува меѓу одредени актери во текот на подолг период. Токму поради должината на интеракцијата се случуваат одредени промени во однесувањето на актерите:

1. луѓето (актерите) стануваат зависни едни од други и очекуваат интеракцијата да потрае;
2. секој од актерите очекува идните акции да бидат засновани на претходните;
3. кога ќе се воспостави односот, секој актер се идентификува со другите.

### Форми на интеракција

Постојат повеќе облици на интеракција. Во науката не постои единствена класификација, но, сепак, постои согласност за постоење на два вида интеракција: интеракција која ги зближува луѓето и интеракција која ги разделува. Во првата се развиваат односи на пријателство и во оваа група може да се вбројат: кооперацијата

(соработката), размената, а во другата група на интеракција спаѓаат: натпреварот и конфликтот.



**Кооперација (соработка)**

Соработката е многу важен однос за луѓето, особено во современото општество. Таа е основен предуслов за успешноста на поединците на личен и професионален план. Поради сложеноста и динамичноста на животот, луѓето (групите) мора да соработуваат и да се дополнуваат, да бараат компромис и кога интересите им се крајно спротивставени. На пример, политичките партии, по правило, се спротивставени едни на други во трката за освојување на власта, но во одредени ситуации тие мораат да соработуваат особено ако е доведен во прашање опстанокот на државата. Соработката меѓу луѓето постои во сите области на општественото живеење, во семејството, меѓу неговите членови, во општествените институции итн.

**Размена**

Во основа сите односи (интеракции) меѓу луѓето вклучуваат во себе некаква размена. Штом двајца комуницираат, тие вршат размена на идеи, мислења и ставови за одделни прашања на вербален начин. Луѓето некогаш, а и денес, најмногу вршат размена при купопродажбата. Така, на пример, пред појавата на стоковно паричното стопанство разменувале стока за стока, а подоцна стока за пари. Луѓето разменуваат станови, автомобили, но освен размената на материјални добра, луѓето можат да разменуваат знаења, искуства, љубов и многу други нешта.

**Натпревар**

Натпреварот е однос во кој поединците или групите настојуваат да постигнат една иста цел подобро и повеќе од друго лице или група. Иако по својот карактер е спротивен на соработката и предизвикува спротивни ефекти, натпреварот лесно се претвора во процес на соработка. Натпреварот понекогаш може да се јави и како средство кое мотивира и насочува кон развој, прогрес, успех. Тоа ќе зависи од карактерот и положбата на поединците и групите кои се натпреваруваат, мотивите за натпреварот, значењето и целите што треба да се постигнат со него.

Така, на пример, во некои училишта учениците не се мотивирани за постигнување повисоки резултати во учењето поради непостоење на натпреварувачки дух. Во историјата се познати историски настани (војни) кои се случувале токму заради натпреварот на државите да освојат што поголем број туѓи територии. Тогаш натпреварот прераснува во конфликт.

**Конфликт**

Во денешно време конфликтите се составен дел на животот. Настануваат кога луѓето не можат да ги усогласат своите желби, интереси и потреби. Доколку еден конфликт не се надмине, тој може да предизвика сериозни последици.

Конфликтот е најзаострен облик на натпреварување, затоа што во него една од спротивставените страни или ослабува или се уништува.



Причина за конфликт може да биде желбата за докажување, завист, љубомора, навредување, неискреност и сл. Но, најчеста причина за конфликтите е нетолеранцијата. Нетолерантните луѓе себеси се сметаат за најдобри. Тие се убедени дека се најпаметни, најмудри и ги потценуваат другите. Кај нетолерантните луѓе не постои желба да ги откриваат добрите страни кај луѓето. Тие не се обидуваат да ги разберат луѓето онакви какви што се.

Конфликтот за луѓето е непожелен особено ако подразбира насилство и жртви и се оценува како негативна појава за општеството. Но, во одреден момент тој може да биде неминовен за општеството, доколку претставува единствената можност да се поттикне општествениот напредок.

**Што се́ е потребно за да се оствари интеракцијата**

И покрај тоа што луѓето живеат во заедници, тие се разликуваат според потребите, желбите, чувствата, стилот на живот, усвоените вредности. Непознавањето на себе и другите е причина за нетрпеливост меѓу луѓето која може да заврши со непријателство, насилство, војна. Во услови кога луѓето не знаат ништо едни за други, меѓу нив тешко може да се остварува било каква вид на интеракција.

За да може да се оствари некоја интеракција потребно е секоја од страните вклучени во неа да го разбира стојалиштето на другата. Значи треба да постои комуникација, дејствување со чија помош едниот актер ќе може да ги открие намерите, мотивите и целите на другиот актер. Другиот актер треба да одговори, да го приспособи своето однесување на барањата на првиот.

Ова приспособување на однесувањето како одговор на дадената општествена ситуација се нарекува *преземање на улога.*

Секое лице кое влегува во одредена интеракција треба да претпостави кои се другите и како тие ја согледуваат и сфаќаат дадената ситуација.

Прво што треба да направи е да се обиде да собере основни информации за другите во интеракцијата: за полот, возраста, професијата, етничката припадност, верата и сл. Овие податоци ќе му помогнат да создаде првичен суд за нив.

Но, овој суд може да биде и погрешен доколку не се дополни со поконкретни информации. Целосна слика за другите поединецот ќе добие ако обезбеди и други податоци, на пример каков е нивниот физички изглед.

Физичкиот изглед на поединците е многу битен во општествената интеракција. Преку фигурата, облеката, манирите, личната хигиена, фризурата, шминката може да се проценат личностите, нивните морални карактеристики. Во интеракцијата е битно дали е некој самоуверен, строг, горд, сентиментален, среќен, агресивен, паметен, итн.

**Задача**



Обиди се извесно време да набљудуваш што ќе се случи ако некој од другарите со кои најмногу се дружиш почнува да се однесува многу поинаку од вообичаеното однесување. Дали интеракцијата меѓу вас ќе се зголемува или намалува?Дали таа ќе се промени или не? Какви ќе бидат ефектите од интеракцијата?

# ОПШТЕСТВЕНИ УЛОГИ



## Улогите и личноста

Секој поединец во текот на својот живот извршува голем број дејности, занимања така што тој во исто време е носител на голем број улоги. Така, на пример, тој може да биде истовремено и татко, сопруг, лекар, спортист, член на политичка партија, верник итн.

Зборот „улога" употребен во овој контекст не подразбира театарска улога (ролја) во претстава, туку одредено однесување на поединецот кое се очекува од него кога тој зазема некоја позиција (положба) во општеството. Така на пример, да се биде родител е општествена положба. Но, од него се очекува да им дава на своите деца економска и морална поддршка, да ги образува, да им овозможи подобра иднина зошто тоа е улога на еден родител. Да се биде лекар е општествена положба, но негова улога е да се грижи за болните, да ги лекува, да работи според лекарската етика и сл. Преку улогата лекарот влегува во интеракција со другите луѓе (пациентите, лекарскиот персонал и сл.).

Улогите се очекувања од членовите на општеството кои заземаат одредена положба. Овие очекувања вклучуваат како задолженија така и награди кои се поврзани со посебните положби.

При извршувањето на улогите честопати се случува совпаѓање на улогите, кое може да биде и неповолно

за поединецот. Така на пример, скоро секој ученик сака истовремено и да спортува, и да биде во друштво со другарите, да посетува курсеви за изучување на странски јазици, а при тоа и успешно да ги извршува училишните обврски. Извршувањето на сите овие обврски (улоги) на некои ученици може да им создаде тешкотии. Тие не се во состојба секоја улога да ја извршат подеднакво успешно. Во тој случај тие мора да изберат на која улога ќе ѝ дадат предност, зашто спротивно ќе настане судир меѓу обврските (**конфликт на улогите**).

Во современото општество поединците се растргнати меѓу обврските. Типичен пример е современата жена која во полза на кариерата се откажува од мајчинството.

При извршувањето на улогите поединецот треба да се однесува на определен начин, затоа што другите (општеството) очекуваат од него поединецот правилно да ги изврши своите улоги. Ваквите очекувања се наречени **нормативни.**

Меѓутоа поединците понекогаш извршуваат определени улоги кои им ги наметнува ситуацијата во која моментално се нашле. Така на пример од нив



се очекува да помогнат во гаснење на пожар, да помогнат на повредените во сообраќајни незгоди и сл. Ваквите очекувања се наречени **ситуациски.**

**Лични очекувања** се очекувањата на поединците од сопственото вршење на улогите.

Улогите поединците ги учат преку процесот на социјализација во текот на животот. Преку извршувањето на улогите поединците учат како да се однесуваат во различни животни ситуации, односно учат што се очекува од нив во текот на животот.

Обично, општествените улоги се регулирани со одредени општествени правила и нивното неизвршување понекогаш предизвикува општествена санкција која може да биде позитивна (награда за добро однесување) и негативна (казна за лошо однесување).

Од ова произлегува дека поединците истовремено играат повеќе улоги кои можат да бидат позитивни: улогата татко, мајка, пријател, професор, лекар и слично, но и негативни: разбојник, просјак, шверцер, криминалец итн.

## Улогите во секојдневниот живот

Во текот на нашиот живот ние извршуваме голем број на улоги. Нив ги добиваме на два начина: 1) на основа на одредени прописи; и 2) на основа на нашите сопствени постигнувања. Оттаму и улогите се делат на: *пропишани улоги* и *постигнати улоги.*

**Пропишани улоги.** Тие им се доделуваат на луѓето врз основа на нивните лични карактеристики, најчесто според полот и возраста. Меѓутоа, во некои општества поделба на улогите се врши и според некои други карактеристики какви што се расата, религијата, семејството, потеклото, местото на живеење и сл.

Пропишаните улоги содржат во себе голема доза на принудност. Поединците се принудени нив да ги извршуваат и тогаш кога не сакаат. Тие им се наметнуваат. Децата се должни да одат на училиште, дури и ако тоа не го сакаат.

**Постигнатите улоги** индивидуите ги добиваат на основа на демонстрирани способности за нивно извршување. Таквите улоги имаат општествено пропишани барања и индивидуите треба да докажат дека нив ги исполнуваат за да им биде доделена посакуваната улога. Овие барања понекогаш се многу специфични, понекогаш не многу јасни. На пример за да се добие улогата на лекар потребно е да се докаже дека се поседува диплома за завршен медицински факултет; за некоја административна работа може да се бара одреден степен на образование без да се посочи неговата специфика (пр. средно образование); за некое членство во доброволна асоцијација воопшто не се бара одреден степен на образование, но се претпоставуваат некои наклоности.

Улогите во минатото во голем обем биле пропишани. Денес, во демократски уредените општества, сé поголем е бројот на постигнатите улоги.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Каква е улогата на поединците во функционирањето на општествената заедница?

2. Како се регулираат општествените улоги?

3.Посочи личен пример за конфликт на улоги. Објасни како настанал конфликтот и како си ја надминал настанатата ситуација.

4. Кои елементи влијаат врз определувањето на општествената положба на поединците?

# ГРУПИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО

## ОПШТЕСТВЕНИ ГРУПИ

Човекот од своето создавање до денес живее во најразлични облици на здружување и меѓусебно поврзување. Тоа поврзување на луѓето произлегува од природата на човекот како општествено суштество. За да ги задоволи своите најразлични потреби и интереси заедно со другите луѓе, тој воспоставува различни односи со нив. Како резултат на тоа се појавуваат општествените групи.

Човековата егзистенција и дејност се одвиваат во рамките на голем број различни групи. Токму од овие причини прашањето за општествените групи станува централно прашање во социологијата. Групата претставува збир на повеќе лица кои се во интеракција и кои имаат определени заеднички карактеристики. Обично, колку повеќе едно општество е развиено, издиференцирано и сложено, толку повеќе начини на групирање постојат во него.

### Карактеристики на општествените групи

Групата ја сочинуваат најмалку двајца, но обично повеќе луѓе. Степенот на



организираноста на групата и положбата и улогите на поединците во неа се поставени на различен начин. Нормите, целите и заедничките потреби кои групата ги усвојува, ги прифаќаат сите нејзини членови. Секоја положба во општеството е проследена со правила на однесување односно очекувања што треба да ги исполнат носителите на положбата и тоа е основа на хомогеноста на групата. Секоја група има правила кои се однесуваат исклучиво на нејзиното членство. Во групата обично постојат заеднички интереси, идеали и вредности. Интересот ги здружува луѓето за подобро и поефикасно остварување на заедничките цели (спортско друштво, семејство, соседство итн.). Секоја група има систем на признанија и санкции со кои ги наградува своите членови за доброто извршување на улогите или ги казнува заради кршењето на групните норми.

Врз основа на сите овие карактеристики можеме да заклучиме дека *општествената група претставува релативно трајна заедница на луѓе, меѓусебно поврзани заради извршување на некоја општествена дејност и задоволување на некои заеднички интереси и потреби.*



*Хористи*



*Каква група се навивачите на спортски натпревар?*

## Класификација на општествените групи

Општествените групи се разновидни по својата природа и затоа можат да се класифицираат на најразлични начини: според нивната дејност, степенот на чувството на припадност, според големинатана групата, целта и сл. Според функцијата и дејноста што луѓето ја извршуваат во групата, тие можат да се поделат на *семејно роднински, економски, воспитнобразовни, политички, културни и религиозни.* Со оглед на степенот на регуларноста на односите меѓу членовите, групите се делат на *формални и неформални.* За формалните групи карактеристични се цврсти и регулирани односи меѓу членовите на групите. Тие се предвидени и санкционирани со официјални норми. Такви се политичките партии, ученичките групи, некои религиозни групи и сл.

Во неформалните групи, положбата на членовите и нивниот меѓусебен однос не е регулиран. Тие се уредуваат во самата група. Овие групи се создаваат спонтано и во зависност од конкретните потреби и интереси

на поединците. Вакви групи се: групите на пријатели, гледачите на некоја спортска манифестација и др. Меѓу најпознатите класификации на општествените групи е онаа која групите ги дели на *примарни и секундарни.* Примарните групи се први и основни и во нив се оформува и социјализира човековата природа. Тие се заснова-ат на висок степен на интимност на односите меѓу членовите и развиено чувство на меѓусебно припаѓање, љубов и почит. Вакви групи се: семејството, групите на врсници, но до некаде и старите соседства. Во примарните групи членовите целосно се оддадени на групата со волјата, емоциите и разумот. Во овие групи постои интензивна и доверлива комуникација.

Секундарните групи по својата природа се многу пошироки од примарните. Тие се пошироки општествени заедници кои се базираат на формално



*Каква група е оркестарот?*

уредени односи. Во нив отсуствува емоционалната повлеченост. Луѓето во нив се здружуваат со цел да задоволат некоја конкретна цел. На пример, трговските здруженија, производствените организации итн.

Според тоа дали во групите се одвиваат сите општествени процеси, дејности и односи или само некои од нив, тие можат да се поделат на **глобални и парцијални**.



*Каква група се патниците на автобуската станица?*

Во глобалните се одвиваат сите општествени процеси и дејности. Тие се долготрајни, членовите се цврсто меѓусебно поврзани. Пример, за вакви групи се ордата, родот, племето, народот и нацијата.

Парцијалните се оние групи во кои се одвиваат само некои видови општествени дејности, процеси и односи. Тие не се самите доволни да ги задоволат сите потреби на луѓето, а се создадени во рамките на глобалните општествени групи како нивни составни делови. Пример за парцијални општествени групи се: разните професии, класи, слоеви итн.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Што е општествена група?
2. Од кои причини луѓето ги формираат општествените групи?
3. Како можат да се поделат општествените групи?

# СЕМЕЈСТВО



Семејството како општествена група секому му е блиска, позната и разбирлива зошто речиси секој поединец во неа го започнува и завршува својот живот.

Семејството е логичка последица на бракот, а бракот е општествено признаен однос помеѓу мажот и жената. Во текот на историјата бракот се среќавал во различни облици.

За цивилизираните општества карактеристичен е моногамниот брак (еден маж со една жена). Бракот може да се склучи од повеќе причини и на повеќе начини и од тоа зависи какви односи ќе се воспостават меѓу сопружниците. Неретки се браковите помеѓу двајца кои не се правно регулирани, познати како кохабитација, бракови без деца, како и хомосексуални бракови (бракови меѓу претставници од ист пол).

**Бракот претставува релативно трајна полова и општествена заедница (врска) меѓу мажот и жената која ја признава општеството.**

Денешниот брак меѓу брачните двојки е граѓански брак. Се склучува пред претставници на државните органи и се регулира со правни прописи. Во историјата се познати обичајните бракови, типични за традиционалните општества; црковни склучени пред црковните органи и регулирани со црковни норми.

Бракот може да се јави во повеќе форми:

- **Моногамија** - заедница на еден маж и една жена;
- **Полигамија** - заедница на повеќе брачни партнери, која може да биде: полигинија (еден маж со по-

повеќе жени) и полиандрија (една жена и повеќе мажи).

- **Кохабитација:** заедница на двајца, која не е правно регулирана.
- **Живот на самци**: неженето / немажено население, чиј број во современите општества од година во година сé повеќе се зголемува.
- **Бракови без деца** ; брачна заедница без деца.
- **Хомосексуални парови** - заедница на претставници од ист пол.

Со раѓањето на децата сопружниците стануваат родители и добиваат нови улоги. Меѓу нив се воспоставуваат поинакви односи, обврските им се зголемуваат. Бракот прераснува во семејство во кое се воспоставуваат роднински односи. *Роднинството е биосоцијална врска помеѓу членовите на семејството, како резултат на брачниот (полов) однос.* Забранува родоскврнавење (инцест), т.е. полови односи меѓу татко и ќерка, мајка и син, брат и сестра.

Семејството е интимна заедница, но со структурирана организација, што значи дека таа не е препуштена на волјата на нејзините членови. Односите меѓу членовите се регулираат со правни и морални норми што зборува за значењето на семејството во општествениот живот.

Семејството има свој историски развој. Во секоја историска епоха на човековата историја се развивале соодветни облици на семејства и семејни односи. Во минатото доминирале големи семејства во кои таткото имал надредена положба над жената и децата.



Денес преовладува мало семејство **нуклеарно.** Во него владеат демократски односи. Мажот и жената се рамноправни, тие во голем број случаи подеднакво придонесуваат за обезбедувањето на материјални добра, тие ги споделуваат обврските во водење на заедничкото домаќинство, како и одгледувањето и воспитувањето на децата. Авторитетот во современото семејство е рамноправно поделен меѓу мажот и жената.

## Функциите на семејството

Независно од бројот на членовите, секое семејство е повеќе функционална општествена творба. Според тоа, таа се разликува од другите општествени групи. Првата функција на семејството е *биолошкопсихолошката*. Тоа значи дека сопружниците во рамките на семејството ги задоволуваат полните односи, ги одгледуваат децата и воспоставуваат односи на љубов, взаемно почитување и поврзаност.

Една од најстарите функции на семејството е *социјализаторската*. Преку воспитувањето од своите родители новороденото дете се подготвува за живот во општеството. Ги осознава најопштите претстави и ставови за општеството, нормите и вредностите и односите во него. Преку социјализацијата ги прифаќа културните обрасци на заедницата во која се раѓа и расте.

*Економската* функција на семејството се состои во обезбедувањето и трошењето на материјални средства за живот на своите членови.

### Современо семејство

Во современото семејство намален е



бројот на членовите и неговите функции. Мажот сé почесто самостојно настапува во процесот на трудот, а тоа бара поголемо отсуство од домот и семејството. Жената во напорите да се изедначи со мажот, сé повеќе настојува рамноправно да учествува во обезбедувањето на средства за животна егзистенција. Во вакви услови грижата и социјализацијата на децата е препуштена на детските установи и училиштето. Раѓањето на деца се ограничува на едно или две. На овој начин улогите на членовите во семејството се менуваат. Односите меѓу брачните другари, родителите и децата сé повеќе добиваат „партнерски" карактер што истовремено значи нивно психолошко оддалечување. Сепак, основните функции можат да се извршуваат само во здравото семејство. Само во здравото семејство, во кое постои љубов и разбирање детето може да се развие во здрава личност.

**Задача**



Напиши есеј на тема- Семејството денес. Водич за есејот нека ти бидат следните прашања:
1. Кои се разликите помеѓу традиционалното и современото семејство?
2. Какви се твоите размислувања за семејството во иднина?
3. Објасни го влијанието на вонбрачните заедници врз демографската структура на населението?

# ПОЛОЖБЕНИ ГРУПИ (СЛОЕВИТОСТ И МОБИЛНОСТ)

Живееме во време во кое висока вредност има идејата на еднаквоста. Но, и покрај тоа, во општествата постојат значителни разлики меѓу луѓето. Луѓето меѓусебно се разликуваат по богатството што го поседуваат, по угледот што го уживаат и по моќта со која располагаат за да го наметнат своето влијание во општеството.

Нееднаквоста постои во сите типови на човечки општества. Дури и во малите човечки групи во кои не постојат разлики во богатството, нееднаквоста е присутна преку разликите во родот (мажи и жени), возраста (млади и стари), но исто така и преку разликите во угледот поврзани со индивидуалните способности. Овие нееднаквости всушност луѓето ги подвојуваат во различни групи кои имаат посебна положба во општеството, именувани како слоеви. Ваквата нееднаквост била причина за многубројни судири низ историјата.

**Низ историјата познати се пет системи на слоевитост: ропство, каста, сталеж, класа и слој.**

**Ропството.** Тоа е екстремна форма на нееднаквост во која некои луѓе се поседувани од други како нивна сопственост.

**Касти.** Тоа се затворени групи, со посебно место во општеството.Засновани се на строги религиски правила. Тие вклучуваат норми за однесување во рамките на секоја каста, како и забрани за мешање меѓу кастите. Кастата е типична за Индискиот потконтинент.

**Сталежи.** Тоа се групи, каракте-

ристични за европските општества од средниот век. Во сталешките општества за секој сталеж се утврдени посебни задолженија, права и норми на однесување. Најпознати сталежи биле: свештенството, благородништвото, селанството и граѓанството.

**Класа.** Класите се релативно отворени групи, карактеристични за општествата почнувајќи од раната фаза на индустријализацијата до денес. Припадноста во нив не е заснована на правни или религиски прописи, туку е условена од положбата на човекот на пазарот на трудот, како и од придобивките кои следат од таа положба. Човекот се здобива со соодветна класна положба зависно од тоа дали поседува или не поседува сопственост, колку заработува, какво е неговото занимање, каква е неговата положба во работната организација, односно пред сé преку економската состојба. Постојат различни класификации на класите, но најчеста е онаа која луѓето ги дели во три групи: висока класа, средна класа и ниска класа.

**Слоеви.** Карактеристични се за современите индустриски општества, во кои постои толку голема поделба на трудот и толкава разновидност во распределбата на богатството, угледот и моќта што е неможно да се направат јасни разграничувања. Основни критериуми според кои се определуваат слоевите во современото општество се: занимањето, заработувачката, образованието и начинот на живот.

Во современите општества многу е голема значајноста на образованието за постигнување повисока општествена положба.

Луѓето извршуваат различни улоги во општеството. Притоа, сите улоги не се сметат за еднакво значајни. Секое општество си има критериуми преку кои ја определува значајноста на општествените улоги.

Еден критериум е времето кое е потребно да се стекне некоја улога . Имено, општествените улоги бараат различно време на подготовка: за некои е доволно да се има основно образование, за други средно, за трети високо. Обично како позначајни се сметаат улогите за чија подготовка е потребно долго време.

Така на пр. улогите на лекар, судија, инженер и сл., за кои е потребно долгогодишно образование се определуваат како позначајни од улогите на чистач, носач, копач и сл., за кои не е потребно толку долго образование. Од друга страна, високо се ценети и оние улоги кои бараат да се поседуваат специфични таленти. Потребно е да се има добар слух и добри гласовни способности за да се стане пејач, талент за сликање за да се биде сликар и сл. Овие способности не се многу чести меѓу луѓето и затоа оние што ги поседуваат треба да се мотивира.

## Општествена подвижност

*Општествената подвижност (мобилност) претставува промена на местото и положбата на поединците и општествените групи во општеството, поточно промени во професиите.*

*Хоризонтална општествена подвижност* се остварува тогаш кога еден поединец (група) преминува на ново работно место кое приближно е исто платено и вреднувано како првото. На пример, кога една медицинска сестра ќе се обучи за физиотерапевт или шалтерски работник од општина се премести како архивар во суд. Поединецот го променил работното место но тој има исти приходи, моќ и престиж како на првото работно место.

*Вертикалната подвижност* подразбира движење во професијата по вертикала нагоре или надолу. Ако некој инжинер почнал да работи како погонски инженер во некоја фабрика, а подоцна станал раководител на менаџерскиот тим во иста или друга фабрика, тогаш за него велиме дека остварил вертикална подвижност нагоре. Надолна подвижност би остварил ако поради преголемо консумирање алкохол од раководител стане чувар на градежен објект.

Во старите општества, во кои местото на индивидуата во општеството било определено со прописи, луѓето немале можност да ја променат својата општествена положба. Припадниците на една генерација имале иста положба како и нивните родители, и тоа се продолжувало низ повеќе генерации. Меѓутоа, во современите општества, во кои општествената положба во најголем обем е определена преку постигнувањето на индивидуите, голем број припадници на секоја генерација постигнуваат повисока положба од нивните родители. Во ова движење нагоре најголема е улогата на образованието.



**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Што е општествена слоевитост?
2. Кои видови на стратификациски системи познаваш?
3. Што е општествената мобилност?



Задача

Обиди се да ги идентификуваш слоевите на македонското општество, а потоа класифицирај ги професиите според нивната ценетост?

# Етнички групи

## Што е етничка група?

*Етничките групи* (грчки „ethnos” - народ) се трајни и повеќе - функционални општествени групи кои историски настанале со здружување и заедничкото живеење на повеќе сроднички групи на некоја територија.

Во историјата се случувало, а се случува и денес луѓе со определени културни карактеристики да влезат во составот на држави во кои мнозинството од населението има други културни карактеристики. Порано тоа се случувало со преселбите на народите и војните, а денес луѓето барајќи подобра егзистенција ја напуштаат својата и се населуваат во други земји, побогати и поразвиени.

Денес населението во повеќето држави во светот нема единствени културни карактеристики. Речиси во сите земји постојат категории на население кои од останатите се разликуваат по своето потекло, според јазикот, религијата, традицијата и други карактеристики. Тие себеси се доживуваат како различни од мнозинското население, а исто така и тоа нив ги доживува како различни од себе. Овие категории науката ги нарекува *етнички* **малцинства,** а во секојдневниот говор ги сретнуваме како етнички групи или заедници.

Етничка група се нарекува онаа група чиишто членови имаат заедничка културна традиција и чувство на идентитет.Тие се разликуваат од другите членови на општеството според неколку карактеристики. Најчесто имаат свој јазик, религија, обичаи. Карактеристично за нив е чувството дека се поразлични од другите.

**Етничко оддалечување или приближување**

Помеѓу етничките малцинства и мнозинското население можат да се воспостават повеќе видови на односи како, на пример: односи на меѓусебно почитување и блискост, но, и односи на меѓусебно спротивставување, нетрпеливост, непочитување на меѓусебните разлики, дури и отворени конфликти.

Во вториот случај се остваруваат процеси кои сé повеќе ги оддалечуваат групите, а најзначајните меѓу нив се: *етничкото одделување* или сегрегација, етничките предрасуди и етничката дискриминација.

**Етничка самосвест**

Кога постои отворена или прикриена спротивставеност, припадниците на етничките групи се чувствуваат подредени и загрозени во рамките на мнозинската група. Тогаш започнуваат да практикуваат однесување со кое сакаат да се чувствуваат побезбедни во секојдневниот живот со мнозинската група. Така со припадниците на својата група градат поблиски односи отколку со припадниците на другите групи посебно во деловните, семејните, брачните и другите врски. Оваа насоченост кон себе, која делумно се должи на потребата да се споделуваат животните проблеми со оние што се поблиски, а делумно на настојувањето на мнозинската група да ги оддалечи од себе, придонесува да се развие чувство на етничка различност. Тие започнуваат да го истакнуваат своето заедничко потекло, ги нагласуваат оние обичаи и навики кои се нивна карактеристика како, на пример, се истакнуваат со различната облека, како и со местата каде го поминуваат своето слободно време. Често создаваат свест за себе како различна, загрозена и подредена група во однос на другите групи во општеството и во тој дух ги воспитуваат и помладите генерации. Значи, градат чувство за етничка самосвест или етнички идентитет. Но, тоа чувство се гради и кога етничката група не е загрозена или потисната од мнозинството и кога ги ужива своите права и има услови за развој.

**Етнички предрасуди**

Често различните етнички или расни групи во една заедница настојуваат меѓусебно да се вреднуваат. При тоа се случува припадниците на една група да ја оценат сопствената за најдобра, а за припадниците на другите етнички групи неосновано и без аргументи да формираат негативни ставови и мислења. Во ваков случај станува збор за етнички предрасуди. Вообичаено предрасудите се пропратени си јаки емоции и тешко се менуваат. Ги отежнуваат односите во општеството и претставуваат постојан извор на непријателства и конфликти.

**Етничка дискриминација**

Предрасудите се основа за отворено непријателство. Кога тие ќе се вкоренат во средината, кога кон припадникот на една група се искажува презир и одвратност затоа што е припадник на таа група, а не затоа што тоа го заслужува, тогаш се отвораат можности за непријателско однесување. Предрасудите го отвораат патот на дискриминацијата, на однесување кон другите коешто не е коректно. Ним им се забранува да влегуваат на места кои се предодредени за припадниците на мнозинската група. На конкурсите за вработување не им се дава вистинското место затоа што се припадници на некоја малцинска група. Не се избираат за пријатели и брачни другари. Им се дофрлаат груби и навредливи зборови и се прават шеги на нивна сметка. Дискримина-

цијата уште повеќе го продлабочува и подгрева непријателството меѓу етничките групи, што може да доведе до отворени и насилни конфликти. Затоа човештвото се бори против предрасудите и дискриминацијата со многу средства: правни, економски, политички, културни.

Во нашето општество има повеќе етнички групи. Најмногубројни од нив се албанската, турската, ромската, српската и влашката. Основни карактеристики преку кои тие се разликуваат од мнозинскиот македонски народ се: потеклото, јазикот и религијата, односно комбинација од овие карактеристики.

**Мултикултура**

Меѓу етничките групи не мора секогаш да се развијат непријателски односи. Денес во демократски развиените општества се прават обиди да се поттикне соработката и взаемното почитување помеѓу различните етнички групи, без притоа да се доведе во прашање опстанувањето на посебните карактеристики на нивните култури. Секоја група си ги негува своите посебни културни карактеристики, а истовремено има почит и кон културните карактеристики на другите групи во таа заедница. Ова взаемно прифаќање создава една мултикултура која претставува културно богатство за заедницата и можност да се изгради една мирна и релаксирана клима за живеење во тоа општество. Значајно е граѓаните во една заедница да уживаат исти граѓански права и социјална положба.

**Научи повеќе**

Милиони Црнци во Америка ги немаа истите права како белците. Беа одделени од белците и ставени во посебни места за живеење. Одеа во посебни училишта, посетуваа посебни ресторани и паркови, се поради црната боја на кожата. Тоа траеше се до 1965 година кога на Црнците им се дозволи право на глас. Во јужните делови на Америка се појави организација наречена Кју Клукс - Клан која започна да ги тероризира црнците. Им ги палеа куќите на црнците, ги камшикуваа и ги убиваа. Носеа бели покривки. Постојано тврдеа дека Господ е Белец и затоа сите црни луѓе мора да бидат потчинети.

Шпанските конквистадори (освојувачи) кои немилосрдно ги ограбувале новооткриените земји на Средна и Јужна Америка и ги убивале домородните Индијанци, тоа го правеле со објаснување дека Индијанците не се луѓе како Спанците.

**Истражувачка активност**

Напиши есеј на тема: Младите и етничноста во Р. Македонија. Водич при изработката на есејот нека ти бидат следните неколку прашања:

1. Какви се според тебе етничките односи во Македонија.

2. Дали постои етничка дискриминација и како се манифестира.

3. Каков е односот на младите кон етничноста. Дали меѓу нив постои етничка нетрпеливост и како таа се изразува. Посочи примери и аргументи за тоа.

# Полови и родови разлики

### Како настанала идејата за нееднаквоста меѓу мажот и жената

Научниците прават разлика меѓу термините пол и род. Кога го употребуваат терминот пол ги имаат прдвид биолошките разлики меѓу луѓето и нивната поделба на машки и женски. Терминот род го употребуваат кога сакаат да ги истакнат разликите помеѓу мажите и жените во однос на занимањата, положбата што ја имаат во економијата, политиката и сл.




Во првата книга,,Постанок" на Мојсеј, Бог ѝ вели на жената:,,Ќе ти ги зголемам маките кога си бремена; со болки ќе раѓаш деца, и ќе бидеш под власта на мажот свој и тој ќе ти биде господар".

Според религиското сфаќање жената го сторила првиот грев во рајот. Го вкусила забранетото овошје, го довела Адам во искушение и оттогаш таа страда. Во минатото, (но за жал и денес во некои општества и култури) постоело сфаќање дека мажите и жените биолошки се различни и затоа треба да постојат машки и женски работи (обврски). Според тоа мажите оделе на лов, а жените се грижеле за своите деца. Овие улоги не биле подеднакво ценети. Мажите уживале поголем углед и имале повеќе права.

Така, на пример, жената во Авганистан немала право на образование. Таа била целосно покриена од глава до петици и морала да биде придружувана од машки член од семејството кога ќе излезе. Жената била и физички малтретирана дури ако ја видат како јаде сладолед.

На островот Алора во Индонезија, жените се занимавале со одгледување и собирање храна и затоа постојано биле надвор од селата. Четиринаесеттиот ден од породувањето, жените се враќале на поле, а за новороденчето се грижеле повозрасните браќа и сестри, таткото, бабата и сл. Во Пакистан ѐ уште се применува обичајот родителите да избираат маж на својата ќерка.

Сѐ до седумдесеттите години на 20-от век, жените во Германија морале да добијат дозвола од сопрузите дека се согласуваат да одат на работа.






*Која од овие жени се изборила за своите права?*



*„Бидете мажи, но не ги малтретирате жените!“ се зборови кои сé уште ги извикуваат жените ширум светот.*

Денешните научници тврдат дека освен раѓањето деца, што исклучиво ѝ припаѓа на жената, сите останати улоги таа ги добила од заедница во која живее.

Иако денеска не се разговара повеќе за тоа дали жената и мажите треба да бидат еднакви, сепак останува прашањето колку навистина и е овозможено на денешната жена да биде истовремено успешна мајка и успешна жена во сите сфери на општествениот живот. Апелот за еднаквоста помеѓу машкиот и женскиот пол не допира до ушите на алчните за печалење пари. Во Германија постои законска можност еден од родителите да оди на неплатен одмор во траење од најмногу 3 години. Работодавачот е должен да му го чува работното место. Оваа можност е отворена за двајцата родители, но во реалноста работите изгледаат поинаку. Не е доволно да се каже дека сакаме повеќе вработени жени. На мајките им е потребно да имаат гаранција за добро платено работно место и заштита од добивање отказ. Во повеќето земји со низок наталитет, децата се сметаат за пречка да се дојде до високо платени и ценети места. Се уште жените, за работа која ја работат мажите, добиваат 20% пониска плата од нив.

Во демократските општества мажите и жените се еднакви. На жените им е дозволено сé што им е дозволено и на мажите. Жените имаат и посебни права заштитени со посебни меѓународни документи. Во нив се нагласува големиот придонес на жената во семејството и во општеството. Еден од нив е *Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената.* Државите потписнички на оваа Конвенција се должни да обезбедат заштита и да осудат секаков вид дискриминација над жената. Тие се должни да преземат соодветни мерки кои ќе ѝ овозможат на жената целосен развој и напредок во сите области: во семејството, политиката, во области на трудот, во културата. Тие треба да обезбедат можности за правилно разбирање на мајчинството, поради кои најчесто жените се дискриминирани.

Но, и покрај сите обиди за спречување на дискриминацијата таа и денес постои. Значителен е бројот на луѓето од развиените индустриски општества кои сметаат дека успешно семејство е она во кое мажот треба да работи, а жената да се грижи за децата и домот.

Модерната жена често пати се наоѓа распната меѓу желбата да биде добра мајка и успешна жена.

Така на пример, во денешна Германија, 40% од жените со високо образование се откажуваат од мајчинството во полза на напредувањето во професијата. Од друга страна, 40% од жените кои решиле да станат мајки, после породувањето не се враќаат на работа. Жените се многу често жртви на семејното насилство и на трговијата со луѓе. Се претпоставува дека годишно 4 милиони лица во светот стануваат жртви на трговија со луѓе, од кои најголем дел се жени и деца. По пат на лажни ветувања за вработу-

вање кои им ги даваат криминалците, голем број жени во светот се вовлекуваат во синџирот на продажба и проституцијата. Во некои средини жените се сѐ уште жртви и на семејното насилство кое предизвикува грубо навредување, психичко и физичко малтретирање, телесно повредување, загрозување на нејзината сигурност и губење на достоинството.

**Задача**

Прочитај го текстот, а потоа извлечи заклучок.

1. Како влијае успешната кариера на жената врз бракот на сопружниците?

2. Пронајди ги во текстот родово-дискриминирачките ставови и размислувања на мажот?

3. Кои се твоите предвидувања за овој брак?

Кариерата на жената - стрес - тест за бракот

Часот е 6: 30 наутро и мојата сопруга штотуку замина на работа. Пред три месеци таа започна нова кариера како берзански брокер. Заедно заклучивме дека е тоа добра идеја: дека таа ќе може да го покаже својот талент и дека тоа ќе ги зголеми нашите приходи. Заклучивме дека пристигнаа нејзините 5 минути и дека тоа треба да се искористи.

„Ние имаме добар брак. Ти си млада и способна треба да имаш кариера.“- ѝ советував.

Во последниве 22 години таа се грижеше за нашите потреби. Таа извршуваше илјадници работи, помина илјадници километри со возилото, се грижеше за финансиите на нашето семејство, ги поправаше дефектите во куќата и според мене таа беше и маж и жена во куќата. Сега сѐ се промени и не е лесно како што мислев дека ќе биде. На површина избија грижи, сомнежи, знаци на љубомора и навредливост.

Додека се возев до мојата канцеларија, слушнав на радио дека мажите чии жени се вработени треба да имаат помали очекувања отколку мажите чии жени се домаќинки.

Но, жена ми веќе не одеше во супермаркет да пазари, се помалку ги пеглаше алиштата, а градината сета обрасна во трева.

Јас не ги мразам супермаркетите, но изгледам многу смешно кога облечен во одело, ја туркам количката и се обидувам да се потсетам (од листот хартија) што треба сѐ да купам. Сакав да исчезнам кога ме сретна пријателката и ме виде како во едната рака држам голема кутија прашок за перење, а во другата пелени за најмалата ќерка. Со сочувство во нејзините очи ме праша дали е сѐ во ред. Наместо да ѝ одговорам, се упатив кон касата, платив, и заминав.

Кога пристигнав дома, колата на жена ми ја немаше. Уште една траума. Таа секогаш ме прегрнуваше уште на вратата, а сега доцни. Куќата беше темна, без мирисот на тазе подготвените колачи, а сѐ што купив од супермаркет требаше да го сместам некаде во кујната.

Нема да можеме да одиме ниту на одмор заедно. Најави дека ќе оди 7 недели на обука. Таа е исполнета со нов ентузијазам. Кариерата од неа бара максимум енергија и време. А што е со мене? Тоа боли, ме исполнува со огорченост. Тогаш зошто сме ние во брак?

# ЈАС, ГРАЃАНИНОТ

## Што сме како граѓани и државјани

*,,Заеднички членовите на општеството се викаат народ, одделно како учесници во највисоката власт се викаат граѓани, а како потчинети на државната власт - поданици".*

*Жан Жак Русо*

Човекот според својата природа е предодреден да живее во општества. Тоа значи дека само во општествена заедница, со другите луѓе и заедно со нив може да живее, да создава, да твори и да ги задоволува своите животни, духовни и културни потреби. Но, за да живеат заедно и да соработуваат, односите меѓу луѓето мора да бидат уредени со правила. Заедничките правила им укажуваат на поединците како треба да се однесуваат. Обичаите ги упатуваат на пристојно и учтиво однесување (да се поздравуваат, да застанат во ред кога се во банка, пошта, продавница, да користат прибор за јадење и сл).

Законите се пишани правила. Нив ги пропишува државата. Нема област од општественото живеење во која не постојат закони, затоа што тие им овозможуваат на луѓето сигурност и безбеден живот.

Но, за да се одржи ред во општеството не е доволно да постојат правила. Тие правила треба да се почитуваат. Почитувањето на правилата е должност на секој припадник на општеството.

Непочитувањето на законите од страна на поединците се смета за престап, а за секој престап државата предвидува казна (парични казни, затворање, протерување и сл.). Значи државата е најмоќно средство за принуда. Таа преку својот државен апарат (законите, судовите, полицијата, војската) ги принудува припадниците на општеството да ги почитуваат правилата. *Затоа велиме дека сите луѓе во една заедница се припадници на државата, односно тие се нејзини поданици, државјани.*

Државјанството е трајна правна и политичка врска на поединецот со една држава на чија територија живее. Таа врска се уредува со посебен законски акт, во кој се содржани правата, слободите и должностите на државјаните во однос на државата и обратно.

Државата не е само средство за принуда. Таа ги заштитува своите државјани и од надворешни опасности и напади, односно ја организира одбраната на заедницата. Исто така организира заштита и одбрана и од природни и елементарни непогоди, го чува внатрешниот мир и поредок во заедницата, ги помага државјаните што имаат потреба од социјална помош и врши многу други општествени функции.

Граѓаните имаат право да ѝ поставуваат барања на државата, но имаат и обврски и должности кон неа. Тие бараат од државата да ги заштитува, да ги обезбедува и да се грижи за нив, но затоа пак тие имаат должност да плаќаат даноци. Значи, учеството на граѓаните во животот на заедницата не подразбира само барања на граѓаните од државата, туку и прифаќање и извршување на обврските кон неа.

Граѓанин е човек кој ги ужива човековите права и слободи во една држава, но кој има и одговорности кон неа.

Правото на граѓанство не се стекнува со раѓање. Тоа е право што се стекнува во одреден период од животот. Постои разлика помеѓу државјанин и граѓанин. Во некои држави, особено во минатото, луѓето биле третирани само како поданици на државата.

Стеван Немања, српски владетел во средниот век во една прилика им се обратил на своите *поданици* со зборовите:

,,Драги мои чеда одгледани од мене. На сите ви е познато како Бог во својата промисла ме постави мене да владеам со вас; и како на почетокот најдов упропастена земја; и како со помошта божја, толку колку што имав сила не отстапив ниту пак мир себе си можев да си дадам, додека не поправив сè. И со божја помош ви придодадов и во должина и во широчина, што на сите ви е познато... Затоа чеда мои мили не заборавајте го учењето на својот и проповеданиот закон од мене даден”.

Џозеф Ворен, американски лекар и политичар од 18 век за граѓаните рекол:

,,... Нема сомневања дека најголемо и најважно право на британскиот граѓанин е дека никакви закони не можат да управуваат со него, со исклучок на оние за кои тој, било лично или преку свои претставници дал своја согласност. Тоа е основата на британската слобода и темел на британскиот устав чија копија е и нашиот (американскиот) устав. Без наша согласност никој нема право да не оданочува...”

Ако ги спореди ме овие два текста ќе забележиме дека станува збор за различни облици на власт - монархија и демократија. И поданиците и граѓаните им се покоруваат на законите. Но, поданиците се покоруваат на законите кои се донесени без нивна согласност, додека пак, граѓаните ги почитуваат законите затоа што тие се донесени во собранието. А во собранието одлучуваат пратеници избрани од граѓаните.

## Што е власт и зошто служи

Општеството претставува голема група на луѓе кои живеат заедно и соработуваат. Но, заедничкото живеење е невозможно, ако во него не постои власт. Власта ги донесува заедничките правила на однесување. Тие им укажуваат на членовите на општеството како треба да се однесуваат и што не треба да прават.

За оние што ги донесуваат и спроведуваат правилата се вели дека имаат моќ врз другите. *Затоа моќта се дефинира како можност некој да ја наметне својата волја врз другите, да врши контрола врз работата и однесувањето на другите.*

Постоењето на власта е неминовност и затоа суштинското прашање на секое општество е како да се уредат односите помеѓу власта и народот. Оние што владеат мора да знаат зошто владеат, и кој им дал согласност да владеат. Најголема моќ во општеството има ***државата***.

Задача 

Прочитај го текстот, а потоа заклучи која е потребата од постоење на власта.

Една од најважните цели во општеството на Индијанците Сујукс била како да се организира успешен лов. За таа цел била потребна добра соработка меѓу членовите, како и добро воспоставени односи на моќ.

Во текот на летните месеци, бизоните, кои биле главен извор на храна на племето, се собирале во големи стада во рамничарките предели на Северна Америка. Ловот на бизони бил потфат од големи размери. Успешниот лов барал сложена организација, водство и строга дисциплина.

За таа цел биле поставувани шерифи. Ловот се одвивал под нивна заповед и власт. Шерифите посебно внимавале на младите нетрпеливи воини кои можеле прерано да тргнат во акција, да го исплашат стадото бизони и тоа да избега. Тоа не смеело да се случи, затоа што бизоните биле основна храна на племето. Затоа на шерифите им била дадена власт да ги истепаат сите оние кои не им се покоруваат на правилата. Со самото тоа што племето им дало моќ на шерифите да казнуваат, тие всушност ја прифатиле нивната моќ како оправдана.

Прифаќајќи ја моќта тие всушност прифатиле да се покоруваат затоа што од покорувањето имале корист. *Кога покорувањето на моќта е прифатена, за таа моќ велиме дека прераснала во власт.*

Државата е организирана човекова заедница што има сестрано право и моќ да ги уреди односите во една заедница и на нејзината територија, вклучувајќи ја и употребата на принуда.

## Како се стекнува власта

Во зависност од тоа кој ја има власта и како е стекната, власта може да биде демократска, монархија, тиранија и диктатура. Ако согласноста на оние што владеат им ја дал народот, тогаш станува збор за демократска власт. Доколку таа не е дадена од народот, туку е насилно присвоена зборуваме за недемократска власт.

Сестраното право и моќ на уредување на односите во таа заедница и на таа територија се нарекува **сувереност,** а тоа што државата ја извршува суверeноста на законите на општо признат начин, се нарекува **легитимност.**

Во демократското општество граѓаните ја избираат власта. Изборот се врши со тајно гласање. Тајното гласање е облик на изјаснување кој обезбедува целосна анонимност, односно, гласањето не може да се контролира од страна на државните органи. Значи суверенитетот му припаѓа на народот



*Власта може и да се наследи*

бидејќи произлегува од народот. Така на пример, ако припадниците на македонското општество прифатиле дека собранието (парламентот) има право да донесува определени одлуки и ако тие одлуки ги сметаат за законски, тогаш собранискта власт станува *легитимна, признаена власт.*



*Во демократијата власта се избира*

Суверенитетот има свое надворешно и меѓународно значење. Имено, другите држави не смеат да се мешаат во внатрешните работи на таа држава. Тие мораат да ја почитуваат власта на таа територија, нејзиниот внатрешен поредок, државни прописи, закони. Обично, државите се признаваат меѓусебно, и воспоставуваат т.н. дипломатски односи.

Суверенитетот на државата има свои симболи: грбот, знамето и химната на државата. Почитувањето на суверенитетот подразбира почитување на тие симболи.

Во првиот член од Уставот е запишано дека „Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава". Таа е суверена затоа што може и има моќ сама да ги уреди односите на својата територија без интервенции од надвор. Таа е демократска затоа што власта му припаѓа на народот, на граѓаните (власта ја извршуваат непосредно, преку свои избрани претставници). Македонија е социјална држава затоа што им припаѓа на сите граѓани и затоа што им пружа социјална помош на оние општествени слоеви на кои е таа потребна.

*Уставот на една држава е највисокиот законодавен документ што произлегува од суверенитетот на државата и ги уредува начелата на општествени односи и организацијата на државата.* Сите закони, прописи и норми во државата, што ги пропишува кој и да е орган во државата, мораат да бидат во согласност со Уставот. Во поинаков случај велиме дека се неуставни или спротивни на уставот и поредокот на државата.

Во членот 8 од Уставот на Р. Македонија се вели дека власта

·ќе ги гарантира основните слободи и права на човекот и граѓанинот,

- ќе им овозможи на граѓаните право слободно да ја изразуваат својата национална припадност,
- ќе овозможи владеење на правото,
- ќе биде поделена на законодавна, извршна и судска,
- ќе обезбеди слободни и непосредни демократски избори,
- ќе ја заштити сопственоста на граѓаните,
- ќе овозможи самоуправување во локалната средина,
- ќе се грижи за уредување, хуманизација и унапредување на животната средина.

Заклучи:

Државата е моќен и сеопфатен општествен орган што ги принудува сите да ги почитуваат нормите на однесување утврдени во едно општество. Но државата не е само средство на принуда. Таа ги заштитува своите државјани и од надворешни опасности и напади, односно ја организира одбраната на дадена заедница. Таа, исто така, ги штити своите припадници од природни и елементарни непогоди, го чува внатрешниот мир, сигурност и поредок, ги помага државјаните кои имаат потреба од социјална помош и врши многу други функции.

**Задача за размислување**

Прочитај на приказната за Кралството Сикел, а потоа напиши есеј според следните прашања:

Кој ја поседува власта во кралството Сикел? Каква е власта?

Дали жителите се среќни со таква власт?

Дали власта во кралството Сикел е вистинскиот облик на власт што им треба на луѓето?

Дали би сакал и твоето општество да биде организирано како кралството Сикел?

**Кралството Сикел**

Кралството Сикел се наоѓа високо во едни планини. Со векови скоро и да нема контакт со останатиот свет.

Иако е многу мало, кралството Сикел привлекува голем интерес. Причина за тоа е мошне необичната организација на животот во кралството.

Како прво, никој во кралството не може да биде гладен. Жителите на Сикел сами произведуваат храна и таа се дели на сите. Секое семејство добива куќа на користење без надомест. Големината на куќата зависи од бројот на членовите во семејството. Плинот за домаќинството и за загревање на домовите, како и поправките во домовите се бесплатни. Докторот е постојано достапен за сите болни, а на секои 6 месеци, секој жител на Сикел може бесплатно да направи систематски преглед на своето здравје. Здравствени работници редовно ги посетуваат постарите луѓе, бебињата и сите оние кои имаат потреба од нега.

Во кралството Сикел сите убави работи се достапни секому. Секое семејство добива купони со кои може да купи луксузни производи: парфеми, накит, зачини и сл.

Како успеале жителите на Сикел сето ова да го организираат?

Со кралството Сикел отсекогаш владеело кралско семејство. Сегашен владетел е кралот Сик трети. Тој одлучува за бројот на работниците, за производството на храна, за изградба на куќите, за здравствените служби. Уште на 5 години, децата се испраќаат на школување во соодветни училишта. Кралот најдобро знае кој за што е талентиран, да биде техничар или лекар. Сите останати, кога ќе навршат одредена возраст, кралот Сик ги вработува во својата кралска палата.

Најчудно е што во кралството не постојат пари. Никој не добива плата зошто секој добива онолку колку му треба.

Можеби ќе се прашате дали некој од кралството Сикел за нешто се пожалил. Тоа се случува многу ретко. Кој би се пожалил од таков живот нели?

**Задача**

Според тебе кои од наведените функции ги има современата држава.

| | |
|---|---|
| Да печати пари и собира даноци | Да организира производство |
| Да одржува дисциплина меѓу граѓаните | Да ги штити и брани државните граници |
| Да го поттикнува технолошкиот развој | Да организира спортски првенства |
| Да одржува јавен ред и мир | Да печати весници и емитува ТВ - програми |
| Да им дава кредити на граѓаните | Да ги вработува невработените |
| Да донесува закони и прописи | Да ги штити и почитува правата на граѓаните |
| Да организира избори за пратеници | Да гради фабрики |

## ОСНОВНИ ПРАВА И СЛОБОДИ НА ЧОВЕКОТ

### Потекло и развој на идејата за човековите права

Идејата за човековите права како и сите други важни поими поврзани со нив (живот, слобода, еднаквост, правда) е стара. Потекнува од античките европски држави, а потоа полека и со потешкотии се пробивала низ средниот век, сè до почетоците на нововековните граѓански револуции во 18 век и подоцна.

Така на пример, од песните на Хомер може да се заклучи дека во негово време не се почитувале и ценеле сите луѓе подеднакво. Повеќе се ценеле луѓето кои се одликувале со физички способности, особено победниците на спортските натпревари. Се ценела и војничката храброст и богатството, Преку нив се истакнувала личноста на поединецот.

Античкиот поет Хесиод, (8 век пред н.е.), ја истакнувал работата како човечка одлика која создава благосостојба и сигурност во општеството. Работата и правдата ги сметал за мерила според кои се определувал моралот на поединците. Во својата песна „Работа и денови" тој вели:

„ Секогаш внимавај на правдата и
насилство никогаш не смислувај,
на луѓето закон - ваков им наредил
Богот вишни;
рибите, грабливите ѕверки и
птиците крилести
едни другите да ги јадат, бидејќи
за правда не знаат;
на човекот му подари правда и
таа е најголемото добро"

Според Аристотел „луѓето по природа се или слободни или робови. Господарот е сопственик на робот кој нему сосема му припаѓа, бидејќи оној кој по природа му припаѓа на другиот, а не на самиот себе, е роб. Робот е нечија сопственост, а сопственоста е средство за употреба и затоа господарот има право да се служи со робот. Робот е жив дел од имотот, тој е живо орудие. Робовите се неопходни заради одржување на семејството, но и за да можат граѓаните да бидат ослободени од вршење на тешките физички работи. Тие треба да имаат слободно време да се подготвуваат за извршување на државните работи".

На заблудите на Аристотел им се спротивставил Алкидамант. „Слободни сите ги пуштил господ, никого природата не го направила роб". Со оваа реченица од „Месенската бесе-

да. Алкидамант ги заштитува човечкото достоинство и човечката слобода како природни права на човекот. Подоцна истата реченица ќе се најде и во првиот член од Францускаta декларација за правата на човекот и гласи: „Луѓето се раѓаат и останувaат еднакви во своите права”.

Животот на луѓето во средниот век се одвивал според црковните правилата. Во христијанската религија еднаквоста и правдата меѓу луѓето е изразена преку заедничката вера во Исус Христос. Десетте божји заповеди се сметале за правила според кои луѓето го насочувале своето однесување.

Обично слободите и правата на човекот се вклучуваат и утврдуваат во правните акти на одделни држави и на меѓународната заедница. По правило тоа се уставите на државите, декларации, меѓународни конвенции, пактови итн. Низ историјата има многу такви документи.

Во 1215 година во Англија, изработен е документ што ќе биде основа за идните големи декларации за правата на човекот, познат под името,**,Magna Carta Libertatym”- Големата повелба на слободата**. Повелбата настанала како револт на бароните - феудалци против кралот Џон кој ги ограничувал нивните права.

Во август 1789 година феудализмот во Франција престанал да постои. Власта на кралот Луј XVI била срушена и преминала во рацете на претставниците на народот (Собранието). Сите Французи станале еднакви пред Законот, плаќале еднакви даноци и имале право на сите државни функции.

На 26 август 1789 година Народното собрание на Франција ја донело **Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот**. Во неа стои:,,Луѓето се раѓаат и останувaат слободни и еднакви во своите права”. Државата мора да ги гарантира неотуѓивите права на човекот и граѓанинот и тоа: слободата на мислењето, слободата на вероисповед, заштитатата од самоволно притворање и наметнување на даноци, правото на сопственост, правото на глас условено од поседување на имот.

За време на Втората светска војна германскиот нацизам изврши геноцид врз Евреите и Ромите. Тоа ја натера Меѓународната заедница да подготви документ со кој ќе ги уреди правните и хуманите односи помеѓу државите и ќе го одржи мирот. Документот е наречен *Универзална декларација за правата на човекот*




*Елеонор Рузвелт со Универзалната декларација*

Универзалната декларација за правата на човекот е усвоена на Генералното собрание на Обединетите нации во Париз, на 10 декември 1948 година и содржи 30 члена. Универзалната декларација е создадена затоа што:,,непочитувањето и презирањето на правата на човекот води кон варварски постапки кои ја навредуваат совеста на човештвото; заради создавање на свет во кој човечките суштества ќе уживаат слобода на говор и вероисповед, ќе бидат слободни од страв и немаштија.

Според Уставот на Р. Македонија, човековите права и слободи кои се меѓународно признаени можат да се поделат во две поголеми групи. Во првата група спаѓаат граѓанските и политички слободи и права, а во втората група економските, социјалните и културните права и слободи. Овие права и слободи важат подеднакво за сите нејзини граѓани.

**Запомни**

Човековите права му овозможуваат на човекот да ги задоволи своите основни потреби. За еден човек велиме дека ги ужива своите права ако државата му обезбедила достоен живот: да има пристоен дом, да се образува, да работи и за тоа да добие соодветна надомест, да се бави со наука, да избере во кој бог ќе верува, да создава материјално и духовно богатство. Треба да се прави разлика помеѓу желбите и основните потреби, зашто човековите права ги штитат само основните потреби на човекот. Но, во современото општество потребите на човекот постојано се зголемуваат и поради тоа постојано се проширува и списокот на човекови права.

Најпознати меѓународни документи за слободите и правата на човекот денес се:



*Декларација на правата на човекот и граѓанинот, 26 август 1789 година.*

Универзалната декларација за правата на човекот, на ООН 1948 год.;

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, исто така на ООН, 1966 год.;

Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, исто така на ООН, 1967 год.;

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, на Советот на Европа, 1951 год.

## Граѓански и политички права и слободи

Овие права уште се наречени и прва генерација човекови права. Граѓанските права се мерило според кое се проценува каква е положбата на граѓаните во општеството: дали државата им обезбедила достоен живот и во која мера нивните животи се безбедни. Преку политичките права се проценува колку граѓанинот е активен во политиката. Во овие права спаѓаат:

- Право на живот
- Слободата на уверување, совест, мисла и јавното изразување
- Право на правично судење
- Право на слободно здружување
- Право на државјанство
- Избирачко право

**Право на живот** е лично право на граѓаните. Тие ова право можат да го остварат само ако се чувствуваат како личности. Ако никој не ги понижува, казнува, измачува, ако самостојно избираат место за живеење и стапуваат во брак со своја согласност; ако слободно се движат и патуваат во рамките на своето општество, ако можат слободно да ги искажат своите сфаќања и кога никој не им се вмешу-

ва во нивниот личен и семеен живот. Според Уставот на Р. Македонија животот на човекот е неприкосновен, а тоа значи дека никому не смее да му биде загрозен животот по ниеден основ. Со ова право се забранува секој облик на мачење, казнување и нечовечко однесување.





**Право на слобода** е неприкосновено човеково право. Врз ова право се темели и остварувањето на многу други права. Тоа е израз на хуманоста и е основа на демократијата. Според ова право никому не може да му биде ограничена слободата, освен со судска одлука. Така гласи и членот 12 од Уставот на Р. Македонија „на ниту еден граѓанин не смее да му се ограничи слободата, освен ако така не одлучил судот". Според Законот за *правично судење,* на секое лице кое е повикано или приведено во полициска станица мора веднаш да му бидат објаснети причините за што е осомничен, а најдоцна во рок од 24 часа од моментот на лишување од слобода да биде изведен пред суд. Во текот на судската постапка секое лице има право да повика бранител и да се брани од слобода. Лицето кое е обвинето за некое казниво дело ќе се смета за невино сé додека неговата вина не биде утврдена со судска одлука.

Правото на слобода му овозможува на граѓанинот слободно да се движи на територијата на државата и слободно да избере место за живеење.

**Слободата на уверување, совест, мислата и јавното изразување** се гарантирани слободи на секој човек. Преку нив човекот може да ја искаже својата индивидуалност и достоинство, да се чувствува еднаков и рамноправен. Овие слободи му овозможуваат на човекот јавно, со зборови или со други средства (карикатури, слики) да ги искаже своите погледи кон животот, своите убедувања дури и кога се поразлични од оние на другите. Се разбира овие слободи човекот не смее да ги злоупотребува. Затоа вообичаено



*Секој има право слободно да ја избере верата*

во демократските држави законски се забрануваат говори и јавни настапи кои поттикнуваат национална, верска и расна омраза. Во рамките на овие **слободи спаѓаат и оние со кои им е дозволено на граѓаните да поднесуваат предлози, претставки и поплаки** до националните, меѓународните органи и јавни служби. Ваквите слободи на граѓаните ја принудуваат власта да работи што е можно потранспарентно. **Слободата на печатот и другите медиуми** е значајна бидејќи преку овие средства се влијае на создавањето на јавното мислење. Граѓаните имаат право да бидат информирани преку медиумите (печатени и електронски) што се случува во заедницата.



*Човековите права на дело.*

**Правото на слобода на вероисповед** е лично право. Подразбира можност на граѓанинот слободно, според својата совест да избере вера на која ќе ѝ се поклонува. Ова право ја вклучува и **слободата -** *граѓанинот да ја промни својата религија или убедување,* индивидуално или во заедница со други луѓе, приватно или јавно, да ја манифестира својата религија или убедување преку подучување, одржување служби или обреди.

***Правото на слободно здружување*** е суштинско право на граѓаните. Повикувајќи се на ова право, луѓето имаат можност заеднички да дејствуваат, особено во политиката. Врз основа на ова право граѓаните формираат политички партии, синдикати, религиозни заедници, здруженија за заштита на човековите права, добротворни здруженија и на тој начин ги изразуваат своите политички, економски, културни и други уверувања.

Ваквите здруженија имаат за цел да ги актуелизираат проблемите во заедницата и да ја натераат власта побрзо да ги реши.

**Правото на државјанство**. Ниту еден човек на Земјината топка не треба да биде без државјанство. Преку ова право се определува односот на граѓанинот и државата. Дали тој ѝ припаѓа, дали е нејзин член. Само оној поединец кој има стекнато право на државјанство може да има пристап до сите други граѓански права.



**Избирачко право.** Ова право луѓето го остваруваат на повеќе начини. Така на пример според ова право секој поединец со навршени 18 години може да зазема јавна функција во општеството, да избира и да биде избран. Користејќи го правото на глас, граѓаните избираат свои претставници во власта. Се кандидираат и избираат



*Мажи и жени, стари и млади, црни, бели, верници и неверници - сите имаат исти права*

претседател, пратеници во собранието, градоначалници, советници на општините. Ова право им овозможува да дебатираат и пишуваат за одредени политички прашања, да формираат и членуваат во политички партии, да учествуваат во изборни кампањи и да протестираат. Правото на учество во политичкиот живот им овозможува на граѓаните да ја избираат власта, но и да влијаат врз одлуките кои таа ги донесува.

**Запомни**

Личните права и слободи на граѓаните како што се правото на живот, правото на слобода, слобода на мислата, слобода на движење, слободата на вероисповед, правото на државјанство треба да се сфатат како човечки вредности. Тие го заштитуваат човековото достоинство и ја оневозможуваат дискриминацијата. Овие права се основа за остварување на сите други права.

Политичките права и слободи му овозможуваат на граѓанинот да учествува во политичкиот живот на заедницата. Овие права се менуваат и шират во зависност од демократијата и структурата на општеството.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Анализирај кои права ги уживаш. Посочи примери во кои не биле почитувани твоите прва?
2. Направи ранг листа на правата на граѓаните според нивната важност?
3. Кое е твоето мислење за постоење на право за информатичка писменост? Провери дали на листата на човековите права се споменува ова право?
4. Некои луѓе поседуваат двојно државјанство. Кои се предностите и слабостите од тоа?

## Економски, социјални и културни права

Економско - социјалните права се познати и како втора генерација на човекови права, затоа што во споредба со граѓанските и политичките права, овие права се признати многу подоцна. Во оваа група на права спаѓаат:

- *правото на работа и заштита од невработеност,*
- *еднаква плата за еднаков труд,*
- *заработувачка доволна за живот, достоинствена за поединецот и неговото семејство,*
- *право на платен годишен одмор,*
- *осигурување во случај на невработеност, болест, изнемоштеност и старост.*

Овие права се многу важни. Тие им ја обезбедуваат на луѓето економската и социјалната сигурност во општеството, ги заштитуваат луѓето од невработеност, им обезбедуваат можност самостојно да изберат професија, да работат и да обезбедат за себе и за своите семејства средства за егзистенција. Луѓето кои ги уживаат овие права вообичаено заработуваат до-



*Секој има право да избере професија*



*На сите нив им треба помош од други*

волно средства да ги задоволат своите основни животни потреби: удобен дом, храна, облека. Со економско - социјалните права на луѓето им е дадена можност и да поседуваат имот (личен или заеднички).

Исто така, преку овие права им се обезбедува на луѓето соодветна медицинска помош и соодветна социјала заштита. Во случај кога поединците не можат да го искористат правото на работа (болест, инвалидитет, старост и сл.) и не можат да обезбедат средства за живот, тогаш според овие права на луѓето им следи социјална помош од државата.

Без овие права, политичките права на човекот не му значат многу. Човечкото достоинство не може да се заштити ако државата (владата) не ја определи најниската плата и ако не ги заштити луѓето кога ќе останат без работа, кога ќе се разболат или кога ќе остарат.

**Правото на образование** е едно од основните социјални и економски права. Ова право не е значајно само за поединците, туку и за семејството и целата заедница. Човекот учи и се оспособува за определено занимање, а преку занимањето обезбедува средства за задоволување на своите потреби. Образованите, подготвените и способните граѓани се основното богатство на секоја општествена заедница, зошто тие се носители на стопанскиот и културниот развиток на заедницата.

**Културните права** им овозможуваат на луѓето да учествуваат во културниот живот на заедницата, да уживаат во уметноста, да ги користат придобивките на научниот напредок и да го користат своето слободно време онака како тие сакаат и умеат.



*Секому треба да му се овозможи да се образува*

Луѓето кои ги уживаат овие права се добро информирани за состојбите во општеството, имаат слободното време за одмор и рекреација. Добиваат платен одмор (неколку дена во годината) кои ги користат за патување, летување, зимување.

Луѓето имаат потреба да ја развиваат својата личност. Затоа луѓето читаат, спортуваат, се бават со уметност, истражуваат. Овие потреби ги задоволуваат преку културните права.



*Овие луѓе знаат што е најдобро за нив*

Со културните права, творците ги заштитуваат своите научни, книжевни и уметнички дела. Слободата за научното и уметничкото творештво им гарантира дека нивните дела нема да бидат забранувани, а творците нема да бидат омаловажувани и прогонувани за она што ќе го објават.

Луѓето имаат потреба да живеат во чиста и незагадена околина, заштитена од можни уништувања. Секој има лично право да го заштитува своето здравје од штетните влијанија на загадениот воздух, водата и почвата. Сето тоа им го овозможуваат културните права.



*Кои права ги остваруваш при посета на галерија, музеј, изложба, кога одиш во кино, на театар, концерт?*

Во оваа група на права спаѓаат и така наречените *малцински права* според кои малцинските етнички заедници во едно општество имаат можности да ја практикуваат својата култура (јазикот, обичаите, традицијата, фолклорот и сл.).

Листата на меѓународно признаени човекови права содржани во Универзалната декларација не е конечна. Современиот начин на живот ја наметнува потребата од проширување на листата со нови категории на човекови права. Така на пример, со развојот на медицинските науки, посебно генетичкиот инженеринг, трансплантација на човечки органи и сл., меѓународната заедница ќе мора да размислува за проширување на листата на човековите права.



Човековите права се заемно условени и поврзани затоа се и подеднакво важни за луѓето. Во Универзалната декларацијата за човекови права се вели дека секој има право на животен стандард кој му обезбедува здравје и благосостојба, нему и на неговото семејство, вклучувајќи ја исхраната, облеката, домот. Но, ова право не може да се оствари без правото на работа и заштита од невработеност. Човекот може и да работи, а сепак да не заработува доволно за да обезбеди егзистенција која одговара на човековото достоинство. Затоа правото на работа упатува на правото на заработувачка доволна за пристоен живот. Значи, овие две права меѓусебно се условуваат и дополнуваат. Секој има

право на одмор и разонода. Но, ова право не може да се исполни доколку работното време не се определи и ограничи со закон и доколку не постои право на повремени платени одмори.

Правата и слободите на едни, не треба да ги загрози правата и слободите на другите луѓе.



**Провери го и употреби го своето знаење**

Анализирај ги примерите и обиди се да заклучиш кои човекови права се повредени? Дали државата ги исполнила своите обврски кон граѓаните?

1. Трошоците за медицинска нега во државата толку многу се зголемиле што граѓаните не можат да ги платат. Владата одбива да воведе државно лекување (здравствена заштита) за сите, зашто мисли дека е скапо.

2. Во една сиромашна земја владата донесува одлука да изгради термоелектрана во која треба да се вработат стотина работници. Таа ќе работи на јаглен без филтри. Граѓаните кои живеат во близина на термоелектраната која ќе се гради, не се сложуваат со владината одлука и организираат протест. Протестот е прекинат со интервенција на полицијата.

3. Родители - земјоделци велат дека не му дозволуваат на својот 10 годишен син да оди во училиште. Велат дека тој треба да ги чува кравите. Одговорните во училиштето велат дека тоа е проблем на семејството.

4. Владата тврди дека штрајковите на работниците предизвикуваат големи штети на економијата. Таа ги забранува штрајковите и формира индустриски совети, составени од бизнисмени, претставници од Владата и синдикални водачи кои треба да ги решат проблемите.

## Како се заштитуваат човековите и граѓански слободи и права?

Граѓанските слободи и права треба да се познаваат за да можат да се заштитуваат. Според Уставот на Р. Македонија тоа е право и должност на граѓаните, но е и обврска на државата да ги заштитува.

Државата има обврска да ги заштитува правата и слободите на граѓаните, особено кога им се загрозени животот, слободата, имотот. За таа цел таа располага со државен апарат: полиција, обвинителство и судство, управни и инспекциски органи, народен правобранител, но и највисоките државни органи како – Собранието на Македонија, Уставниот суд, Владата и сл.

Кога ќе им се повреди некое право и слобода, граѓаните прво им се обраќаат на редовните судови, а потоа и на сите други органи, каде што даваат свои претставки, жалби, тужби итн. Но, многу е важно тие да знаат дека постојат и други начини и средства за остварување на своите права и слободи како на пример: преку запознавање на јавноста и јавните гласила, граѓанските здруженија за заштита на правата на човекот, меѓународни органи за заштита на правата и сл.



# ДЕМОКРАТИЈАТА И НЕЈЗИНИТЕ ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Луѓето во текот на животот постојано донесуваат различни решенија: во семејствата, на работните места, во кругот на пријателите и сл. Обично настојуваат сопствените решенија да ги прилагодат кон решенијата на останатите.

*Кога во едно општество граѓаните имаат право да донесуваат одлуки кои се во интерес на нивното заедничко живеење, велиме дека во тоа општество постои демократија.*




*Атинска демократија*

**Почетоци на демократијата**

Демократијата за првпат се појавила во градот - држава Атина во V век пред нашата ера. Бидејќи не постоеле претседател, влади, премиер, во државата управувало Собрание, составено од сите возрасни мажи кое броело од 5 до 6 илјади членови. Жените, робовите и странците биле исклучени. Собранието донесувало одлуки за сите области од животот.

Ваквата демократија во Атина била наречена непосредна демократија.

Со зголемувањето на државите било невозможно сите граѓани да се соберат на едно место (како што било случај во Атина) заеднички да решаваат за некое прашање.

Затоа денес, најпрактикувана форма на демократија е претставничката демократија, во која граѓаните избираат претставници кои во нивно име одлучуваат, управуваат и донесуваат закони. **Според тоа, демократијата е власт на народот.** Суштинско за неа дека таа е **владејачка на мнозинството**. Но, како се спроведува таа?

Тоа е обично утврдено во Уставот на секоја држава. Граѓаните односно избирачите, на непосредни и општи избори избираат свои претставници во највисокото законодавно тело. Ова тело во Република Македонија се вика Собрание (парламент). Во различни земји има различни називи.

| Називи на највисокото законодавно тело - Парламентот | |
|---|---|
| Македонија | Собрание на Република Македонија |
| Франција | Национално собрание |
| Руска Федерација | Дума |
| САД | Претставнички дом |
| Полска | Сејм |
| Словенија | Државен збор |
| Шпанија | Кортез |

Вистинската демократија има уште едно начело: дека оние што ќе останат во малцинство со својот глас, интереси, ставови, треба да се почитуваат и заштитуваат, треба да не ги трпат последиците од тоа што останале во малцинство. Уставите на модерните држави тоа го уредуваат.

Претставничката демократија се на-

рекува парламентарна демократија. Доколку државата за свој водач има има монарх (на пример крал, цар и сл.) тогаш тоа е *парламентарна монархија***.** Доколку има за шеф – претседател на Република – тоа претставува *парламентарна република,* (што е случај со Македонија).

Секоја демократска држава мора да има парламент. Тој ги претставува граѓаните и ги донесува законите на државата.

Парламентот, по правило, ја избира **владата.** Таа ги спроведува законите и затоа се вика *извршна власт.* Парламентот го избира и највисокиот суд и судските органи кои заедно ја сочинуваат судската власт. *Судската власт* се грижи за почитување на законите и за секое непочитување изрекува казни.

На тој начин, државната власт се дели на три гранки: законодавна, извршна и судска власт.

Во демократијата правило е трите гранки на власта да бидат независни една од друга и да не се мешаат во надлежностите. Така, парламентот ја избира владата и може да ја смени, но во рамките на својата надлежност, владата е одговорен и независен орган. Судовите мора да судат според законите, а не според советите и мислењата на владата или пратениците или кој и да е друг. Затоа се вели, дека меѓу трите гранки на власт треба да постои рамнотежа.

**Јавноста** *е суштинска карактеристика на демократското општество.*

Томас Џеферсон, американски државник 1801 година во една пригода рекол:

,,На секој човек на кој му е овозможено да учествува во донесувањето на важни решенија од интерес за државата и нацијата, не само еден ден кога се изборите, туку секој ден од годината... Тој попрво ќе дозволи да му го откорнат срцето, отколку некој да му ја одземе неговата моќ, некој си, Цезар или Бонапарта".

Тоа значи дека секој граѓанин има право на изразување, мислење, заземање на свој став и критика. Бидејќи и работењето на државните органи е јавно за граѓаните, на овој начин тие ги изразуваат и своите ставови во однос на значајни прашања од политиката и општеството.

Преку јавноста, власта се контролира и насочува кон интересите и потребите на граѓаните.



*Медиумите влијаат врз формирањето на јавното мислење*

Во недемократските општества секогаш постоела можност за злоупотреба и тиранија над граѓаните.

Во името на државата, поединци биле затворани, им биле одземани имотите, биле измачувани, протерувани, па дури и погубувани без законско оправдување. Демократското општество не може да толерира вакво однесување кон граѓаните.

**Правото на еднаквост пред Законот** е основно право во секое праведно демократско општество. Без разлика дали станува збор за богат или сиромав поединец, припадник на една или друга вероисповед, сите имаат право на еднаква заштита пред законот.

Не смее насилно да се влезе во ничиј стан и да се претресува без судски налог и оправдана причина. Во демо-

кратијата нема место за ноќни посети на полицијата. Никој не смее да се држи во притвор без обвинение.



*Во демократијата се забранети посети од овој вид*

Во недемократските општества, власта се труди да создаде послушни и пасивни граѓани без иницијатива. За да можат да спроведат демократија во практиката, граѓаните мора да поседуваат граѓанска култура. Таа се стекнува преку учење. Затоа велиме дека образованието е од витално значење за успехот на демократијата. Целта на демократското општество е да создаде самостојни граѓани, кои ќе бидат критични во размислувањата и добри познавачи на своите права и обврски. А за тоа им треба знаење.

**Научи повеќе**

Ако го проследиме историскиот развиток на демократијата како власт на народот, од народот и за народот ќе забележиме дека напредувањето на демократијата се одвива со ограничувањето на апсолутната власт на кралот.

Демократијата во Англија, во XVII век е поврзана за името и делото на Оливер Кромвел. Кралот Чарлс I го свикувал Парламентот само кога требало да воведе некој нов данок, а потоа го распуштал. Затоа избувнал судир меѓу Парламентот и кралот.

Парламентот формирал своја војска која ја предвидел Кромвел. Тој на двапати ја поразил кралската војска по што кралот бил погубен. Англија станала парламентарна монархија.

Парламентот по својата власт бил над кралот, донесувал и укинувал закони. Даноци можеле да се собираат само со одобрување од Парламентот. Тој исто така, одредувал колку пари ќе троши кралот. Сто години подоцна, примерот на Англија почнала да го следи и Франција.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Определи ги основните карактеристики на демократијата.
2. Наведи ги разликите меѓу непосредна и претставничка демократија.
3. На кој начин граѓаните влијаат врз одлуките на власта?

## ДЕМОКРАТСКАТА ДРЖАВА И ДРУГИ ФОРМИ НА ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ

Државата е форма на организирано општество во кое работата на власта е издвоена од другите дејности: земјоделие, занаетчиство, трговија. Тоа значи дека определена група луѓе добива задача да управува со другите луѓе во општеството.

Оттука, во секоја држава населението е поделено, на оние кои владеат и на оние коишто ѝ се потчинети на власта.

Постоењето на власта е неминовност, но суштинското прашање е каква ќе биде таа (како ќе се уредат односите

помеѓу власта и народот). Оние што владеат мора да знаат зошто владеат, и кој им дал согласност да владеат.

Ако согласноста да владеат им ја дал народот, тогаш станува збор за демократска држава. Доколку таа не е дадена од народот, туку е насилно присвоена зборуваме за недемократски држави.

Монархијата е пример за недемократска власт. Главно тоа е власт на еден човек (крал, цар, султан). Во средновековните феудални држави монархот својата власт ја оправдува со Божјата волја. Односно, монархот добил согласност од Бога да управува со државата.

Власта на кралот ја наследуваат неговите потомци.

Постојат два вида монархии: апсолутни и уставни монархии.

Апсолутната монархија е држава во која што власта на монархот (кралот) е неограничена. Уставната монархија е држава во која власта на владетелот е определена, односно таа е ограничена со устав. Уставот е основен закон на државата со кој се уредуваат односите помеѓу власта и народот.

Кога во уставните монархии се донесува некој закон владетелот мора да бара согласност од претставниците на народот.

Во недемократски држави можат да се вбројат и комунистичките држави и воените диктатури. Владетелите во комунистичките држави тврдат дека власта ја добиле со согласност на народот - преку избори. Но, народот не избира, туку само формално гласа. Не може да избира затоа што постои само една политичка партија (комунистичка партија). На пример, ако собранието има шеесет пратеника на листата за гласање се наведени исто толку кандидати. Во тие држави има и доживотни претседатели. Државата во тие општества обезбедуваше работни места, луѓето можеа да се образуваат бесплатно и имаа здравствено и пензиско осигурување. Државата беше социјална, но не ги заштитуваше основните човекови права кои се сметаат за темел на демократската власт.

Уште една форма на недемократска власт каде наведените човекови права не се почитуваат се воените дикта-



тури. Кај нив формално постојат повеќе политички партии, но изборите не се слободни. Во нив над избирачите се вршат разни форми на притисок како на пример, за кого да гласаат и секогаш се избираат оние кандидати кои имаат поддршка од власта. Затоа, воените диктатури се недемократски.




**Демократијата како вредност**

Демократијата е остварување на владеењето на народот преку негови избрани претставници. Оние кои што народот ги избрал да владеат во негово име треба да го оправдаат своето владеење. Ако народот има работа, квалитетна здравствена заштита, ако тие можат на своите деца да им обезбедат образование, ако пензионерите примаат пристојни пензии, тогаш тој народот е задоволен од власта и таа го оправдала своето владеење. Ако народот не е задоволен од власта тогаш тој може да ја промени на редовни или вонредни избори. Можноста на народот да ја поставува и менува власта по пат на избори ја овозможува демократијата. Затоа демократијата е вредност.

Во услови на голема невработеност и сиромаштија, народот ја губи довербата во демократијата. Во ваков случај недемократска власт го распушта парламентот, ги забранува политичките партии, ја укинува слободата на изразување на мислата, ги распушта синдикатите и самостојно донесува одлуки. Но кога општеството повторно ќе западне во криза, кога кај народот ќе се зголеми незадоволството, недемократската власт нема кој да ја смени.

Така на пример, до 1933 година, милиони Американци биле без работа. Стотици илјади ја крстосувале земјата во потрага по храна, работа и засолниште. “

„Брату можеш ли да ми дадеш десет центи?“ се слушало насекаде како рефрен од популарна песна. Општеството се поделило на бездомници и милионери.

Во овие услови, американскиот претседател Франклин Рузвелт во едно свое радио обраќање во 1938 година укажал на можноста од исчезнувањето на демократијата:

„ Демократијата исчезна и во неколку други големи нации, не поради тоа што народите на овие нации престанале да ја сакаат демократијата, туку поради тоа што: тие станале уморни од невработеноста и отсуство на безбедност, од гледањето на нивните гладни деца, од чувството на беспомошност, соочени со државната конфузија, слабоста на власта и недостатокот на водство... Конечно, во очај, тие избрале да ја жртвуваат слободата во надеж дека ќе добијат нешто за јадење. Ние во Америка знаеме дека: нашите демократски институции мо-

жат да се зачуваат и да функционираат. Но, за да ги зачуваме, ние треба ... да докажеме дека демократската власт свесно и одговорно ќе се грижи за зачувување на економската сигурност на луѓето...”

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Како се избира власта во демократските, а како во недемократските држави?

2. Воочи ги разликите помеѓу демократските и недемократските држави.



*Блокада на пат*

## Граѓански здруженија

Граѓаните во демократиите не се само избирачи кои од време навреме гласаат за свои претставници во власта. Тие се и непосредно активни во одлучувањето во општеството и тоа низ многу форми: референдуми и анкети, локалната самоуправа, синдикалното организирање, граѓански иницијативи и здруженија, протести и активното изразување на своето незадоволство со одлуките и политиката на власта. Граѓаните исто така, можат да пишуваат жалби, петиции, да се обраќаат до најшироката јавност.

Сето ова значи дека општеството на граѓаните, или како што го именуваме **– граѓанско општество**, е самостојно и активно во однос на државата. Државата само ги обезбедува условите и законските прописи за дејствување на граѓанското општество.

### Улогата на синдикатите

Синдикалните права и слободи се неразделен дел од правата на човекот. Тие се содржани во Универзалната декларација за правата на човекот на Обединетите нации, но и во Уставот на Р. Македонија. Синдикатите се независни организации на работниците, формирани врз демократски принципи. Претставуваат најстара организирана форма на дејствување, не само на работниците туку и воопшто на граѓаните, и имаат вековна традиција. Се појавиле со развојот на капитализмот, односно со порастот на експлоатацијата на трудот. Синдикатите се најмоќни невладини организации затоа што имаат многубројно членство. Настапуваат во одбрана на социјално-економските права на работниците. Се грижат за висината на платите, подобрување на условите за работа, ги заштитуваат работниците од отпуштање од работа, сè со цел зголемување на животниот стандард. Многу е значајна нивната улога во земјите во транзиција.



*Штрајкот е законски одобрено средство*



**Еколошки здруженија**

Современите општества сè повеќе стануваат загадени општества. За таквата состојба придонесува секојдневното загадување на животната средина со отпадни материјали, хемиски производи, загадувачките гасови кои секојдневно ги исфрлаат возилата, индустриските објекти, фабриките. Во желбата да остварат поголема добивка (профит), сопствениците на фабриките ги избегнуваат трошоците наменети за вградување на опрема со која се намалуваат штетните материи. Најмногу се загадува чистотата на воздухот и водата со што се загрозува опстанокот на севкупниот жив свет на планетата Земја. Недостатокот на еколошка свест кај граѓаните, уште повеќе ја зголемува опасноста од еколошка катастрофа.

Во најголем број држави се формираат еколошки здруженија и организации кои преземаат низа активности за заштита на животната средина. Основна задача им е да ја издигнат еколошката свест на граѓаните, но преземаат и мерки за заштита. Тие преку медиумите му даваат јавност на проблемот и влијаат врз законодавната власт да донесе закони со кои ќе се заштити правото на здрава животна средина.

Задача

Прочитај го текстот, а потоа коментирај го. Како би го решил проблемот кога ти би имал власт.

Извадок од напис на Македонската информативна агенција (МИА),

**21 јануари 2008**

**Зелената коалиција од Велес бара дислоцирање на Топилницата**

*„Претставниците на граѓанските организации од Велес здружени во Зелена коалиција се сретнаа со членовите на Советот на Општината и побараа да се забрза нивната иницијатива за промена на Генералниот урбанистички план во делот на локацијата на Топилницата за олово и цинк. Тие не се против економскиот просперитет на градот, но, не на начин кој се одразува врз здравјето на граѓаните... Над 90 % од жителите на Велес сметаат дека единствено решение за градот е Топилницата да се дислоцира 18 километри јужно... Зелената коалиција, поднесе иницијатива до Владата да издвои средства од буџетот за дислокација на Топилницата“... „Владата досега не издвои средства да ги обесштети граѓаните за последиците по здравјето во изминатите 30 години од работењето на Топилницата. Но, сега има можност да ги поправи грешките од минатото и да ја заштити иднината на Велешани“, рече- претставникот од Зелената коалиција.*






**Граѓанските иницијативи ја унапредуваат демократијата**

Во периодот од 1890 до 1917 година, во САД се појавило реформаторско движење наречено - прогресивизам, кое имало за цел да ги отстрани застранувањата во општеството, да воспостави социјална правда и поголема демократија.

Прогресивистите жестоко се спротивставувале на политичката корупција, злоупотребата на власта, грабежите во бизнисот и сл. Носители на активностите биле писатели и новинари. Еден од нив бил и познатиот писател Марк Твен. Тој во своето дело „Улаво доба" ја критикувал демократијата во САД.

Во дневните и неделните весници се појавиле написи кои ги откривале злоупотребите што ги правела власта и големите претпријатија. Во списанието „Колиер", новинарот Ида Меј Тарбел го објавил финансискиот скандал на фирмата Стандард Оил. Во јавноста бил познат под името - откривач на скандали.

Во новелата „Џунглата" писателот Аптон Синклер ја обелоденил вистината дека преработката на месо во една голема фабрика во Чикаго се врши во крајно нехигиенски услови. Познатиот американски писател Теодор Драјзер во своите романи „Финансиер" и "Титаник" на многу едноставен начин ги опишал подвалувањата и измамите во големите бизниси на тогашното американско општество. Писателот Франк Норис во делото „Дупка" и открива на јавноста како трговците влијаат на цените на житото. Со ова дело тој ги поттикнал земјоделците на протести.

Во делото "Срамот на градовите" писателот Линколн Стивенс ја разоткрил политичката корупција во САД.

Сите овие примери упатуваат на заклучокот дека граѓанските иницијативи имале силно влијание врз политиката. Со моќта на пишаниот збор, здруженијата на писатели и новинари ја разбранувале тогашната американска јавност и ги натерале политичките водачи да преземат конкретни мерки. Веднаш потоа во многу држави на САД биле донесени закони со кои се подобриле условите за работа и за живот.



**Културата на демократскиот политички поредок** претставува збир на вредности, стандарди и правила на однесување на граѓаните. Преку нив граѓаните се упатуваат на демократско однесување: да ги почитуваат интересите и мислењата на другите, исто како и своите, да ги почитуваат различните особености на другите.

Овој вид на култура ги оспособува граѓаните како да бидат толерантни, внимателни и отворени за дијалог и како да се усогласуваат со другите кои се поразлични од нив.

# Политичко претставување - избори

## Зошто се потребни политичките партии?

Луѓето живеат во заедници, но немаат исти потреби, желби и интереси. За да можат да живеат заедно тие треба да воспостават правила на однесување и да ги усогласуваат своите желби и интереси.

Мислителите кои ја проучувале атинската демократија дошле до заклучок дека и во неа (иако се смета дека е најчиста форма на демократија) имало спротивставени групи на луѓе заради меѓусебните несогласувања, судири на мислења и различни интереси. Иако во демократијата членовите на заедницата имаат право сами да одлучуваат, тоа не значи дека тие живеат во слога, дека нема да се групираат едни против други, дека нема интересите на едни да бидат спротивставени или подредени на интересите на други.

И во денешните демократски општества постојат судири на мислења и интереси, но тие се надминуваат по пат на јавни расправи, дебати, меѓусебно договарање, заедничко донесување одлуки.

Идејата за признавањето и почитувањето на различните интереси во општеството го отвора патот кон создавање на политичките партии.

Во 1788 година во списанието “Федералист”, Џејмс Медисон вака ја објаснува нужноста од постоење на политичките партии:

„Желбата за превласт, моќ и добивка е постојан белег на човековото однесување кое постојано го раздвојувало човештвото, распламтувало меѓусебно непријателство и било причина едни да ги угнетуваат другите наместо да соработуваат. Таа човечка склоност за взаемно непријателство е толку силна, што и кога нема причина, поттикнува непријателски страсти и побудува најжестоки судири”.

Најчеста причина која ги групира луѓето во непријателски табори, според Медисон, е нееднаквата распределба на богатството.

Ако припадниците на општеството имаат различни интереси, тие (тајно или отворено) ќе се групираат за да ги остварат своите интереси. Затоа е потребно да им се овозможи форма на здружување преку која јавно ќе ги изразуваат своите интереси.

Најдобра можност за тоа е ако им се дозволи да формираат политички партии. Затоа политичките партии се дефинираат како организации на политички едномисленици, на социјални групи, кои имаат исти интереси и ставови во политиката.

## Политичките партии во современото општество

Избирачкото право на граѓаните претставува столб на секое демократско општество, па и на македонското. Граѓаните избираат свои претставници за различни институции, органи и тела во државата. На пример: избираат претставници во советите на општините, градските совети, училишните одбори, јавните установи, во претпријатијата и сл. Меѓутоа, најважни се изборите кои се случуваат секоја четврта година, кога граѓаните ги избираат пратениците во собранието и секоја петта година кога избираат претседател на државата. Кандидатите за овие државни функции ги предлагаат политичките партии. Граѓаните ќе гласаат за оние кандидати за кои се убедени дека ќе ги застапуваат нивните интереси и ќе им обезбедат подобра економска положба/ статус.

Кој во Република Македонија има избирачко право?

Според член 22 од Уставот: секој граѓанин, односно државјанин што наполнил 18 години живот; избирачкото право е еднакво општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Избирачкото право се остварува на слободни избори со тајно гласање.

Проучувањата на политичкото однесување кај нас покажува дека граѓаните се определуваат за оние политички понуди кои пред сé ги задоволуваат нивните лични интереси, а не оние кои се во интерес на заедничко добро (јавна безбедност, подобра здравствена заштита, квалитетно образование и сл.).

Врз определбата на гласачите за кого да гласаат влијаат: содржината и целите на програмите на политичките партии (понудите на партиите кои се однесуваат на економскиот развиток на земјата, отворање нови работни места и сл.).

Но, врз определбата на гласачите влијаат и други фактори. Еден од нив е партиската припадност. Членовите на политичките партии, обично гласаат за кандидатите на својата партија.

Постојат различни политички партии. Според *идеологијата* која ја застапуваат, партиите се делат на *леви* и *десни.* Оваа поделба е направена во минатото и се задржала и денес. Според неа левите партии повеќе се залагаат за интересите на работниците, додека десните за интересите на капиталот и сопствениците. Постојат и *средишни* партии кои ги штитат интересите на средната класа.

Постои уште една поделба на партиите. Според неа постојат *екстремни* партии кои се залагаат за револуции, недемократски решенија и одлуки и *умерени* партии чии програми се одликуваат со толерантност, демократичност. Поради тоа тие се прифатливи за поголем број граѓани.

И партиите имаат свои интереси иако ги застапуваат интересите на граѓани-





те во парламентот.  Интересот на политичките партии е подолго да владеат.

Според податоците на Републичкиот завод за статистика, во Р. Македонија има 39 регистрирани политички партии. Тие се формираат согласно Законот за политичките партии на Р. Македонија. Според него програмите, статутите и дејствувањето на политичките партии во Македонија не смеат да бидат насочени кон уривање на уставниот поредок на  Р. Македонија. Забрането е поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување на национална, верска или расна омраза или нетрпеливост. Работата на политичките партии е јавна. Сите се залагаат за учество во власта.

Во некои земји, во изборниот систем по правило и по традиција преовладуваат две големи партии, и тие системи ги нарекуваме *двопартиски системи.* Во други земји - има повеќе (пет, десет и повеќе) политички партии. Нивниот систем е наречен многупартиски, а  многу често на власт се различни сојузи на повеќе партии за кои велиме дека се *коалиции.*

За сите тие системи е важно што владејачката партија или сојуз на партии, имаат мнозинство гласови во парламентот и формираат своја влада. Партијата или сојузот партии што добиле помалку гласови - се **опозиција,** која во парламентот ја критикува владата, ја надзира и бара од неа одговорност, но не може да ја смени.

# Политички систем на Република Македонија

## Формирање на современата македонска држава

Темелите на современата македонска држава се поставени за време на Втората светска војна. На 6 април 1941 година било нападнато кралството Југославија. Во неговиот состав се наоѓала и нашата држава, но не како посебен дел, туку како дел од Србија под името Вардарска Бановина. Набргу германски, бугарски и италијански војски влегле во нашата земја и ја окупирале. Тогаш Комунистичката партија го повикала македонскиот народ на борба за ослободување од окупаторот. Освен Македонците во Народноослободителната борба учествувале Албанци, Турци, Срби, Власи и други.

На 2 август 1944 година во манастирот Прохор Пчински, Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) го одржало првото заседание. На ова заседание Македонија била прогласена за држава. Утврдени биле највисоките органи на власта. Македонскиот јазик бил прогласен за службен јазик во државата. Сите граѓани на Македонија биле признаени за рамноправни без разлика на која народност, пол и вероисповед и припаѓаат.

По Втората светска војна, тогашната држава Македонија заедно со уште пет републики ја создале новата држава - Федеративна Народна Република Југославија. Подоцна заедничката држава го промени името и се викаше Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ). Во 1991 година СФРЈ се распадна.

На 8 септември 1991 година граѓаните на Република Македонија преку референдум одлучија Македонија да се раздружи од Социјалистичка Федеративна Република Југославија и да стане *самостојна* и *суверена* држава. На 18 ноември 1991 година се усвои Уставот на Република Македонија според кој таа е парламентарна демократија. Власта се подели на: законодавна, извршна и судска. Граѓаните избраа луѓе кои ќе управуваат со државата (власта), а власта подготви закони и правила според кои треба да се организира животот на територијата на новата држава. Се создадоа нови државни симболи.

Но, во новата држава беа потребни и многу други институции кои ќе се грижат за редот, мирот и безбедноста во државата. Затоа беа формирани судовите, полицијата, војската на Р. Македонија. Се формираа и институции задолжени да се грижат за образованието, културата, производството, трговијата.

Затоа 8 септември секоја година го прославуваме како *ден на независноста на Република Македонија.*




*Граѓаните на референдум рекоа „да" за Република Македонија.*

**Собранието (парламентот) на Р. Македонија** ги претставува граѓаните и е носител на законодавната власт. Бројот



*Собрание на Р. Македонија*

на пратениците во собранието не е секогаш ист и се движи од 120 до 140 пратеници. Од првите парламентарни избори до денес бројот на пратениците изнесува 120.

Пратениците во Собранието се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање за време од четири години.

За да работи ефикасно, Собранието основа постојани и повремени работни тела. Постојани работни тела се комисиите. Собранието има претседател и еден или повеќе потпретседатели. Освен овие функционери, Собранието има и секретар. Претседателот на собранието ги свикува седниците и претседава со нив. Тој ги распишува изборите за пратеници и за избор на претседател на Републиката.

**Надлежности на Собранието**

Собранието работи на седници и според утврден деловник за работа, а неговите надлежности се утврдени со Уставот. Неговата основна надлежност е да донесува закони. Тоа има право не само да го менува и дополнува Уставот со уставни амандмани, туку и да донесува нов устав. Собранието распишува и референдум, а дава и амнестија (простување на казната). Освен овие, Собранието на Р. Македонија има и други надлежности.






## Пратеници

Пратениците се основни носители на активноста и иницијативите во Собранието. Со нивниот избор избирачите им дале право да учествуваат во работата на Собранието и да одлучуваат. Секој пратеник има индивидуално право да поднесува предлози на закони. Пратениците имаат право да побараат одговорност за работата на некој член од Владата (на пример, министер) или да покренат прашање за доверба на Владата. Ова обично го прават пратениците од опозицијата. Покрај правото за барање на одговорност, пратениците располагаат уште со едно средство за контрола на работата на „владата” поставувањето на пратенички прашања.

При вршењето на пратеничката функција пратениците уживаат имунитет. Правото на имунитет значи дека пратеникот е исклучен од дејството на некои закони  (не може да биде притворен или да одговара пред судот за она што ќе го изговори или гласа во Собранието, не може да биде лишен од слобода без одобрение на Собранието и сл.). Мандатот на пратениците изнесува четири години, но може и да се продолжи само во случај на вонредна или воена состојба. Собранието може да биде и предвреме распуштено, ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.

## Задача на опозицијата

Опозициските партии  во собранието (парламентот) ја создаваат и одржуваат демократската култура. Тие ја контролираат работата на позицијата (пратениците од партиите на власт), ги критикуваат нејзините постапки, но нудат и поинакви решенија.

Позицијата и опозицијата се најзначајни делови на демократскиот политички систем.

## Влада на Република Македонија

Владата на Република Македонија е носител на извршната власт. Таа е задолжена да ги спроведува законите и другите прописи. Нејзините овластувања се определени со Уставот на Р. Македонија. Владата е колегијален  извршен орган кој го сочинуваат претседателот на владата  и министрите. Тие не можат да бидат пратеници во Собранието. Владата ја избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници (со апсолутно мнозинство). Таа ги предлага законите, републичкиот буџет и другите прописи кои ги донесува Собранието.   За својата работа е одговорна пред Собранието. Со работата на Владата раководи премиерот.

Владата ја организира работата на министерствата и другите органи на управата и врши надзор на нивната работа, одлучува за признавање на



држави и влади; воспоставува дипломатски и конзуларни односи со други држави итн. Ова се само некои од надлежностите на Владата. Во својата работа Владата се потпира на органите на државната управа од кои најзначајни се министерствата. Тие при работењето се раководат од следниве принципи: самостојност, уставност и законитост, одговорност.

**Претседател на Република Македонија**

Претседателот на Република Македонија ја претставува Републиката во земјата и во странство. Истовремено, тој е и врховен командант на вооружените сили на Македонија и претседава со Советот за безбедност. Во системот на власта претседателот на Република Македонија има мошне истакнато место што произлегува од начинот на којшто се избира. Претседателот се избира на општи и непосредни избори, со тајно гласање. Тој е избран непосредно од страна на граѓаните, исто како и пратениците. Се избира за време од пет години. Негова надлежност е да го определи мандаторот (премиерот) за состав на Владата.

Самостојната позиција на претседателот на Републиката во системот на власта се гледа и во контролата на работата на Собранието. Претседателот може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на некој закон што го донело Собранието. Тогаш Собранието мора повторно да го разгледува законот.

**Судска власт во Р. Македонија**

Судската власт во Р. ја спроведуваат основни, апелациони судови и Врховниот суд на Република Македонија. Тие се надлежни, применувајќи ги законите, да кажат што е праведно и на чија страна е вистината.




**Основните судови** се основаат за подрачјето на една или повеќе општини. Тие се првостепени судови и решаваат за кривични дела и стопански престапи; за спорови од личните, семејните, работните и стамбените односи и сл.

**Апелационите судови** се второстепени судови кои се надлежни да ги решаваат жалбите против одлуките на основните судови. Во Р. Македонија има три апелациони судови: во Скопје, Битола и Штип.

**Врховниот суд** на Република Македонија е највисок суд со седиште во Скопје. Се грижи сите судови на територијата на Македонија да ги применуваат законите на единствен начин. Покрај тоа, одлучува и по жалбите против одлуките на апелационите судови.

За да можат судовите да судат потребен е самостоен државен орган кој ќе ги прогонува лицата кои го прекршиле законот. Таков државен орган е **Јавното обвинителство**. Тоа во името на државата покренува иницијатива за кривично гонење. Јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието. Се избира за време од шест години

**Уставен суд** е орган на државата и тој ја штити уставноста и законитоста во Р. Македонија Судиите на Уставниот суд ги избира Собранието за време од девет години. Во негова надлежност е да укинува или поништува закони кои не се во согласност со Уставот. Исто така, Уставниот суд ги штити слободите и правата на граѓаните.

### Републички судски совет

Собранието ја контролира судската власт преку Републичкиот судски совет. Го сочинуваат седум члена кои ги избира Собранието на Републиката за време од шест години. Републичкиот судски совет на Собранието му предлага кандидати за избор на судии но и за нивно разрешување. Одлучува за дисциплинската одговорност на судиите, ја оценува стручноста и совесноста на судиите во вршењето на нивната функција.

### Народен правобранител

Ниту една власт не може да владее ако со нејзе не се согласува поголемиот дел од граѓаните. Затоа и во минатото властодршците настојувале да дознаат што мисли народот за нив. Во Стара Кина постоеле посебни луѓе наречени мандарини (државни службеници) кои биле „очи и уши" на царот. Тие го известувале како работат неговите службеници и што мисли народот за нивната работа. Во модерните демократски општества чувар на правата на граѓаните е *народниот правобранител.*

Кај нас Народниот правобранител е самостоен орган на Републиката кој ги заштитува правата на граѓаните кога се повредени од страна на државните чиновници и од други лица со јавни овластувања. Граѓаните можат, без посебни формалности и трошоци, да му се обратат за брза интервенција. Народниот правобранител го избира Собранието на Република Македонија за период од осум години.

Локална самоуправа е исто така многу важна демократска институција. Во Р. Македонија има 127 општини и секоја од нив има свој градоначалник и совет преку кои граѓаните управуваат со своите населби и локални заедници.



**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Кога и со чија одлука е прогласена државноста на Република Македонија?
2. Набројте три најважни надлежности на Собранието на Република Македонија според Уставот од 1991 год.?
3. Колку е времетраењето на мандатот на пратениците, судиите и владата на Македонија?
4. Кои недржавни организации и здруженија се дел од политичкиот систем на Македонија.

# ЈАС СОПСТВЕНИК, ПРОИЗВОДИТЕЛ, ПОТРОШУВАЧ

## ПОТРЕБИТЕ, ТРУДОТ, ПРОИЗВОДСТВОТО И ПОТРОШУВАЧКАТА

Човекот е биолошко и општествено суштество и за да опстане мора да ги задоволува своите потреби. Истражувањата на голем број антрополози покажуваат дека како се усложнувал животот на човекот, така се зголемувале и неговите потреби. Денес, во современото општество, потребите на човекот се во неограничен број.

Познатиот американски психолог Маслов идентификувал неколку вида на потреби кај човекот: *психолошки*, без кои не може да опстане како биолошко суштество (потреба за воздух, вода, храна, телесна температура), *безбедносни* (кои му обезбедуваат сигурен и безбеден живот), *емоционални* (преку кои ги задоволува љубовта, приврзаноста, нежноста, чувството за припадност), *потребата да биде почитуван*, како и *потребата од самодокажување* преку која доаѓаат до израз неговите вродени таленти. Сите овие потреби воглавно можат да се поделат во две групи:

- **Примарни** преку кои човекот ја обезбедува својата егзистенција, (физичкото преживување) и
- **Секундарни** кои му обезбедуваат на човекот подобар и поквалитетен живот (образовни, здравствени, културни итн.) Овие потреби не се неопходни, но се многу значајни бидејќи му го олеснуваат и подобруваат животот на човекот.

Со напредокот и со примената на новите технологии во сите области на општествениот живот, човековите потреби постојано се зголемуваат и прошируваат. Се менува и начинот на нивно задоволување. Познато е дека со пронаоѓањето на радиото, телефонот, компјутерот значително се зголемиле потребите на луѓето (се развиле нови). Производителите на нови добра или услуги влијаат врз потребите на човекот. Тие преку рекламите не само што ги известуваат потрошувачите дека на пазарот има нови производи, туку кај нив стимулираат нови потреби. Целта на рекламите не е само да ги известат потрошувачите дека на пазарот се продаваат нови производи, туку тие кај потрошувачите стимулираат нови потреби. Значи, човекот ги задоволува своите потреби со помош на различни добра или услуги. А бидејќи човекот нив ги употребува, од нив има некоја корист, тие добиваат употребна вредност.

Човекот своите потреби ги задоволува на два начина: преку натурална потрошувач-





ка (сам произведува материјални добра за лична употреба) и преку купопродажба (купува материјални добра и услуги наменети за задоволување на потребите на потрошувачите).

**Запомни**

Производството на материјални добра и услуги наменети за продажба се нарекува стоково производство, а материјалните добра и услуги кои ги задоволуваат потребите на протрошувачите се нарекуваат стока. Стока е кое било материјално добро или услуга произведена со намера да биде продадена, а со цел да се оствари добивка. Цената е во пари изразена вредност на стоката.

Производството на материјалните добра и услуги, како организирана активност на луѓето е условена од потребите на луѓето. Тоа укажува на поврзаноста на производството и потрошувачката.

При производство на стоки, производителите не се раководат од сопствените потреби и желби, туку од потребите, желбите, вкусовите на потрошувачите.

*Во економијата, процесот на задоволување на човековите потреби се нарекува* ***лична потрошувачка.*** Таа може да биде **индивидуална и заедничка (општа потрошувачка).**

Процесот на производство на материјални добра и услуги едновремено е процес на **трошење** на одредено количество и вид на материјали (суровини), капитални добра и труд. Овој вид на трошење во економијата се нарекува **производствена потрошувачка.**

Вкупното количество на производи и услуги кои ќе се произведат и продадат во едно општество во период од една година се нарекува **Бруто национален производ**. Тој претставува парична вредност на сите произведени материјални добра и услуги кои се продаваат на крајните потрошувачи, на организираните пазари и за кои е направена евидентирана трансакција (купопродажба). Бруто националниот доход е показател за достигнатиот степен на развој на стопанството во една држава, како и животниот стандард на нејзините жители.







**Запомни**

Заради задоволување на потребите луѓето се принудени да **произведуваат** добра и услуги. Кога купуваат или продаваат материјални добра и услуги, тогаш вршат **размена.** Кога преземаат економски активности за да остварат добивка (дневница, профит, рента, камата) тогаш учествуваат во **распределбата,** а кога непосредно ги задоволуваат своите потреби учествуваат во **потрошувачката**. Производството, размената, распределбата и потрошувачката се основни обележја на стоковото производство.

За производство на секој вид добра и услуги потребни се три основни фактори (чинители): **трудот, капиталот** и **земјата.** Без нив не може да започне ниту еден работен процес.

*Труд* е секоја човекова активност неопходна за производство на одредена стока или услуга. Трудот е еквивалентен на работната сила, која не подразбира само физички напор, туку и знаење, вештина, способност и сл.

*Капиталот* е основен предуслов за било кое производство. Него го сочинуваат: *средства за работа, предмети на трудот.* Средствата за работа се всушност орудијата, машините, зградите во кои се одвива производниот процес и разни други објекти. Тие го овозможуваат производството и се во извесна смисла трајни. Не се трошат во текот на еден производствен процес, туку се употребуваат повеќе години.

*Предмети на трудот* се суровините и полупроизводите кои човекот (работната сила) во производствениот (деловниот) процес, со помош на средствата за работа ги менува, прилагодува и ги претвора во добра наменети за пазарот со цел да задоволат некоја човекова потреба. Предметите на трудот се потрошен материјал во процесот на производство.

*Земјата* преставува општ предмет на работа, но за земјоделството, шумарството, градежништвото, претставува основен фактор, предуслов за работа.

| | |
|---|---|
| Труд | правење на смесата, пржење, премачкување (полнење) обликување, украсување, сервирање, послужување |
| Капитални добра | шпорет, миксер, садови и друга кујнска опрема |
| Употребени материјали | Брашно, јајца, млеко, шеќер, џем, ореви, шлаг, плин или струја итн. |
| Потрошно добро | Палачинки |

Задача.

Во табелата е прикажан соодносот на производствените фактори, односно технологијата за подготовка на палачинки во ресторан. Истата технологија ја употребуваат и домаќинките. Кои палачинки се сметаат за стока.Оние подготвени во ресторан или оние од домаќинките?

# ОПШТЕСТВЕНА ПОДЕЛБА НА ТРУДОТ И ЕКОНОМСКАТА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Приказната за Робинзон Крусо во која тој сам произведува сè: и храна и облека и обувки и орудија, гледано од аспект на денешното пазарно стопанство е фантастична приказна. Во услови на развиено стопанство навистина е невозможно еден човек да произведе сè.

Дали некогаш сте се запрашале што сè е потребно за да се создаде лебот кој е секојдневно на нашите трпези. Ако се обидете да ја опишете технологијата за производство на леб, ќе заклучите дека станува збор за мошне сложен работен процес.

Не е возможно еден човек да извршува толку многу работни задачи, ниту да ракува со толку многу алати и машини (трактор со плуг, прскалки за наводнување, конбајн, трактор со приколка, мелница за мелење на брашно, фурна). Денес луѓето се оспособуваат да произведуваат само еден вид производи или да извршуваат еден вид работа. Некои се занимаваат со земјоделство и произведуваат храна, втори произведуваат мебел, трети цртаат планови и проекти за изградба на згради, а четврти ги градат зградите според изготвените проекти. Некои се вработени во индустрија за изработката на автомобили, некои знаат да направат и поправат чевли, да сошијат облека и сл. Значи тие произведуваат само еден вид материјални добра и се бават со определена *дејност.* Според тоа тие се чевлари, кројачи, земјоделци, архитекти, ѕидари, столари итн. Сето ова наведува на заклучок дека во денешните општества постои *поделба на работата и економска специјализација* направени според видот на произведеното добро и професионалната ориентација на производителите.

Иако навидум изгледа дека сите овие производители се независни, тие не можат едни без други. Производството на материјалните добра и услуги на едни зависи од материјалните добра и услуги на други производители. Така на пример, ако некој производител се определил да произведува чевли, тој е потполно самостоен да го планира и организира процесот на изработка на чевлите како материјално добро. Меѓутоа тој (неговото производство) ќе зависи од други производители: оние кои произведуваат машини за изработка на чевлите, како и од оние кои ги обезбедуваат материјалите за изработка на чевлите (производителите на кожа, ѓон, конци, клинци, лепило, енергија и сл.). Како ќе се изработат чевлите зависи од тоа колку производителот на чевли е специјализиран (квалификуван) за извршување на таа работа.






Запомни

Кога еден човек произведува само еден вид производ, или кога се занимава со ограничен број работни активности, станува збор за специјализација.

Поделбата на трудот е основна карактеристика на модерните општества. Нејзиното изворно значење е делење на трудот на различни специјализирани работни задачи. Во прединдустриските општества не постоела таква поделба. Занаетчиите биле мајстори кои произведувале еден производ од почеток до крај и сами ги нуделе на пазарот за продажба. Занаетот се учел долго време. Секој занаетчија прво станувал чирак, потоа шегрт, и на крај калфа. Поминувањето од една во друга фаза било условено од полагање на испити пред еснафот.

Најголемите промени се случиле кон крајот на 18-ти век, со почетоците на индустријализацијата. Производството веќе не се одвивало во мали занаетчиски работилници, туку во големи фабрички хали во кои илјадници работници, со различни специјалности, работеле на производство на еден ист производ, Секое подрачје на човековиот труд се поделило на бројни самостојни стопански гранки.

Денес во високо развиените земји постојат многу видови на економски активности и тоа е причина постојано да се раѓаат нови занимања. Заради потребата да се стави некаков ред, направени се различни класификации. Денес најмногу се употребува класификацијата според која подрачјето на трудот се дели на *примарен, секундарен и терцијарен сектор.* Примарниот сектор го опфаќа трудот што се вложува во земјоделието, шумарството и рибарството, секундарниот сектор, трудот кој се вложува во индустријата, а терцијарниот сектор, трудот кој се вложува во услужните дејности (транспорт, трговија, банкарство, хотелиерство). На овој сектор му припаѓаат и јавните услуги, односно услугите што им се даваат на граѓаните преку државните институции. (здравство, образование, полиција).

Процесите на компјутеризација и автоматизација во производството од ден на ден го намалуваат бројот на луѓето вработени во примарниот и секундарниот сектор, а го зголемуваат бројот на луѓето вработени во терцијарниот сектор. Денес се зборува за двојна, односно тројна вредност на работните места во индустријата (едно отворено работно место во индустријата (секундарниот сектор) повлекува отварање на две, три или повеќе работни места во терцијарниот сектор.

Стоковото производство е невозможно без поделба на работата и економска специјализација. Тие се многу важни индикатори за едно општество. Преку нив се определува степенот на развиеност на едно





општество. А за развиено се смета она општество кое има пристап до современа технологија, кое има комплексна поделба на трудот и специјализирана работна сила (високо образовани и стручни кадри).

**Истражувачка активност**

Иста работа, занимање не се вреднува во сите општества подеднакво. Анализирај неколку занимања во Р.Македонија, а потоа истражи како овие занимања се вреднувани во други земји. Коментирај ги добиените резултати. Следниве неколку прашања употреби ги како водич низ анализата.

1. На кој сектор му припаѓа занимањето.
2. Дали занимањето е престижно и како е платено.
3. Какво образование и какви способости се потребни за занимањето.
4. Каков вид на подвижност, каква кариера овозможува занимањето и сл.

## СОПСТВЕНОСТ И КАПИТАЛ

**Сопственоста и сопственичките права**

„Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон".

Член 30

од Уставот на Р. Македонија

Право на сопственост е основно човеково право. Притоа се мисли на правото на *лична сопственост* и на правото на *приватна (индивидуална) сопственост над средствата за производство.*



**Во личната сопственост** *спаѓаат стварите (добрата) за лична употреба.* Сопственикот нив ги употребува за задоволување на личните потреби. Такви се куќата, облеката, обувките, автомобилот, средствата за лична хигиена и сл. Но, доколку со некои добра кои се лична сопственост се остварува стопанска дејност (автомобилот се користи за такси превоз, куќата се изнајмува и сл), тоа добро не е повеќе лична сопственост, туку приватна сопственост.

**Приватната сопственост** *означува сопственост над ствари (добра) кои се користат за стопански цели.* Во современите општества оваа сопственост се сфаќа како власт на поединци или групи над средствата за производство. Сопствениците донесуваат одлуки како ќе се користат средствата за производство, како ќе се присвојуваат резултатите од трудот, но и како да се надминат евентуалните ризици од непродуктивното работење. Приватната сопственост над средствата за производство може да им припаѓа на поединци, на семејни и други организирани групи. Сопственичките права, односно власта над средствата се ексклузивни права и му припаѓаат исклучиво на титуларот (носителот) на сопственоста. Никој нема право со своето однесување да го попречува нивното остварување. Поради тоа приватната сопственост секогаш се изразува како однос помеѓу сопственици и несопственици. Ваквото сопственичко право им наметнува на носителите на сопственоста и обврски во облик на овластувања (фукции) поврзани со

- *управување, надзор и контрола над сопственоста,*
- *користење на средствата кои се во сопственост и*
- *правото на располагање со сопственоста.*

Според првото овластување, носителот на титуларот на сопственоста (или оние кои тој ги овластил да одлучуваат во негово име) донесува одлуки како ќе се употребуваат средствата за производство, како ќе се организира производствениот процес и кој ќе биде вклучен во него. Но,





сопственикот може да одлучи средствата за производство да ги стави вон економска употреба, доколку оцени дека од нив нема никаква полза.

Според второто овластување (функција), носителот на сопственоста има право да ги присвои новосоздадените добра од претходната продуктивна употреба на средствата за производство (економска полза). Сопственикот има право да го присвои целокупното произведено добро (доход, камата, дивиденда, рента, профит) и право да одлучи како ќе го распредели истото.

Правото на сопственост, односно правото на располагање со средствата за производство го вклучува и правото на сопственикот истите да ги оттуѓи преку продажба или подарување.

Приватната сопственост е многу важна за пазарното стопанство. Од неа зависи управувањето, контролата, одговорноста над претпријатието, но и деловниот ризик. Успешното претпријатие по правило настојува да ја зголеми својата сопственост (да ја зголеми пазарната вредност на добрата што ги поседува), додека неуспешното претпријатие кое работи со загуби ја намалува нивната вредност.

Повеќето граѓани не се сопственици на средства за производство. Тие се во улога на слободна работна сила, која може да бира занимање, дејност и работодавач кај кого ќе работи.

Приватната сопственост не е единствен облик на сопственост. Економскиот и технолошкот развој ја наметна потребата од здружување на сопственоста на средствата за производство (капиталот) и создавање на групна (содружничка) приватна сопственост. Такви се **акционерските друштва**. Во нив најчесто не управуваат сопствениците (содружници), туку менаџерски тимови, а тие земаат добивка наречена дивиденда.

За сите досегашни општества е карактеристична нееднаквата положба на луѓето во однос на поседувањето на средствата за производство. Сопственоста на средствата за производство е причина за нивната класна подвоеност. Најголемо влијание секогаш имале (зависно од типот на општеството) племенскиот старешина, феудалниот господар, работодавачот, државниот службеник.

Во индустриските општества опстојува и трет вид сопственост чии сопственички права се исклучиво колективни и е наречена **јавна** или **државна сопственост.**



## Капитал

Голем број на луѓе, кога ќе се изговори зборот капитал, веднаш помислуваат на пари. Тие се навикнати, поголемата сума на заштедени пари да ја наречат капитал. Но, не се само парите капитал Според современата економска теорија капиталот може да се јави во неколку различни форми: *природен,* кој го сочинуваат природните богатства и ресурси на една земја, *финансиски*, кој се јавува во облик на пари, *инфраструктурен* (патишта, мостови, железници, телефонски и други инсталации), *институционален* (богатство на државни институции), *човечки* (интелигенција, талент, знаења, способности стекнати преку образование) и *културен* (научни знаења, прогрес, културно наследство и сл.). Сопственикот на еден автомеханичарски сервис велиме дека поседува капитал, ако во него има многу машини, алати и други матерјали со кои работи. Капитал на еден сопственик на продавница се полните рафтови и магацини со стока. За оној што отворил денарска или девизна сметка во банка или заштедил пари на книшка, исто така велиме дека поседува капитал.

Дали парите што ги чуваме дома за плаќање на месечните сметки се капитал?



Не, но ако дел од месечните примања ги заштедиме и ги ставиме во банка, тие ќе се оплодуваат според соодветната каматна стапка и тогаш тие стануваат финансиски капитал. Викендицата во која едно семејство го минува слободното време не е капитал, но ако ја издава под наем, тогаш таа станува капитал.

Од ова следи заклучок дека капиталот се појавува во два облика и тоа: **реален капитал** (средства за производство: машини, алати, опрема, згради, други објекти, суровини, полупроизводи, залихи на готова непродадена стока) и **финансиски капитал** (финансиски инструменти кои му носат приход на сопственикот: парични кредити, штедни влогови, обврзници, акции, комерцијални записи и сл.).

Пример. Ако некој реши да отвори пицерија ќе треба да вложи средства за нејзино целосно опремување. Тие средства се нарекуваат почетен капитал (К1). Доколку на крајот од годината вложениот капитал се зголеми (К2), тогаш велиме дека е остварена **добивка, профит** (Д). Добивката е разлика помеѓу почетната и крајната вредност на капиталот, односно Д= К2- К1. Книговодствено кажано тоа е разлика помеѓу **вкупниот приход остварен од продажбата** и вредноста на влезните фактори односно т**рошоците** во работењето.

Сопствениците на капиталот настојуват таа разлика да биде што е можно поголема.



**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Која е основната разлика помеѓу личната сопственост и приватната сопственост над средствата за производство?

2. Зошто во секое општество се значајни сопственичките односи?

3. Утврди дали твоите родители или блиски пријатели поседуваат капитал? Објасни за каков облик на капитал станува збор?

# ПАЗАРОТ И ПАРИТЕ

## Пазарот и делувањето на пазарниот механизам

Крајна цел на секое стоково производство е произведената стока до стигне до оние за кои е таа наменета – потрошувачите, односно да се продаде. А потрошувачите стоката ја купуваат за пари и на тој начин ги задоволуваат своите потреби. Пазарот е место кадешто се случува купопродажбата (размена на стока за пари). Притоа, продавачот ја пренесува сопственоста над стоката на купувачот, а за возврат ги прима парите. Купувачот плаќа за да стекне сопственост над она што го нуди продавачот (стока или услуга).

**Запомни**

Пазарот ги опфака сите купопродажни активности на оние кои сакаат да тргуваат со некое добро или услуга. Тој се состои од понудувачи кои сакаат да продадат и побарувачи кои сакаат да купат. На пазарот не се тргува само со стока, туку со работна сила и капитал.




*Продажбата „онлајн“ ни е драстично намалена. Сигурно не им се допаѓа на потрошувачите дизајнот на нашиот „веб-сајт“!*

Најдобар показател за тоа како функционира еден пазар е односот помеѓу понудата и побарувачката, односно интеракцијата помеѓу понудувачите и побарувачите околу цената и количеството на стоки (услуги) што се разменуваат.

## Понуда- производители

*Понуда е она количество на произведени добра или услуги кои производителите им ги нудат на купувачите со цел да им ги продадат.* Логично е дека тие би сакале да понудат колку е можно поголемо количество од некое добро или услуга по највиска можна цена. Но, кога на пазарот има конкуренција, производителите, за да можат да ги продадат своите производи по прифатлива цена за купувачите, се принудени да ги снижат цените. А тоа ќе можат да го направат ако ги намалат трошоците на производството. Производителите (претпријатијата) кои успеале да ги смалат трошоците на производство (најчесто тоа го прават со внесување на технолошки иновации во производството) се успешни, остваруваат добивка и настојуваат да го прошират производството. Неуспешните претпријатија остваруваат загуби и пропаѓаат.

Каква ќе биде понудата зависи од неколку фактора:

- *колкав е бројот на производители (претпријатија) на ист вид стока,*
- *колкав е обемот на производство на секој од нив и*
- *од можностите за зголемување на бројот на нови производители на таа стока (конкуренцијата).*

Економскиот развој во многу стопански гранки предизвикува појава на така наречено **големо претпријатие**. Настанува со поврзување на повеќе призводители (претпријатија) со цел да ја елиминирираат меѓусебната конкуренција. Така обединети тие зајакнуваат на пазарот и во еден момент прераснуваат во монопол. Тие ги „диктираат“ условите на пазарот, ги определуваат цените на производите и обезбедуваат сигурна и трајна добивка. Држа-



вата таквите договарања по правило ги спречува и забранува со закон.

## Побарувачка - купувачи

Колку производи претпријатијата ќе продадат и по која цена не зависи само од нив, туку и од побарувачаката. Побарувачката ја сочинуваат сите оние пазарни сили кои влијаат врз преобразувањето на луѓето како купувачи (потрошувачи). Како купувачи-потрошувачи настапуваат поединци, домаќинства и претпријатија и сите тие на тој начин ги задоволуваат своите потреби. Вобичаено луѓето сакаат да купат што поголемо количество добра и услуги по пониска цена. Доколку се покачува цената на некое добро или услуга, се намалува обемот на нивна побарувачка.

Обемот на побарувачката, зависи од неколку фактора:

- *од потребите и желбите на потрошувачите,*
- *од нивната куповна моќ и*
- *од цената на стоката*

Луѓето вообичаено ги купуваат оние стоки и услуги кои им се неопходни за задоволување на своите потреби и желби. Како се зголемува интензитетот на потребите и желбите така се зголемува и нивната подготвеност за купување. На сите нам ни се случило да купиме некој производ по многу висока цена само затоа што бил добро рекламиран и затоа што тој побудил желба кај нас да го поседуваме. А за да ја задоволиме таа желба сме морале да се откажеме од некоја своја потреба. На обемот на побарувачката влијае и куповната моќ на купувачите, односно висината на нивниот доход. Доходот влијае правопропорционално на обемот на побарувачката. Како се зголемува доходот на луѓето така се зголемува и обемот на побарувачката и обратно. Секако тоа не се однесува подеднакво за сите видови стока и услуги.

Логично е потрошувачите со пониски примања да се однесуваат рационално и да купуваат стоки по пониски цени. Луѓето и кога имаат пари не купуваат големи количества на неопходни стоки, па дури и





*Луѓето сакаат да ги задоволат и своите желби, дури и на штета на потребите*

кога цените се ниски. Тие купуваат онолку колку што им треба за да ги задоволат своите потреби.

Освен за задоволување на потребите, тие сакаат дел од доходот да го потрошат и на луксузни стоки и услуги, како на пример скапоцени предмети, егзотични патувања и сл. Но, производителите (претпријатијата) мораат да знаат кои стоки и услуги потрошувачите ги оценуваат како неопходни или, пак, за нивната „неопходност“ да се информираат преку истражувањата на пазарот. Во таков случај со мало зголемување на цените, тие добиваат голема добивка. Кај стоките и услугите, кои потрошачите не ги оценуваат како неопходни, со зголемувањето на цената, продажбата најбрзо опаѓа, што значи тие „заработиле“ загуба.

**Запомни**

Во примитивните општества луѓето не размислувале што и колку да произведат. Произведувале онолку колку произведувале и нивните предци. *Традицијата* била основен механизам за утврдување на видот и количеството на производство. Производството и потрошувачката се одвивале во рамките на домаќинствата и затоа е наречено натурално производство. Во класните општества *принудата* е значаен чинител во решавањето на економските прашања. Египетските пирамиди, кинескиот ѕид, раскошните куќи на југот на САД не би можеле да се изградат без принудната работа на робовите. Основната движечка сила на денешното пазарно стопанство е *слободата и изборот* на поединецот во остварување на својот економски интерес. Потрошувачот може слободно да избира меѓу конкурентните производи и услуги, а производителот има слобода да основа фирми, да избира што и колку ќе произведува, да ја присвојува добивката од својот труд. За работникот слободата значи право да избира работно место, да членува во синдикати, да менува работодавач. При вработување работникот склучува договор за работа со работодавачот, а за извршениот труд добива плата или дневница.





**Истражувачка активност**

Следи ја промената на цената на некој конкретен вид на стока во одреден временски период. Идентификувај ги факторите кои влијаеле врз промените на цената. Од добиените податоци при следењето подготви извештај.



## Пари

Парите се историска појава. Се појавиле на одреден степен од развојот на општеството заради потребата да се олесни и поедностави размената (купопродажбата). Размената пред појавата на парите се вршела преку трампа (размена стока за стока). Всушност парите се употребувале (многу ретко) уште пред да стане пазарот доминантен механизам за решавање на економските прашања. Пазарното стопанство не може да се замисли без парите.

**Што се парите?**

Парите се причина за многу испеани песни, изречени мудри зборови, осиромашени семејства, несреќни љубови, војни. Познатата актерка Лајза Минели во познатиот мјузикл – Кабаре пее песна за парите во чиј рефрен се вели дека „парите го вртат светот“. Парите се нешто што се наоѓа (повеќе или помалку) во сечиј паричник или џеб. Се јавуваат во облик на банкноти, ситни метални пари, кредитни картички и сл. Денес секоја работа се наградува во паричен облик и затоа со право може да се каже дека живееме во време на монетаризација на општествениот живот. Информатичката технологија сосема го промени паричното работење. Големи количества пари во светот денес постојат во облик на електронски записи во чиповите.

Парите имаат неколку основни функции:

- Како **средство за размена**: ја олеснуваат и поедноставуваат размената на различните видови стока.
- Како **платежно средство** се користат во кредитните (долгорочни или краткорочни) трансакции. До моментот на плаќање (враќање на кредитот), парите служат како средство за одложено плаќање.
- Како **пресметковно средство**. Оваа функција парите секогаш не мора да ја вршат. Особено во периодите на висока инфлација, тие не ја вршат оваа функција.
- Како **средство за зачувување на вредностите**. Оваа функција е тесно поврзана со функцијата на парите како средство за размена. Парите преставуваат еден облик на ликвиден имот кој ја одржува својата вредност во времето. Тие најлесно можат да се претворат во некој друг вид имот. Во време на инфлација не е разумно богатството да се чува во облик на пари. Порационално е да се купува залиха на стока за потрошувачка, материјали, капитални добра, недвижност







**Научи повеќе**

Во различни делови од светот и во различни периоди од нивниот развој, различни предмети преставувале вредност и биле признаени како платежно средство (пари). Такви биле школките, бисерите, тутунот, кожата, добиток, житото и сл. Првите пари, слични на денешните, се изработени во 7 век п.н.е. во лидијското кралство (во денешна Турција). Првите пари биле ковани монети во облик на триаголник, четириаголник, круг. Тие биле ковани монети од електрум (природна легура на злато и сребро) во облик на тријаголник, четиријаголник, круг. На монетите најчесто биле втиснати ликови на божества и познати јунаци.

Предноста на употребата на хартиени пари ја откриле Кинезите. Хартиените пари (банкнотите) во Европа се појавиле во 17 век. Првин ги издавале златарите на своите странки, кои кај нив чувале злато. Тие им дозволувале на странките да подигнат книжни пари. Тоа бил почетокот на кредитниот систем.

Со порастот на трговијата се појавиле плаќања во големи износи. Таквото плаќање со книжни пари станувало сè потешко. Од тие причини се појавиле жиралните пари. Сопствениците можеле да платат некоја своја обврска без да ги изнесат во готово парите од банка. Тоа го правеле со чек, картичка. Првите европски банкноти ги издала банката во Стокхолм (Шведска) во 1661 година.

Задача

Напиши есеј на тема - Пари. Објасни каков е твојот однос кон парите. Дали тие влијаат врз животите на луѓето.



# ДРЖАВАТА И ПАЗАРОТ-СОЦИЈАЛНО - ПАЗАРНО СТОПАНСТВО

## Улогата на државата во стопанството

Во современите општества државата станува сè позначаен актер во стопанството. Таа има одговорност да создаде услови за безбедно стопанство и слободно делување на стопанските претпријатија (да обезбеди политичка стабилност во земјата, да воспостави внатрешен ред и поредок, да ги штити границите, да организира увоз и извоз). Но, нејзина основна задача е да воспостави правила на однесување во стопанскиот живот. За таа цел државата:

- учествува во стапанството како **производител-работодавач**. Таа вработува луѓе, произведува добра и услуги во дејностите како што се: здравството, школството, полиција, противпожарна служба, социјални дејности, војска и сл. Државата стана значаен сопственик на средства за производство во рударството, индустријата,

особено во оние гранки кои се поврзани со наменското производство (за војската, шумарството, поморскиот сообраќај, транспортот);

- како **микро-економски регулатор -** наметнува стандарди преку кои обезбедува здрава животната средина, квалитет и хигиено-технички услови на некои прехранбени производи, определува цени на некои неопходни производи за лична потрошувачка, комунални услуги и сл.
- како **дистрибутер,** влијае на распределбата на доходот преку минималната или гарантирана плата, преку даноците;
- како **макро-економски регулатор** влијае врз висината на даноците, макро-економската стабилност, стабилноста на националната валута, каматната политика, инвестирањето и сл.);
- учествува во реализацијата на **големите развојни проекти за кои е потребен голем капитал** (градење железници, патишта, современи системи за производство на енергија);
- ги **потпомага оние индустриски гранки**, кои се носители на новата технологија и побрзиот стопански развој (електроиндустријата, електрониката, хемиската индустрија и сл.);
- делува во областа на **социјалната политика** и системот на социјалната сигурност, го гарантира јавниот ред.

## Вработувањето и пазарот на работна сила

Луѓето во процесот на стоковото производство настапуваат како *работодавачи и работници*. **Работодавачите** се оние кои ги обезбедуваат средствата за производство (материјалните претпоставки за производството). Тие можат да бидат физички лица (приватни сопственици над средствата за производство) и правни лица (претпријатија, државни органи, банки, институции, итн.), кои вработуваат луѓе што немаат сопствени средства за производство.

***Работниците** се лица кои го изнајмуваат својот труд (работна сила) во производството или другите дејности за што добиваат паричен надомест како дневница или плата.* Работната сила е еден од факторите без кои не може да се замисли ниту еден производствен процес, ниту една терцијарна дејност. Меѓутоа, таа, сè помалку станува подлежна на пазарното делување (понудата и побарувачката на работна сила). Ако порано работниците сами се соочуваа со прашањето на невработеноста, денес таа улога ја имаат таканаречените социјални партнери (синдикатите). Тие колективно ги застапуваат работниците во преговороте со работодавачите и државата. Од тие причини стопанството добива карактеристики на социјално-пазарно стопанство, а трудот во производството на добра и услуги се манифестира преку вработувањето.

*Кога еден поединец работи со сопствени средства за производство, (занаетчија, трговец, фармер), тогаш станува збор за самовработување.* Индивидуата во исто време е работодавец и работник. Меѓутоа, поголем број од населението секогаш е во улога на работници, чиј доход служи за задоволување на нивните потреби.

Во пазарното стопанство, работната сила исто така е стока. И за неа важат законитостите на понудата и побарувачката како и за која било друга стока.

Цената на работната сила се изразува во плата (дневница) која ја добиваат за својот труд.

Во односите помеѓу работниците и работодавачите интервенира државата со правни норми, а синдикатите - со спогодба за трудот. Тие вршат притисок врз др-

жавата (владата) со цел таа законски да им обезбеди:

- примерна плата (минимален гарантиран доход);
- заштита при работа;
- право на годишен одмор;
- определено работно време;
- социјално осигурување (старосното, инвалидското и здравствено);
- заштита за време на невработеност (паричен надомест додека трае невработеноста);

Исто така, државата треба да обезбеди можности за остварување на некои посебни права на вработените како на пример: паричен надомест за породилно отсуство од работа, старателски одмор, детски додатоци, хранарина, автобуски превоз и сл.

Секој има право на работа, слободен избор при вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори

Член 32 од Уставот на Р. Македонија

Задача 

Анализирај еден колективен договор, а потоа обиди се да објасниш во кои случаи работникот може да го користи правото на скратено работно време.

**Невработеност**

Сите современи општества се соочуваат со проблемот на невработеноста. За невработени се сметаат сите возрасни, работоспособни лица кои бараат работа (вработување). До појава на невработеноста доаѓа поради неусогласеност на понудата и побарувачката на работна сила. Таа е најверќе изразена во капиталистичкото пазарно стопанство.

Постојат неколку вида невработеност:

- **сезонска невработеност** која настанува како последица на промените во производството, предизвикани од самата природа на дејноста, а се појавува во одредени периоди од годината. Така на пример, голем е бројот на времено отпуштени работници во областа земјоделието и туризмот во зимскиот период;
- **фрикциската невработеност** е последица на преминувањето на вработените од едно во друго претпријатие, на барањето прво вработување по завршувањето на школувањето, на повременото-периодично чекање на вработување и сл.;
- **структурната невработеност.** Автоматизацијата и информациската технологија се причина одредени категории работници (веќе вработени) да се отстранат од производниот процес поради недостиг на потребни квалификации (технолошки вишок). Најчесто тоа се работници со низок степен на образование кои не можат да одговорат на работните задачи за кои е потребно технолошка писменост.






**Истражувачка активност**

После 1990 година во Р. Македонија, како земја во транзиција, многу се зголеми невработеноста. Престанаа да работат многу фабрики и неуспешни претпријатија. Беа регистрирани 340000 невработени лица од кои речиси половина беа постари од 40 години, а приближно 1/4 млади, на возраст до 26 години. Меѓу нив имаше значителен број на луѓе со низок степен на образование како и оние кои долго се невработени. Некои песимистички аналитичари прогнозираа дека бројот на невработените до 2000 година ќе се зголеми за уште 10 до 15 илјади заради ликвидација на 12 големи „загубари“ во државата. Обиди се пронајдеш податоци за состојбата на невработеноста во Р.Македонија денес. Спореди го бројот на невработени во 1999 со бројот на невработени денес и утврди дали е тој зголемен или намален. Образложи ги причините за таквата состојба. На која возраст се најголем дел од невработените денес. Кои мерки ги презема државата за да ја намали невработеноста?

## ПРЕТПРИЈАТИЕ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Претпријатието е правно лице, кое обавува стопанска дејност: произведува материјални добра или услуги за пазарот со цел, да оствари што поголем доход односно добивка. *Претпријатието го определуваме како организирана стопанска единица, во која луѓето со својот труд- работна сила и со помош на средствата за производство произведуваат матерјални добра или вршат услуги за потребите на други, односно за продажба.*

Во секое претпријатие трудот (работната сила) е поделен на **раководен** (трудот на оние кои одлучуваат, планираат, го контролираат работниот процес, наредуваат) и **изведувачки** (трудот на оние кои работат на машината, одржување, хигиеничар и сл.).

Имотот на претпријатието може да се подели на:

- **основни средства** или имот во инвестиции. Тоа се средства, кои во претпријатието се упо-

требуваат подолго време (земјата, зградите, машините, канцелариска опрема, превозни средства и сл.).

- **обртни средства** се оние кои постојано се обновуваат (суровините, материјалите).

Во слободното пазарно стопанство делуваат разни видови претпријатија. Според видот на дејноста која ја обавуваат тие можат да бидат занаетчиски, индустриски, трговски, туристички, сообраќајни, банкарски. Според големината претпријатијата можат да бидат мали, средни и големи. Според правно-организациската поделба тие можат да бидат:

- **Претпријатија на поединечно физичко лице** (индивидуален сопственик).
- **Друштва на лица:** меѓу таквите претпријатија ги вбројуваме ортаклукот, командитно друштво и тајно труштво. Настануваат со здружување на повеќе индивидуални сопственици.
- **Друштва на капитал**: тоа се друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва (корпорации). Непосредниот правен и економски носител на капиталот е претпријатието, како правно лице.

Со претпријатијата не управуваат сопствениците (акционерите), туку менаџерски тимови.



*Фабрика за мобилни телефони*

**Научи повеќе**

*Индустриското претпријатие* вообичаено има голем број постојано вработени работници, голем обем на производство (произведуваат големи количества истородни производи за непознат потрошувач), висок степен на поделба на трудот (работа на бескрајна лента), во производниот процес се употребуваат научни методи.

*За занаетчиското претпријатие* карактеристични се: неразвиена техничка поделба на трудот, мал обем на производство (вообичаено по порачка и без големи резерви), и занаетчијата (сопственикот) е вклучен во производството, меѓу сопственикот и вработените постои посебна поврзаност, во производството се вклучени и членови на семејството.

*Корпорациите се* големи претпријатија. Познати се и како акционерски друштва. Со нив управуваат менаџерски тимови.

*Мали претпријатија* се оние кои имаат помалку од 200 вработени. Обично со нив раководат самите сопственици.

## Претприемништво

Современата економска теорија го сфаќа и определува претприемништвото како значајна сопственост на луѓето (работната сила) во процесот на производство на добра и услуги, но и како значаен производствен фактор.

Основна карактеристика на претприемништвото е иноваторството- (следење и примена на технолошки, пазарни и други новитети во процесот на производството). Тоа значи дека претприемачот не само што се прилагодува на состојбите на пазарот, туку со своето делување го прилагодува пазарот на своите потреби и способности. Претприемачот го организира производниот процес, управува со него, но и ги презема ризиците кои произлегуваат од него.




*Извор: Државен Завод за статистика на Р. Македонија (број на невработени според анкета од 2007)*

Постојат два типа на претприемништво: **индивидуално и корпорациско.** Првото се засновува на конкуренцијата меѓу малите и средни претпријатија. Економските анализи укажуваат, дека државите кои имаат моќен сектор на мали и средни претпријатија, побрзо ги развиваат своите стопанства. На пример во Јапонија повеќе од 50% од вработените работат во мали претпријатија. Корпорациското претприемништво е она на големите претпријатија. Поради нивната гломазност и нефлексибилност потешко се пробива иноваторството. Од тие причини многу современи корпорации се обидуваат да се поделат на помали стопански самостојни единици.



Задача

Според законот за трговски друштва на Р. Македонија, секој кој има капитал, храброст и идеја може да отпочне свој бизнис. Обиди се да пронајдеш информации за тоа што сѐ е потребно (која е процедурата) за да се регистрира приватна фирма.



*Бизнис центар*

# СОЦИЈАЛНИОТ ЖИВОТ И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

## Население (основни поими, структура и движење на населението)

*Населението претставува збир на луѓе кои живеат на одреден географски простор (територија).* Тоа е многу важен елемент од кој зависи организацијата и квалитетот на животот во едно општество. На пример, од бројот на населението и неговите карактеристики зависи колкав ќе биде работниот потенцијал во стопанството (колкав број од населението е работоспособно), каков ќе биде пазарот и потрошувачката во тоа општество.

*Науката која се занимава со проучување на населението се вика демографија.* Терминот произлегува од грчкиот збор „демос“ што значи народ, и „графеин“ - опишува. Таа го проучува бројот на населението, територијалниот распоред на населението и неговата структура (занимање, работен ангажман, сопственичката состојба, степенот на образование, возраста и сл.). Особено се интересира за природното движење на населението (колку се раѓаат и колку умираат), како и за механичкото движење на населението (миграциите).

**Структурата на населението** се утврдува според неколку белези: полот, староста, образованието, економската положба и етничката припадност, па затоа можеме да зборуваме за биолошка, економска, возрасна, етничка структура на населението.

За да се определи биолошката структура, треба да се знаат полот и возраста на населението. **Биолошката структура по пол** ја покажува распределбата на населението на машки и женски лица. Оваа структура се утврдува преку процентуалното учество на мажите и жените во вкупното население или бројот на мажите во однос на 100 или 1000 жени. (коефициент на маскулинитет).

НАСЕЛЕНИЕ НА ВОЗРАСТ ОД 15 И ПОВЕЌЕ ГОДИНИ
СПОРЕД НАЈВИСОКАТА ЗАВРШЕНА ШКОЛА, ПОПИС 2002




*Извори на податоци: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Македонија во бројки 2009, Скопје 2009, стр.17.*




*Населението на Р. Македонија по возрасни групи во одделни региони*
*Извори на податоци: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Македонија во бројки 2009, Скопје 2009, стр.11*

Биолошката структура на населението е мошне значајна бидејќи од неа зависи репродукцијата на населението, обемот на работната сила, војничкиот потенцијал во една заедница и сл.

**Биолошката структура на населението според возраста** ја покажува распределбата на населението по возрасни групи. Најчесто се применува распределбата во три возрасни групи: од 0 до14 години, од 15 до 64 години и над 64 години. Оваа структура зависи од повеќе фактори, но највеќе од наталитетот, морталитетот, природниот прираст, миграционите движења, економските кризи, војните, епидемиите и природните катастрофи.

**Економско-социјалната структура** на населението ја отсликува стопанската структура на една земја. Таа покажува колкав број од населението е економски активно, каква дејност и занимање обавуваат поединците, каков е нивниот статус во занимањата, каков однос имаат кон сопственоста . Исто така, преку оваа структура може да се утврди застапеноста на градско и селско население, поделбата на домаќинствата според изворите и големината на приходите и сл.

**Образовната структура** ја покажува распределбата на населението според нивото на образование, писменост и степен на школска подготовка и некои други образовни карактеристики

**Движење на населението**

Кога се зборува за движење на населението се мисли на промените што настануваат кај населението предизвикани од природното и механичко движење на населението. Природно движење на населението предизвикуваат: наталитетот (раѓањето на деца) и морталитетот (умирањето). Механичко движење на населението предизвикуваат миграциите (преселување на населението од една на друга територија). Миграциите можат да бидат внатрешни и надворешни. При внатрешните миграции населението се преселува од едно место на друго, но не ја напушта државата во која живее. При надворешните миграции населението се преселува на територија надвор од границите на државата. Во зависност од времетраењето на миграциите тие можат да бидат трајни, привремени, сезонски, неделни или дневни. Дневните миграции секојдневно се зголемуваат, особено во земјите на



Европската унија. Непостоењето на границите меѓу државите им овозможува на граѓаните од Унијата да живеат во една, а да работат во друга земја.

**Научи повеќе**

Вкупниот број на население во светот во почетокот на неолитот се движел помеѓу 3 и 5 милиони жители. За неколку милиони години, до 18 век, тој се зголемил на една милијарда, а денес на Земјата има околу 6 милијарди жители. Со ова се потврдува претпоставката на англискиот економист Роберт Малтус дека населението во светот се зголемува по геометриска прогресија, за разлика од храната и средствата за егзистенција кои се зголемуваат по аритметичка прогресија. Оваа нерамнотежа помеѓу брзиот развој на населението и бавниот развој на ресурсите според Малтус „мора да ја израмнат гладот, болестите, војните и природните катастрофи". Ова гледиште во демографијата се нарекува Малтузијанство. Иако од научен аспект е неприфатливо, сепак треба да се признае дека „јавачите на Апокалипсата" и денес царуваат во многу неразвиени земји на светот. Ако во иднина не се преземе нешто порадикално во планирањето на демографскиот развој, светот може да се соочи со повеќекратно зголемување на населението. Во таа смисла многу се очекува од популационата политика.

**Истражувачка активност**

(групна работа)

Заедно, со уште неколку твои другари спроведете истражување. Утврдете каква е економската и образовната структура на родителите на учениците во вашата паралелка, а потоа утврдете колкаво било нивното влијание врз изборот на вашата струка. При тоа, обидете се да ги употребите техниките и методите кои се применуваат при научните истражувања.

## ДЕМОГРАФСКА (ПОПУЛАЦИОНА) ПОЛИТИКА

Демографската политика е систем од мерки и активности што ги презема државата за да влијае врз демографските процеси, а со цел да го усогласи бројот, структурата и движење на населението, со постојните економско- политички и други цели. Оваа политика може да биде експанзивна, рестриктивна, редистрибутивна, но може да биде причина за девијантни појави во општеството.

**Задача**

Прочитај го текстот, а потоа образложи го своето мислење.

Демографската политика наречена „едно дете", која се спроведуваше во Кина меѓу 80-те и 90-те години на минатиот век не

**НАСЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| | 1998 | 2003 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Население на крајот на годината | 2 012 705 | 2 029 892 | 2 048 619 |
| мажи | 1 007 266 | 1 018 660 | 1 026 804 |
| жени | 1 005 439 | 1 011 232 | 1 021 815 |
| Доселени граѓани на Република Македонија | 595 | 567 | 219 |
| Доселени странци | 462 | 578 | 557 |
| Отселени граѓани на Република Македонија | 241 | 112 | 740 |
| Отселени странци | 7 | 32 | 11 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија, Македонија во бројки 2009, стр.8*

само што предизвика нарушување на соодносот меѓу половите, туку беше причина за пораст на криминатитетот во Кина. Имено, Кина од веќе познати причини воведе рестриктивна демографска политика со која на семејствата им се забрани да имаат повеќе од едно дете, со ретки исклучоци во руралните средини (ако првото дете е женско, тогаш е дозволено и второ). Семејствата кои не ја почитуваа забраната беа казнувани на различни начини. За секое „вишок" родено дете, државата не обезбедуваше средства за образование, здравствена заштита и сл. Со оваа политика се воспостави контрола на раѓањата, но од друга страна се наруши рамнотежата меѓу половите, се зголеми бројот на „селективни абортуси". Водени од традицијата (да се има син по секоја цена), кинеските жени масовно ја прекинуваа бременоста веднаш штом дознаат дека полот на детето е женски. Политиката „едно дете" предизвика во Кина експанзија на машки деца (110 машки на секоја стота жена). Денес, оваа „еднодетна" генерација машки деца во Кина се наоѓа во зрело доба. Имаат по 30 години и сè уште се неженети. Имаат проблем да склучат брак. Значителен процент од нив имаат проблем и со законот (барем еднаш извршиле криминално дело). Резултатите од едно неодамнешно истражување спроведено од кинески и американски истражувачи потврдија дека сето ова е последица од рестриктивната демографска политика.

***Планирањето на семејството*** *претставува свесно регулирање на родноста од страна на брачните двојки (планирање на бројот на децата во семејството и интервалот помеѓу нивните раѓања).* Во потесна смисла на зборот се подразбира контрола на раѓањето со помош на контрацептивни средства или стерилизација на еден од сопрузите. Абортусот обично не се смета за метод на планирање на семејството.

Денешниот концепт за планирање на семејството се базира на слободно индивидуално одлучување на секој поединец за бројот на децата и времето на нивното раѓање преку користење на знаењата и средствата за заштита од несакана бременост. Планирањето на семејството треба да се сфати пред сè како човеково право. Македонија е демографски хетерогена земја. Според податоците на Државниот завод за статистика, од 31 декември 2008 година, во Р.Македонија живеат 2048619 жители.

Во период од 1994 до 2008 година се забележува постојан пад на раѓањата во земјата. Стапката на пораст на населението е најмал во Источниот, Вардарскиот, и Југоисточниот регион, малку повисок во Североисточниот и во Скопскиот регион, а највисок е во Полошкиот регион. Во трите споменати региони (Источниот, Вардарскиот и Југоисточниот) порастот на населението е минимален и се должи на порастот на населението во поранешните општински центри. Денес во најголем број општини тој има негативен предзнак.

Во Североисточниот регион, пораст на населението има само во три, од вкупно осум општини. Најмал е во Крива Паланка, а мошне голем во Куманово и Липково. Интензивно намалување на населението бележат општините Клечовце, Орашац и Старо Нагоричане.

Скопскиот регион се издвојува од останатите. Дури 43% од вкупниот пораст на населението во земјата му припаѓа на овој регион. Од вкупно 16 општини, во 13 е забележан пораст на населението за повеќе од 2%. Такви се Шуто Оризари, Арачиново, Студеничани, Сарај, Кондово, Илинден, Ѓорче Петров. Населението се намалило во општините Зелениково, Центар и Сопиште.

Полошкиот регион, во однос на другите има најголем пораст на населението. Овој регион учествува со 31,1% во вкупниот пораст на населението во земјата. Најголем број од општините (16 од вкупно 19) бележат пораст на населението. Најголем е во Долна Бањица и Камењаре (со над 2 % стапка на пораст), а со над 1% стапка на пораст на населението општините: Вруток, Гостивар, Неготоно Полошко, Боговиње, Вратница, Желино, Тетово, Џепчиште и Шипковица. Во овој период

## ВИТАЛНА СТАТИСТИКА

| | 1998 | 2003 | 2008 |
|---|---|---|---|
| Живородени | 26 639 | 23 596 | 22 945 |
| машки | 13 776 | 12 170 | 11 826 |
| женски | 12 863 | 11 426 | 11 119 |
| Умрени | 16 628 | 17 813 | 18 982 |
| мажи | 8 988 | 9 699 | 9 972 |
| жени | 7 640 | 8 114 | 9 010 |
| Склучени бракови | 13 993 | 14 402 | 14 695 |
| Разведени бракови | 1 028 | 1 405 | 1 209 |
| На 1000 население | | | |
| живородени | 13.3 | 11.6 | 11.2 |
| умрени | 8.3 | 8.8 | 9.3 |
| бракови | 7.0 | 7.1 | 7.2 |

*Извори на податоци: Државен завод за статистика на Р. Македонија, Македонија во бројки 2009.*

населението се намалило само во општините Маврови Анови, Ростуше и Србиново. Разликите во интензитетот на порастот на населението вкупно и по одделни општини, во голема мера се условени од различната динамика на компонентите на природното движење на населението и нивното учество во обновувањето на населението.

Врз основа на овие податоци и извршените анализи може да се заклучи дека стапката на репродукција на вкупното население во Р. Македонија покажува две различни тенденции: недоволна репродукција на македонското и другото христијанско население и зголемена репродукција на албанското, турското и ромското население. Тоа значи дека актуелен проблем во западниот дел на Македонија е како да се намали репродукцијата на населението, а во источниот дел како да се подигне. Република Македонија во 1987 донесе Резолуција за популациона политика, чија цел беше општествената заедница, да допринесе за свесно и сакано родителство, за подобрување на животните и работни услови и за усогласување на демографскиот, социјалниот и економскиот развој на земјата.

### Стареење на населението

Во литературата не постои единствена и општо прифатена дефиниција за поимот *демографско стареење на населението*, но најчесто под овој поим се подразбира процес на зголемување на бројот на населението старо 60 и над 65 години.

Стареењето на населението започнува кога: просечната старост на населението ќе достигне 30 години, кога индексот на стареењето (однос помеѓу населението постаро од 60 и помладо од 20 години) е поголем од 40% и кога учеството на старите лица (лица постари од 60 години) во вкупното население е над 12%. Според експертите на ООН, доколку во една земја населението старо 65 и повеќе години опфаќа над 7% од вкупниот број население, тогаш станува збор за земја со старо население. Поаѓајќи од овие индикатори со право може да се заклучи дека Р.Македонија е зафатена од процесот на демографско стареење.

**Последиците од стареењето на населението** можат да се поделат во три групи: демографски, економски и социјални. Секоја група последици наметнува потреба од преземање на конкретни мерки во облик на демографска, економска социјална политика на конкретна држава. **Демографски последици** на стареењето на населението се: побавно растење на стапката на природен прираст на населението, пораст на општата стапка на смртност, намалување на подвижноста (миграцијата) на населението и друго. **Економски последици** на стареењето на населението се: намалување на понудата на работна сила, намалување на продуктивноста на трудот. **Социјалните последици** од стареењето на населението се манифестираат преку заминување во пензија и зголемување на зависноста и грижата на овие лица од помладите. Во традиционалните семејства најчесто за старите лица се грижат ос-






танатите членови на семејството, додека во современите семејства за нив се грижат специјализирани институции. Во првиот случај старите лица се интегрирани помеѓу членовите на нивните семејства и им е обезбедена емоционална поддршка и сигурност. На старите лица им е потребна материјална, социјална, здравствена заштита, како и морална поддршка од семејството. Во случаи на физичка или ментална неспособност, помошта на старите лица е неопходна. Постои и голем број на стари лица кои не стапиле во брак, немаат деца или се без роднински врски. Нив треба да им се обезбеди помош преку социјалните и здравствени институции. Поради сите овие последици од стареењето на населението, секоја држава треба да обезбеди за населението социјална заштита и социјална политика.



Провери го и употреби го своето знаење

1. Што се подразбира под поимот стареење на населението?

2. Дали во Република Македонија постои процес на демографско стареење?

3. Наброј ги показателите за процесот на стареeење на населението?

| Земја | БДП изразено во билиони $ ( 2008 ) | Густина на население (бр. на луѓе на km2) |
|---|---|---|
| САД | 14,264 | 44 |
| Јапонија | 4,909 | 337 |
| Кина | 3,860 | 138 |
| Германија | 3,653 | 232 |
| **Македонија** | 9.5 | 82 |
| ЕУ | 17,696 | 112 |
| Светот | 60,115,459 | 45 |

*Богатството и густината на населението влијае врз планирањето на семејствата*

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Современите држави, особено економски развиените им ги гарантираат правата на социјалната заштита и социјална сигурност на своите граѓани. Тие воспоставуваат систем на социјалната заштита и сигурност кој оневозможува појава на социјалната несигурност на граѓаните, особено во случаи на болест, старост, инвалидност, мајчинство, невработеност. Ваквиот систем предвидува и мерки на социјална заштита особено во случаи кога на работникот му недостасуваат основни средства за живот. Социјалната заштита и сигурност опфаќа и превенција од настапување на споменатите ризици, како и надоместувањето на штетата која настанала со нивното настапување. *Вкупниот број на мерки и активности кои државата ги презема со цел да обезбеди социјална заштита и сигурност на сите категории на населението, како и мерките, кои овозможуваат спроведување на таа заштита и сигурност се нарекува социјална политика.*

Основен креатор и носител на социјалната заштита и политика е државата. Таа ги утврдува мерките, правните норми и правила кои на граѓаните им гарантираат социјална сигурност. Историски гледано, социјалната заштита и социјалната политика настанала како активност на државата со цел непречено обезбедување и задоволување на егзистенцијалните потреби на човекот. Особен придонес одиграле синдикатите, кои преку организирани синдикални движења им помогнале на работниците да се изборат за своите права (соодветно наградување, подобра и поголема заштита при работата, пензиско, здравствено или инвалидско осигурување).

Процесите на транзиција како и промените во економскиот, политичкиот и општествениот развој во Р.Македонија ја наметнаа потребата од изградба на нов систем на социјална заштита кој ќе биде во функција на остварување и афирмација на Уставните принципи. Во таа смисла беше донесен Закон за социјална заштита и неколку други подзаконски акти со кои се утврдија подрачјата на социјалната заштита и мрежата на социјални институции преку кои ќе се остварува таа. Законот дефинираше неколку вида на социјални ризици: ризици за здравјето, ризици на староењето, ризици на мајчинството и семејството, ризици од невработеност и неприлагоденост кон социјалната средина.

### Права и мерки за осигурување и заштита во случај на невработеност

Правото на вработување е основно човеково право и затоа тоа е вградено во уставите на речиси сите земји во светот. Но, не е доволно државите да го признаат правото на вработување. Тие треба да создаат и услови за негово остварување во практиката. За таа цел, државите спроведуваат низа истражувања, анализи, преку кои



*Државата треба да му обезбеди социјална заштита и сигурност на секој работник*

ги утврдуваат постојните економски услови, но и развојни програми преку кои ги испитуват можностите за отворање нови работни места. *Севкупноста на овие активности ја сочинуваат содржината на политиката на вработување.*

Во случај на невработеност, лицата имаат повеќе права, и тоа: право на помош и посредување при вработувањето или при избор на занимање; право на стручно оспособување и преквалификација; право на паричен надоместок на трошоците при повреди и болести. Мошне значајно право кое го имаат невработените лица е правото на паричен надоместок за време на невработеност или на спреченост за работа.

Мерките коишто ги презема една држава за намалување на невработеноста се различни и тоа:

- Отварање нови работни места, без да се затворат постојните,
- ослободување нови работни места, преку поинаква распределба на работното време (скратување на работното време од 45 на 35 часа неделно),
- професионално образование, образование за преквалификување,
- давање предност при вработување на загрозени категории лица.

**Социјално осигурување**

Социјалното осигурување постои со цел да се обезбеди економска сигурност на поединците во сите периоди од животот. Осигурувањето им е најпотребно на болните, инвалидизираните лица, родителите и пензионерите.

**Запомни**

Социјалното осигурување е со закон основана и утврдена материјална заштита со цел обезбедување на вработените и членовите на нивните семејства во случаи на болест, несреќа при работата, изнемоштеност, старост, смрт и невработеност, како и во други случаи утврдени со законот.



**Научи повеќе**

Првите облици на социјалното осигурување се среќаваат во Шведска и биле наречени „грижа за сиромашните". Се користеле за ублажување на последиците од масовната сиромаштијата и масовно умирање. Кон средината на 19 век, во периодот на индустријализацијата, народот го напуштал занаетчиското производство и масовно се вработувал во фабриките. Работата била тешка, станбените услови лоши, а работниците немале никаква заштита. Заболувањата, несреќите при работата се зголемиле, а заради честите

отсуства, работниците не добивале личен доход. Неопходни биле социјални реформи. Кон крајот на 19 век работниците почнале да основаат таканаречени „благајни за болни" кои ги користеле работниците кои се во неволја. Подоцна овие благајни ги полнела државата. Денес тие се полнат од такси и даноци кои задолжително ги плаќаат сите Швеѓани, а тоа им дава за право да ги користат овие средства кога им се најпотребни.

Кога се зборува за социјално осигурување се мисли на три осигурителни гранки: **здравствено, пензиско и инвалидско.** Секоја од овие гранки на социјалното осигурување обезбедува некоја заштита. Здравственото осигурување има за цел да им обезбеди здравствена заштита на сите оние со нарушена здравствена состојба или заради неспособност за работа. **Пензиското осигурување** има за цел обезбедување на социјалната сигурност на поединецот при настапување на старост или на членовите на неговото семејство во случај на негова смрт. **Инвалидското осигурување** има за цел осигурување во случај на смалување или губење на работната способност поради инвалидност, телесно оштетување или професионално заболување.

*Социјалното, здравственото, пензиското и инвалидското сигурување како и користењето на правата по основ на овие осигурувања се обезбедуваат со плаќање на придонесите од страна на работниците, од добивката на претпријатијата и работодавците, како и од страна на Буџетот на Република Македонија во соодветни фондови.*

Социјалното осигурување има три димензии: *социјално - хуманитарна, политичка и економска.* Социјално - хуманитарната се согледува во ослободувањето на човекот од стравот за материјална егзистенција, кој се јавува особено ако поединецот не е работноспособен. Политичката димензија се согледува во чувството на сигурност што им го влева на поединците самиот систем на социјално осигурување. На тој начин се избегнуваат голем број негативни импликации кои би можеле сериозно да ја нарушат политичката стабилност на една држава. Социјалното осигурување претставува дел од животниот и општествениот стандард во една земја. Преку него се обезбедуваат средства за опстанок на лица (и на нивните семејства), кои поради низа причини не се во можност истите да ги остваруваат. Во тоа се огледа економската димензија на социјалното осигурување.

**Истражувачка активност**

Проучи какви видови на здравствена заштита (услуги) може да користат луѓето преку здравственото осигурување. Провери дали здравственото осигурување им овозможува на луѓето (осигурениците) услуги од типот на естетски операции и под кои услови. Како се стекнува правото на здравственото и пензиско осигурување.

## ЕКОЛОГИЈА-ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА СРЕДИНА

Современите општества сè повеќе стануваат загадени општества. Од ден на ден се зголемува бројот на загадувачки материи кои се разнесуваат низ атмосферата, почвата, водата и ја уништуваат природната средина. Брзиот развој на индустријата, сообраќајот, моторните возила, масовната употреба на јагленот, нафтата, гасот сериозно го загрозуваат опстанокот на севкупниот жив свет на планетата Земја. Промените на глобалната



клима, зголемувањето на јаглендиоксид во атмосферата како резултат на индустриското производство, смалувањето на шумскиот заштитен појас на Земјата, планетарните ефекти од типот „стаклени бавчи“, смалувањето на озонската обвивка која го задржува ултравиолетовото зрачење, порастот на радиоактивното зрачење предизвикано од нуклеарните проби се доказ дека човештвото се наоѓа пред голема пресвртница. Тој треба да одлучи дали ќе продолжи по патот кој води до самоубиство или ќе го прилагоди својот живот на можностите на планетата Земја.

*Екологијата е наука која го проучува односот на живите суштества и животната средина, односно односот на живите суштества кон средината во која живеат.* Нејзина најпозната порака е „мисли глобално, а делувај локално“. Пораката јасно укажува дека не е доволно човекот да знае што сè претставува негова закана, туку тој треба да знае како да го оневозможи појавувањето на заканата.

Значи, основното еколошко прашање кое денес се поставува пред човештвото е: што да се направи за да се заштити животната средина од понатамошното загадување и уништување? Најнапред, неопходно е да се развие и подигне свеста за потребата од заштита на животната средина, односно да се создаде кај севкупното население една развиена еколошка свест дека за она што се случува во нашето опкружување, првенствено сме одговорни сите ние. За заштита на животната средина, во поголемиот број на земји во светот, постојат здруженија и организации, кои преземаат низа акции, најнапред за издигнување на еколошката свест, а потоа и за преземање мерки за заштита на животната средина.

За заштита на животната средина, во најголем број држави денес постојат и посебни министерства. И во Република Македонија постои Министерство за заштита на животната средина.

Поимот екологија доаѓа од грчките зборови „oikos“ што значи дом, живеалиште и „logos“ што значи наука. Втемелувач на екологијата се смета Чарлс Дарвин, кој во своето дело *Потекло на видовите* обработил голем број еколошки феномени. Зборот екологија прв го употребил Ернес Хекел во 1868 година и за него екологијата е: „изучување на взаемниот однос на живото битие со средината која го опкружува (како органската, така и неорганската), но пред сè пријателските и непријателските односи со животните и растенијата со кои тоа стапува во контакт“

**Истражувачка активност**

Глобалното затоплување е моментално најсериозен еколошки проблем, како и загадувањето на воздухот, водата, изумирањето на голем број животински видови, киселите дождови, и сл. Глобалното затоплување предизвика сериозни климатски промени, а тие во комбинација со загадениот воздух и вода се предизвикувачи на многу болести и причина за зголемена смртност на планетата Земја. И покрај тоа луѓето сè уште не преземале соодветна активност на глобално ниво, освен некои помали активности. Некои научници сметаат дека е веќе доцна да се преземаат какви било чекори на овој план, а други сметаат дека сè уште има надеж (барем да се запре понатамошното влошување на состојбата). Пронајди податоци кои говорат за досегашни преземени активности во насока на спречување на еколошка катастрофа, а потоа напиши есеј според следниве прашања:

1. Како ја доживуваш загаденоста на животната средина?

2. Кои мерки според тебе треба да се преземат за да се заштити животната средина од понатамошно уништување?

3. Кој треба да биде носител на активностите за заштита на животната средина на глобално ниво?




## Хуманитарно дејствување

Да бидеш хуман значи да си човечен, да имаш активен однос кон вредностите, особено кон луѓето кои од кои било причини не се во состојба да ги задоволат своите потреби. Хуманоста не создава зависнот меѓу луѓето, ами напротив, почитување на личноста, нејзините способности и потенцијали.

*Хуманитарно дејствување се нарекува секоја организирана акција за помош со цел ублажување на страдањата на луѓето како последица на вооружен конфликт или природна катастрофа (земјотрес, епидемија, суша, поплава, вулкан).*

Најповикана и најмасовна организација која се грижи за хуманоста и хуманитарното дејствување е Меѓународното движење на Црвениот крст. Негова задача е во време на вооружени судири и немири да делува како неутрален посредник меѓу завојуваните страни. Нуди заштита и помош на жртвите во меѓународните, граѓанските војни, внатрешни немири и организира болници на отворено и сл. Заштитниот знак на оваа хуманитарна организација е црвен крст на бело поле. Нејзината мисија е: да го спречи и ублажи човековото страдање каде и да е; да го заштити животот и здравјето; да обезбеди почит и достоинство на човекот, особено за време на вооружени конфликти, несреќи и катастрофи; да работи на превенција на болестите и унапредување на здравствената и социјална добросостојба на луѓето; да поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош како и универзално чувство на солидарност и хуманост.

- Седум принципи врз кои се заснива хуманитарното дејствување на Меѓународното движење на Црвениот крст:



- Хуманост- давање на помош на ранетите во вооружените судири без дискриминација, со цел заштита на животот, здравјето и почитување на достоинството на секоја личност,



- Непристрасност- ублажување на страдањата на лицата според нивните потреби независно на која класа или раса припаѓаат тие;



- Неутралност- зачување на довербата; движењето не штити ниедна од страните во конфликтот на верска, класна, расна или политичка основа;



- Независност - секое национално движењето на Црвениот крст самостојно ги планира и организира своите хуманитарните активности;



- Доброволност- хуманитарните активности се базираат на волонтерската работа, а не на постигање лична корист.



- Единство- во една меѓународно признаена држава може да постои само едно национално здружение на Црвениот крст кое е достапно на сите; хуманитарната акција треба да ја спроведува низ територијата на цела држава;



- Универзалност- Црвениот крст е светско движење; неговите националните организации имаат еднаква положба, соработуваат и имаат еднакви права.

**Научи повеќе**

**Лекари без граници** се меѓународна, хуманитарна невладина организација која дава медицинска помош на жртвите во вооружени судири, епидемии и природни или вештачки предизвикани катастрофи. Освен тоа, тие нудат помош на сите оние на кои им е оневозможена или тешко достапна медицинската помош од различни причини. Организацијата ја основале група француски лекари во 1971 година, со седиште во Женева. Секоја година околу 3000 лекари, сестри и друг медицински персонал заминуваат на различни задачи ширум светот. Делуваат во повеќе од 70 земји во светот (даваат примарна здравствена заштита, го вакцинираат населението, оспособуваат болници и амбуланти, спроведуваат разни санитарни програми, го обучуваат локалното население и сл.). Добиле Нобелова награда за мир.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Во кои услови најмногу доаѓа до израз хуманитарното дејствување?

2. Посочи примери на ангажираност на младите во хуманитарните дејствувања.

# НИЕ ВО ЕВРОПА И СВЕТОТ

## Современиот свет и неговата глобализација

Денес на нашата планета живеат над 6 милијарди луѓе, населени во над 200 признаени и независни држави, кои се разликуваат според големината на територијата и бројот на жителите. Од 6-те континенти во светот, најгусто е населена Европа, а најретко Австралија. За најголеми и најнаселени држави се сметаат Кина и Индија, а за најмали и по големина и по број на жители државите Барбадос, Андора, Монако, Сан Марино.

Но, земјите се разликуваат и според природното богатство и степенот на нивниот општествен развој. Тие разлики се резултат на климатските, вегетациските, географските чинители, на нееднаквите природни и енергетски потенцијали, но и на разликите во нивниот историски и социо-културен развој. Најдобар показател за развиеноста на земјата е нејзиниот општествен бруто производ (ОБП). Според него, најразвиени и најбогати земји во светот се Канада, Норвешка, Соединетите Американски Држави, Јапонија (нивниот општествен бруто производ по жител изнесува над 35 000 долари годишно), а најслабо развиените и најсиромашни земји би биле на пример, Сиера Леоне, Етиопија, Бурунди (со не повеќе од 500 $ годишен бруто производ по жител).

Дека светот навистина е многу разнообразен говори и фактот што во него се говорат околу 5000 различни јазици и многу повеќе дијалекти, стотици различни религии, нации и етнички групи, најразлични култури, верувања, традиции, типови на општествени заедници. Начинот на производство, стилот на животот, развиеноста на занимањата, обичаите насекаде се различни. Едно богатство и културна вредност во денешната цивилизација.

Од друга страна светот не е само разнообразен туку и поделен на развиени и богати земји и на неразвиени и сиромашни. Обично, најбогатите земји едновремено се и технолошки најразвиени. Нивното производство и индустрија се високо продуктивни, современите информатички и комуникациски средства се мошне застапени, а населението масовно се школува и здравствено се заштитува. Карактеристично е што во таквите земји невработеноста е релативно ниска. Повеќето жители живеат во градски населби. Овен за основните животни потреби – многу средства одделуваат за култура, забава, спорт, рекреација.

Во другата група замји – неразвиени и сиромашни, производството е главно примитивно и тоа најчесто земјоделско, а современата технологија и информатика се малку застапени. Во нив по правило постои висока неписменост, наталитет и смртност кај децата, но и релативен краток животен век. Често владеат болести и епидемии, а понекојпат и глад. Јазот и разликите меѓу богатите и сиромашните замји претставува еден од најголемите проблеми на човештвото и на денешнината. Иако маѓународната заедница презема многу мерки за да го забрза развојот на недоволно развиените и сиромашни земји, тие даваат малку резултати. Тоа нè засега сите нас и бара колективна поддршка, солидарност и помош на неразвиените земји.

Следната карактеристика на светот денес е што тој станува сè повеќе поврзан и испреплетен. Сè повеќе се зголемува соработката и врските меѓу земјите и народите. Овој процес го нарекуваме *глобализација на светот*. Земјите во светот тргуваат меѓу себе, а современата информатичка технологија им овозможува на луѓето многу повеќе од порано да комуницираат, да се запознаваат, да бидат меѓусебно информирани, заеднички да произведуваат, да трошат исти добра . Масовните медиуми се достапни да стотици милиони луѓе (телевизија, радиото, печатот, интернетот). Големите стопански

фирми какви што се на пример Кока-кола, Нестле, Форд, Мајкрософт, Мицубиши и други произведуваат или продаваат речиси насекаде во светот. Земјите и луѓето стануваат затоа и меѓузависни и упатени едни на други.

Од тие причини некои научници нашата планета ја нарекуваат „глобално село“ испреплетено со „информатички автопатишта“.

Но, колку повеќе светот се глобализира и станува меѓузависен, толку повеќе се зголемува и потребата од институции и организации кои ќе го насочуваат и усогласуваат неговиот развој кон постигање на заеднички цели и единствени цивилизациски вредности. Такви се голем број меѓудржавни, недржавни, стручни, хуманитарни и други организации и здруженија. Нивната задача е да го ускладуваат развојот на општествата и да ги спречуваат и разрешуваат недоразбирањата, но и вооружени конфликти кои настануваат заради големите економски и социјални разлики меѓу државите.

**Организацијата на обединетите нации (ООН)** е универзална светска организација што дејствува во насока на спречување на судирите меѓу државите врз база на почитување на човековите права и слободи. Создадена е во 1945 година во Сан Франциско. Нејзините главни органи се Генералното собрание што се состанува редовно секоја година, како и Советот за безбедност.

Организацијата располага со специјализирани агенции и организации што дејствуваат на во насока на поусkladен светски развој. Такви се на пример ФАО (организација за храна и земјоделие), УНЕСКО-(за образование наука и култура), УНИДО-за индустриски развој и многу други.

Обединетите нации исто така ја насочуваат и дејноста на Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд. Банката и фондот им даваат на земјите во развој позајмици под поволни услови и преку проекти се унапредува нивното стопанство. Но, многу е важно сите земји и сите луѓе во светот да учествуваат во создавањето на јавно мислење и заеднички акции насочени кон миротворни, хуманитарни и развојни цели.

Задача

Напиши есеј во кој ќе ја објасниш различноста и поделеноста на светот.





# Европа и нејзината интеграција

## Создавање на европската унија

Европа од секогаш била, внатрешно многу различна, поделена и противречна. Во неа постојат држави од најмали до најголеми, мошне развиени до крајно неразвиени. Се говорат стотици јазици кои главно ѝ припаѓаат на индоевропската јазична група. Меѓу религиите преовладува христијанската. Овие разлики предизвикувале низ севкупната европска историја многу војни, судири, напнатости. Познати се војните кои ги воделе античките грчки државички, завојувањата на македонската, римската, византиската, турската империја. Во средниот век се воделе долготрајни верски војни, во 19 век Наполеоновите, а во 20 век двете светски војни кои претежно се воделе на европска територија.

Но, во Европа одамна постоеле и мировни движења и идеи континентот да се обедини и да стане еден голем сојуз на држави, со единствен пазар, со отворени граници, со богата економска и културна размена и со единствена желба за почитување на човековите права и граѓански слободи. Меѓу првите идеи за мирно обединување на Европа е онаа на познатиот француски писател Виктор Иго уште во 1849 година. Тој е познат по своите пророчки зборови : „Ќе дојде ден кога сите нации на овој континент ќе се здружат со повисок степен на единство и ќе создадат европско Братство, без да ги загубат своите особености и својата славна индивидуалност. Ќе дојде ден кога умовите ќе ги бијат единствените битки - на отво-



рени пазари на идеи. Ќе дојде ден кога гласачките ливчиња ќе ги заменат куршумите и бомбите".

Последиците од Втората светска војна покажаа дека, националните држави не ќе можат да им овозможат економски успех на своите државјани ако се потпираат само на сопствениот интерес, а при тоа не се грижат за интересите на другите држави. Францускиот политичар Роберт Шуман тоа најдобро го објаснува кога вели: „Потребно е секој да биде проникнат од верувањето дека ние имаме потреба едни од други. Државите се неспособни да ги совладаат огромните проблеми што им се наметнуваат само со помош на сопствени сили".

Првата фаза од европската соработка започна пред 1948 година кога беше формирана ***Европската организација за економска соработка***. Нејзина задача беше да ја распредели американската помош наменета за европските земји разорени во војната. За да се држи под контрола развитокот на германската тешка индустрија, францускиот министер за надворешни работи Роберт Шуман предложи план за создавање на Европска заедница која ќе го контролира производство на јаглен и челик во Сојузна Република Германија и Франција. Бидејќи предлогот беше прифатен на 9-ти мај 1950 година, овој ден се смета за роденден на Европската унија и секоја година се прославува како „Ден на Европа". Овој предлог подоцна го поддржаа Италија, Белгија, Холандија и Луксембург.

Така во Париз 1951 година, шест земји: С. Р. Германија, Франција, Италија, Белгија, Холандија и Луксембург го потпишаа договорот со кој се основа *Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ).* Овие неколку земји одлучија заеднички да управуваат со јагленот и челикот на еден симболичен начин, а суровините на војната се претвораа во средство на помирување и постигнување мир.

Во 1973 година на Европската економска заедница ѝ се придружуваат и земјите Данска, Ирска, Обединето Кралство со што бројот на земјите членки се зголемува на 9. Во 1995 година на Европската унија ѝ пристапија уште три земји: Австрија, Финска и Шведска. Денес во неа членуваат 27 европски земји.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Австрија | Белгија | Кипар | Чешка Република | Данска_ |
| Естонија | Финска | Франција | Германија | Грција |
| Унгарија | Ирска | Италија | Летонија | Литванија |
| Луксембург | Малта | Полска | Португалија | Словачка |
| Словенија | Шпанија | Шведска | Холандија | Обединето Кралство |
| Бугарија | Романија | | | |

***Симболи на Европската унија***

Симболи на Европската унија се знамето и химната на Унијата. Знамето на Европската унија е составено од 12 жолтозлатни ѕвезди распоредени во круг, на сина позадина. Петте краци на ѕвездите го симболизираат единството на народите од Унијата, а изборот на бројот на ѕвездите (12) се должи на симболиката на бројот.

Овој број претставува симбол на совршенство и единство. Химната на Европската унија е тема од Деветтата симфонија „Одата на радоста", компонирана во 1823 година од композиторот Лудвиг ван Бетовен. Химната претставува израз на визијата на Бетовен за зближување на народите и расите во светот. Европската химна, европското знаме, европскиот модел на пасош, европскиот модел на возачки дозволи претставуваат симболи за поддршка на заедничкиот европски идентитет, односно, заедничкото чувство на припадност. Воведувањето на евробанкнотите и монетите, како и укинувањето на пасошките контроли во Шенген зоната, влијаат кај граѓаните да се формира чувство дека припаѓаат на една единствена географска област.

**Трите најзначајни институции на Европската унија** се: Советот на Европската унија, Европскиот парламент, Европската комисија. Овие институции ги застапуваат интересите на одделните земји членки, но и заедничките интереси на Унијата. Советот на Европската унија е водечка институција, одлучувачко тело кое ги претставува интересите на земјите членки. Европскиот парламент е избрано тело кое ги претставува граѓаните на Европската унија. Европската комисија е извршна власт на Европската унија

**Запомни**

Главна придобивка од создавањето на Европската унија е воспоставувањето на заеднички пазар. Стоките произведени во една земја на Унијата можат слободно да се продаваат во други земји во Европската унија, а при тоа да не се плаќа царина. Заедничкиот пазар на Европската унија овозможи и *слободно движење на капиталот*. Тоа значи дека некое претпријатие или поединец од една земја на Европската унија може да купи фабрика во друга земја или да изгради нова. Создавањето на заедничкиот европски пазар ја наметна потребата од воведување на *единствени пари - евра.*

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Како настанала идејата за создавање на Европската унија?

2. Објасни ги чекорите во создавањето на Европската унија?

3. Објасни како се остварува слободното движење на луѓе, стоки, услуги и капитал низ Европската унијата?



*Знамето на Европската Унија*

# Слободата, правдата и безбедноста во Европската унија



Благодарение на Европската унија, граѓаните на земјите-членки можат да патуваат, да живеат и работат низ цела Европа. Британски наставник има можност да предава англиски јазик во училиште во Рим, а млад дипломиран Француз може да се јави на конкурс за вработување во некоја државна институција во Белгија. Вакви можности добија европските граѓани откако Унијата воспостави систем за меѓусебно признавање на високото образование меѓу земјите членки. Тие се обврзаа да ги уедначат универзитетските студии и да го обезбедат потребниот квалитет на студиите. На овој начин секое лице-државјанин на некоја земја - членка на Унијата може да се вработи во здравството, образованието и во други јавни сектори секаде низ Унијата, само не во полиција, во вооружените сили и службите за надворешни работи.

Унијата години наназад обезбедува слобода и безбедност на движењето на своите граѓани со низа договори и акти. Во 1985 година таа презема чекор со кој им го олесни патувањето низ Унијата. Владите на Белгија, Франција, Германија, Луксембург и Холандија потпишаа спогодба во малиот град Шенген, со што ги укинаа контролите на граничните премини на своите граѓани, а со земјите кои не се членки на Унијата применија заедничка политика на издавање визи. На тој начин тие создадоа зона без внатрешни граници, позната како Шенген зона.

Од 2004 година, европските граѓани кои патуваат низ Унијата, од нивните национални власти добиваат и картичка за европско здравствено осигурување. Ова помага во покривањето на медицинските трошоци во случај на болест која болниот ја добил додека престојувал во друга земја.

Унијата поседува ефикасен систем за следење на мигрантите и спречување на илегалната миграција. Преку координирани активности успешно се справува и во борбата против организираниот криминал, трговијата со луѓе и разни форми на експлоатација, особено на жени и деца.

Земјите на Европската унија соработуваат во областа на полициското работење и правда со цел Европа да биде посигурна и побезбедна. Најголем напредок на овој план Унијата постигна со формирањето на Европолот. Тоа е тело на Унијата составено од полициски и царински службеници кои преку добро организирани активности успешно се справуваат со меѓународниот криминал. Со воведувањето на Европската потерница во јануари 2004 година Унијата им го олесни на националните истражни власти на земјите членки водењето на криминалните истраги и процедури на екстрадиција. Својата одбранбена моќ, Унијата ја организира во Северно-атлантскиот пакт, НАТО, во кој учествуваат и САД и Канада. Земјите од Унијата се учесници и во одбранбениот договор наречен Партнерство за мир, Пактот за стабилност и сл.

Но, покрај Европската Унија, постојат и други се-европски органи и организации во кои се зачленети речиси сите европски држави. Такви се *Советот на Европа* кој се грижи за развој на демократијата и човековите права и *Организацијата за безбедност и соработка* (ОБСЕ) која ги насочува напорите за мир и благосостојба на европскиот континент.

# Европски идентитет

„Ние не ги здружуваме државите, ние ги обединуваме граѓаните“

францускиот политичар Жан Моне,

Европската унија постои половина век и за овој период таа изгради темелни вредности врз кои го гради сопствениот идентитет. Мирот и мирното решавање на конфликтите се темелна европска вредност. Желбата за мир беше јак мотив за создавање на Унијата, но е основен услов за нејзиното постоење.

Во Унијата важат принципите на еднаквост и единство. Унијата не би можела да ги решава проблемите со кои се соочуваат граѓаните, ако не постои внатрешна поврзаност и безусловна еднаквост. Во Унијата сите се еднакви пред законот и никој не смее да се чувствува подреден, дискриминиран по кој било основ. Ова го докажува и мотото на кое се повикува Европската унија, а гласи „Обединети во различноста“.

Слободата на движење е привилегија на европските граѓани. Тие поседуваат европски модел на пасош и возачка дозвола кои им овозможуваат да живеат и патуваат низ целата Унија, да избираат работа по желба, да студираат според европските образовни програми. Така на пример, во периодот 2007-2013 година, три милиони студенти ќе имаат можности да студираат според европската програма „Еразмус“.

Солидарноста е основна вредност врз која Европската унија го гради својот идентитет. Земјите членки на Унијата покажуваат меѓусебна солидарност која доаѓа до израз особено во услови на временски непогоди, природни катастрофи и сл.

Мирот и мирното решавање на конфликтите се темелна европска вредност. Посебни придобивка на Унијата е почитувањето на основните права на граѓаните и владеење на правото. Во Унијата важат принципите на еднаквост и единство и затоа сите се еднакви пред законот. Никој не смее да се чувствува подреден, дискриминиран по кој било основ. Сите овие темелни вредности го сочинуваат европскиот идентитет. Преку него граѓаните на Европската унија се разликуваат од останатиот свет. Европската унија е единствен начин како да се зачува европското културно наследство.

## Проширување на Европската унија

Европската унија е отворена за секоја европска земја, доколку ги исполни критериумите за членство. Со проширувањето, Унијата не само што ја зголемува својата површина и население, туку настојува да ги надмине сите недоразбирања и конфликти. Проширувањето на Европската унија е од големо значење, како за земјите кои сакаат да станат дел од Унијата, така и за самата Унија. Успешното функционирање на Европската унија во текот на повеќе децении ја потврди идејата дека само „обединета Европа“ може да значи и „силна Европа“.

Со проширувањето на Унијата и влезот на нови земји-членки се зголемува зоната на мир, демократија, стабилност и просперитет, со што се зголемува и безбедноста на народите во Европа. Проширувањето на Европската унија значи и зголемување на економската моќ и отворање нови работни места во старите и новите земји-членки на Унијата. Со влезот во ЕУ граѓаните ја добиваат можноста непречено да патуваат, учат и работат насекаде низ Унијата, го подобруваат квалитетот на животот. Проширувањето на Европската унија со нови земји-членки значи и зголемување на културното богатство и разновидност, можност за размена на идеи и подобро разбирање меѓу народите.

**Провери го и употреби го своето знаење**

1. Кои се вредностите на Европската унија според кои се определува нејзиниот идентитет?
2. Кои се придобивките од проширувањето на Европската унија?

## Македонија како дел од европското семејство

Стекнувањето на статусот „земја-кандидат“ за членство во Унијата го потврди фактот дека Македонија претставува составен дел на Европа и тоа не само географски. Заедничкиот пат низ историјата со народите од Европа, како и големиот удел на Македонија во богатото културно наследство на Европа говорат за тоа дека местото на Македонија несомнено припаѓа во Европа.

Како многу други земји, така и Р. Македонија посакува да биде дел од Европската унија. Уште од своето осамостојување таа се определи за интеграција во евроатланските структури и институции. Патот кон тие интеграции, Р. Македонија ги започна уште во 1995 година кога се воспоставија дипломатски односи со двете евроатлански интеграции: Европската унија и НАТО. Во 2000 година Европскиот совет достави директиви за преговори со Р. Македонија во врска со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а во 2001 година во Луксембург беа завршени преговорите и беше потпишана оваа спогодба. Собранието на Р. Македонија ја ратификуваше оваа Спогодба, а подоцна ја ратификуваа и парламентите на сите членки на Унијата.

Процесите на интеграција на Р. Македонија во Европската унија бараат силен ангажман и обединување на сите нејзини расположливи ресурси и избегнување на партизиран пристап. Затоа, се наметна потребата од реорганизација на институциите на системот и силна поддршка од граѓаните на Македонија.

Прв поголем политички чекор кон евроинтеграциите се направи во 1997 година со основањето на *Комитетот за Евроатлански интеграции* кој имаше за цел да ја води политиката за зачленување на Македонија во Унијата. Ова тело е под директно водство на премиерот на Македонија, а го сочинуваат сите министри, гувернерот на Народната банка на Македонија и претседателот на МАНУ (Македонска академија на науки и уметности).

Подоцна се формираа и други тела во Владата и Собранието, задолжени за спроведување на политиката за интеграција на Македонија во ЕУ.

Со зачленувањето во Унијата, нашата земја ќе има свои претставници во сите нејзини институции. Тие ќе ги застапуваат интересите на Македонија, но и ќе се залагаат за понатамошен развој на Унијата.

За да се оствари тоа, нашата земја треба да направи голем број на реформи со кои ќе се приближи до стандардите на Европската унија. Македонија ќе треба да ги исполни сите обврски кои произлегуваат од Договорот за стабилизација и асоцијација во што е можно пократок рок, ако сака да се најде во Унијата.

Македонија мора да се развива во духот на европските вредности. Таа треба да воспостави траен мир и безбедност на својата територија, да ја зајакне демократијата, да овозможи услови на владеење на правото и правдата. Треба да вложи големи напори да го зголеми својот економски развој, да им обезбеди на граѓаните подобра социјална заштита која ќе има одржлив развој. Р. Македонија ќе мора да најде начини како да ги намали невработеноста и загадувањата на животната средина. Само така нашето сонце ќе стане ѕвезда од знамето на Европската унија.

Провери го и употртеби го

своето знаење

1. Што треба да направи Р. Македонија за да стане членка на Унијата?

2. Откако ќе стане членка на Унијата, кои се придобивките на Р. Македонија ?

3. Кој е твојот придонес за да може Македонија да пристапи во европското семејство?

## Македонија во Европа и светот

Нашата земја се наоѓа во средиштето на Европа, на Балканскиот полуостров кој отсекојпат бил важен, но не и развиен и мирен регион на Европа. И во европски и во светски размери, Македонија е мала и релативно неразвиена држава. Таа е држава која нема излез на море и нема богати природни, суровински и енергетски потенцијали. Но, во Европа и во светот, нашата земја е позната по својата мирољубива политика, по својата борба за слобода и по своето културно наследство, по добрите меѓуетнички односи и особено по творечките човечки потенцијал.




Познато е дека Македонија изобилува со културни и историски споменици кои сведочат за нејзиното славно минато. Исто така е познато е дека словенската писменост и образование од тука почнале да се шират во Европа, особено со дејствувањето на Св. Кирил и Св. Методија, потоа со Св. Климент и Св. Наум кои биле основачи на Охридскиот универзитет, еден од најстарите универзитети во Европа. Делата на македонските средновековни иконописци, фреско-сликари и резбари и денес се многу познати во светот, исто како и македонската архитектура, занаети и црковна уметност. Илинденското востание и ослободителните војни што ги воделе нашите предци се бездруго широко познати во Европа и светот. Затоа, Македонија ѝ припаѓа од одамна на европската култура и цивилизација.

Но заради многу историски причини, дури од создавањето на својата држава во 1944 год. и посебно од нејзиното целосно осамостојување како независна и суверена држава, во 1991 год. Македонија стапува активно на меѓународната сцена и политика.

Во 1993 год. Република Македонија беше примена во членството на Обединетите Нации и веднаш потоа во сите нејзини организации и агенции. Во 1995 год. таа е примена и за членка на Советот на Европа, на ОБСЕ и на Партнерството за мир. Нашата земја блиску соработува со Европска-





та Унија и со неа има склучено договор за соработка и трговија, а за кратко време треба да стане и придружна членка на Унијата. Се разбира долгорочна цел на Македонија е да стане и полноправна членка на Унијата, на НАТО и на сите европски интеграциски групации.

Во тој случај таа ќе го дава својот полн придонес на европското заедништво, ќе учествува во нејзината политика, претставништво, судство, извршна власт и одбрана. Но, за да се вклучи потполно во Унијата, нашата земја целосно треба да го прилагоди и изедначи својот внатрешен правен и демократски поредок со оној на Унијата, да ги обезбеди и заштитува сите темелни човекови права и граѓански слободи и да им гарантира висок спепен на ред и сигурност на своите граѓани. Уште поважно е таа многукратно да го зголеми своето производство, продуктивност, квалитет и конкурентност на своите добра, да го зголеми својот извоз, да ја смали невработеноста и сиромаштијата кај граѓаните, и да има граѓанска рамноправност, мир и соработка на граѓаните од сите националности, религии и слоеви.

Исто толку значајно е Македонија како европска земја и понатаму да ја води и остварува својата политика на мир и соработка со сите други земји, на добрососедски односи со земјите во регионот и на учество во сите меѓународни иницијативи, договори и активности што нè отвораат и нè поврзуваат со Европа и светот.

**Задача** 

Напиши есеј на тема - Македонија во Европа и светот. Водич низ есејот нека ти бидат следните прашања:

1. Каков би бил животот на македонските граѓани кога Македонија би била членка на Европската унија?
2. Кои би биле придобивките на младите од членството на Македонија во Унијата?



# Терминолошки речник

## А

**Асоцирање-** здружување, поврзување, приближување.

**Апархејт -** политика на расна сегрегација (издвојување) по раса и боја што ја спроведувало белото малцинство врз африканското население во Јужноафриканската Република.

**Авторитет** – углед, влијание што некоја личност, установа, начело, закон, мислење ги има врз некоја друга личност, а е стекнато врз основа на општоприфатени вредности.

**Активно население –** сите лица што вршат некое занимање, како и лица што m од одредени причини привремено не се во можност да го прават тоа.

**Акционер** – сопственик на акции на некое индустриско или трговско претпријатие во капитализмот.

**Акционерско друштво-** вид на капиталистичко претпријатие чијшто капитал е поделен на еднакви делови (акции) кои во вид на вредносни хартии ги купуваат капиталисти, поимашливи работници, државата или други кои стануваат сопственици на претпријатието, учествуваат во неговото управување и распредлба на профитот.

## Б

**Божество-** суштество со натприродни својства

**Брачна двојка** – маж и жена во брачна заедница

**Брак-** заедница на лица од различен пол заснована врз трајни и општо прифатени регулирани сексуални и други општествени односи и врски.

**Буџет -** преглед на приходи и расходи на еден субјект, поединец, институција, држава (денес финансиска институција со која се финансираат дејностите на државата)

**Бизнис** – работна активност или занимање што човекот го врши како своја задача или начин за заработување средства за живот.

## В

**Власт** – право на управување, поседување на политичка, правна и економска моќ во државата

**Влада** – сите органи во државата кои ја поседуваат власта, извршно-управен орган

**Војна-** акт на насилство преземен со цел спротивната страна да се принуди да исполни нечија волја.

## Г

**Граѓанство-** збир од припадници на една држава или лица што населуваат определена територја и се носители на определени права, слободи и должности во државата.

**Гласање** – изразување на волјата или мислењето, на избори, со давање на глас за одреден кандидат или за определување на членови на општествени групи, организации и сл. (со формална изјава или со некој знак.

**Гласач -** човек кој има право на глас, кој го остварува своето активно избирачко право со давање глас (“за” или “против”) некој кандидат.

**Групирање** – поврзување на луѓе, чијашто социјална интеракција не е  рганизирана и поради тоа не се формира група, но има слични карактеристики на групата.

**Групна сопственост** – облик на колективна сопственост над средствата за производство, каде што како сопственик се јавува некоја парцијална општествена група.

## Д

**Демократија-** власт на народот, еднаквост и право на секој граѓанин да учествува во одлучувањето за јавните и државните работи.

**Достоинство -** да се биде третиран со почит.

**Дискриминација-** нееднаков однос кон поединци или групи; одземање или лишување од дел од права и слободи (добра) што ги ужива мнозинството

**Диктатура-** облик на владеење на поединец или потесна група со неограничена власт којашто најчесто се стекнува во вонрдени општествени околности (државен удар, пуч) и сл.

**Демант -** изјава со која се негира вистинитоста за објавена вест.

**Девијантно однесување -** поведение коешто делува разорно врз општеството, кое отстапува од нормите установени од општествената заедница и кое повлекува општествена реакција.

**Демографија** – наука што се занимава со проучување на населението (структура, движење, природен прираст, наталитет, морталитет).

**Држава-** основен и најважен облик на политичко организирање на општеството.

## Е

**Економија-** правила на работење на одделно стопанство; вештини на управување со стопанството; вештина за стекнување на добра потребни за живот и корисни за домаќинството

**Етничка група** – група чиишто членови ги поврзува чувството на заедничка припадност изградено врз основа на живеењето на заедничка територија, единствен јазик, религија, традиција, обичаи, култура

**Етноцентризам** – Став проникнат со емоционалност и предрасуди, дека сопствената група, раса општество е супериорна по своите расни и културни особини во однос на другите.

# И

**Индустрија**- организирана и регулирана форма на сложени и многубројни односи во кои стапуваат луѓето вршејќи одредена општествена активност.

**Идеологија**- систем на сфаќања, претстави и поими со кои се изразува општо гледиште на некоја група за сето она што е околу неа разработено во религиозни, филозофски и научни системи.

**Имот** – збир на подвижни и неподвижни материјални добра и сите права и обврски што му припаѓаат на пединец или група, а можат да се изразат во пари.

# Ј

**Јавно мислење** – мислење, став на една одредена група или глобална општествена заедница кое се формира за некоја појава или прашање од интерес на општествените групи или општеството во целина.

**Јавност** – Група на граѓани кои релативно трајно учествуваат во општествениот и политичкиот живот на едно општество, а својот активен однос го изразуваат преку свите политички ставови.

# К

**Кариера** – успешно издигање, напредување на подрачјето на општествената, службената , научната и др. дејност.

**Коалиција** – воен и политички сојуз на држави, политички партии или потесни социјални групи за заедничка акција или за постигнување на една заедничка цел.

**Конвенција** - меѓународен договор со кој се регулира една целина на меѓународни односи.

**Конфликт** - судир, спор, расправија, вооружен судир.

# М

**Мас- медиуми** – средства за комуникации (весници, списанија, книги, радио, телевизија, Интернет)

# П

**Правно-политички поредок**/систем – начин на организирање на власта во државата (организации, институции, политичка култура) и сл.

**Премиер** – прв министер, претседател на владата

**Политички плурализам**- политички систем во кој постојат повеќе самостојни политички субјекти кои изразуваат различни интереси, програми, определби,

## С

**Собрание** (парламент) – постои во сите уставни демократии, највисоко претставнико тело, собрание највисок орган на власта што по правило се избира на општонародни избори.

**Суверенитет/сувереност** – државна независност, самостојност на државата сама да ги уредува внатрешните работи и односите со други држави

**Спогодба -** договор меѓу две или повеќе држави со кој се регулираат нивните меѓусебни политички, економски и културни односи.

## У

**Устав-** највисок правен акт на една држава, потекнува од латинскиот збор constitutio, кој означува важен, највисок закон.

**Уставна демокатија-** демократско општество во кое со устав се загарантирани слободите и правата на граѓаните,

## Х

**Хуман чин -** заштита на нечиј живот и достоинство или помаѓање некому кому обично не би му помогнале

**Хуманитарна акција -** организирана помош, која има за цел ублажување на страдањата на луѓето како последица на конфликт или природна катастрофа (земјотрес, епидемија, суша, поплава, вулкан).

**Хуманитарна организација-** организација која се занимава со решавање на хуманитарни проблеми;

## Користена литература


1. Група автори, Граѓанско образование за средни стручни училишта, Скопје:Биро за развој на образованието, 2002

2. Ѓуровска, д-р Милева, Социологија, Филозофски факултет, Скопје, 2006

3. Мирчев, д-р Димитар, Трајкова, Гордана, Социлогија за  втора година средно образование, Македонска искра, Скопје, 2003

4. Трајковски, д-р Ило, Глобализирањето, индивидуалноста и општеството, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје, 2006

5. Gollob, Rolf and Krapf, Peter, Prirucnik za obrazovanje za demokratiju i ljudska prava, Vjece Evrope, Stasbourg i Sarajevo, 2005

6.  Група автори, Истражување на меѓународното хуманитарно право, Биро за равој на образованието, Скопје, 2007

7. Граѓанско образование, прво издание, центар Отворено општество, 1995

8. We the people, project of the Centar for Civic Education, Calabasas, 1998

9. Донели, Џек Меѓународни човекови права, Книгоиздателство МИ-АН, Скопје, 2004

10. Петровски, д-р Добри, Демократија и граѓанско образование, Педагошки факултет, Битола 2003

11. Трајковски, д-р Ило, Политика на човековите права, Филозофски факултет, Скопје, 2005

12. Угриновски, Ксенофон, Социологија за стручно образование, Македонска искра, 2006

13. Група автори, Социолошки терминолошки речник, Институт за социологија, Филозофски факултет, Скопје, 1995